УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# СЛИКА ЗА СЕБЕ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ КАЈ СТУДЕНТИ ПО ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ И ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ

Магистерски труд

Ментор:

Проф. Д-р Благоја Јанаков

Изработил:

Виктор Петров

Скопје, септември 2014

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА

1. Вовед......................................................................................................................4

1.1. Проблем во истражувањето.........................................................................7

1.2. Теоретска позадина........................................................................................8

1.2.1. Сликата за себе во некои психолошки теории и концепции.......................8

1.2.2. Сложеност на сликата за себе...............................................................31

1.2.3. Општ однос кон себе. Себепочитување................................................36

1.2.3.1. Експлицитно и имплицитно себепочитување..........................41

1.2.3.2. Себепочитување и други психички појави. Придобивки од високо себепочитување...........................................................................43

1.2.4. Креативност и личност. Личносни особини кај креативни индивидуи............................................................................................49

1.2.4.1. Конзерватизам наспроти автономија.......................................55

1.2.5. Слика за себе кај ликовни уметници и научници.................................63

1.2.6. Вредности и вредносни ориентации.....................................................69

1.2.7. Релевантни емпириски истражувања....................................................79

1.2.8. Истражувачки хипотези.........................................................................100

2. Метод ...................................................................................................................103

2.1. Испитаници....................................................................................................103

2.2. Мерни инструменти.......................................................................................105

2.2.1. Постапка на кодирање на податоците добиени со техниката *Кој сум јас*.............................................................................................................111

2.3. Операционална дефиниција на варијаблите во истражувањето.................116

2.4. Постапка........................................................................................................119

3. Резултати. .............................................................................................................120

3.1. Квантитативни податоци.....120
3.1.1. Резултати за првата и втората хипотеза.....120
3.1.2. Резултати за третата, четвртата, петтата, шестата и седмата хипотеза.....126
3.1.3. Резултати за осмата хипотеза.....133
3.2. Резултати од квантификација на квалитативните податоци.....140
3.3. Квалитативна анализа.....149
4. Дискусија.....154
4.1. Скица на сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по природно-математички науки.....192
4.2. Скица на сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по ликовни уметности.....194
4.3. Ограничувања на истражувањето и препораки за идни истражувања.....197
5. Резиме.....199
Литература.....202
Додаток.....212

## 1. Вовед

Сликата за себе како психолошки феномен и предмет на проучување одамна го привлекува вниманието на психолозите. За оваа психичка појава, за "најсложената сложувалка" (W. James, според Robins et al, 2008, стр. 422) пишувале и пишуваат некои од најзвучните имиња во психологијата. Можеме да ја "најдеме" во некои од најраните психолошки текстови, во т.н. *Големи Теории за Личноста*, во најнови учебници и известувања од најнови истражувања. За сликата за себе многу се пишувало и сеуште се пишува. Таа е една од најистражуваните психички појави (Marsh, 1990; Vispoel, Fast, 2000). Според Робинс и сор. (2008), во анкета спроведена врз членови на АПА (Американска Асоцијација на Психолози), 43% од психолозите на личноста изјавиле дека се занимаваат со проучување на сликата за себе, а 35% од нив изјавиле дека се занимаваат со проучување на себепочитувањето. Истите автори, во извештај од едно друго "мини-истражување" наведуваат мошне интересни и впечатливи резултати. Со впишување на клучниот збор *слика за себе* во PsycINFO- пребарувач на официјалната страна на АПА, истиот излистал 265 161 написи кои во насловот го содржат овој збор како клучен поим. Дури и по ограничување на пребарувањето на последните 30 години и на едно единствено списание- *Journal of Personality and Social Psychology*, пребарувачот излистал 2 411 написи со поимот слика за себе во насловот, што е 33% од вкупниот број на објавени написи во ова списание во периодот од 1970 до 2007 година (Robins et al, 2008).

Во разни периоди, разни автори, со различна теоретска ориентација и убедувања, на различен начин ѝ приоѓале на оваа психичка појава. И покрај бројните определби и обемната литература, во психологијата не постои консензус околу тоа што точно се подразбира под поимот слика за себе: каква е природата на сликата за себе, од што се состои, која е нејзината содржина, каква е нејзината структура, стабилна ли е или се менува, според кои законитости тече нејзиниот развој, како се пројавува итн. Ситуацијата дополнително се компликува ако се има на ум дека постојат бројни термини кои (често недоволно оправдано) се користат како синоними на поимот слика за себе. Многу автори

се сложуваат: сликата за себе е еден од најмалку јасните концепти во психологијата, кој дава отпор кон секој обид за негово јасно и прецизно дефинирање. Зошто е така? Една причина се бројните дефиниции, дадени од автори со различни теоретски, па и методолошки убедувања. Понатаму, поимот *слика за себе* не се однесува на еден и конкретен психолошки ентитет, туку на мноштво од психички особини и процеси (Leary, 2004, според Robins et al, 2008). Станува збор за сложен личносен потсистем составен од многу личносни појави што се однесуваат на особата (Јанаков, 2011), што дополнително ја отежнува јасната определба. Често, кога разни автори зборуваат за слика за себе, на ум имаат различни нешта. Понатаму, иако клучните делови на сликата за себе се релативно стабилни низ текот на времето, одредени нејзини делови се менуваат зависно од промени во средината или промени во останатите делови од личноста. Ниту за најосновните делови на сликата за себе, дури ни за нејзиното јадро, не може да се каже дека се постојани и непроменливи (Baumeister, 1998). Друга причина е тоа што станува збор за еден од најдлабоките, најинтимни и најприватни делови на човековата личност, што ја прави сликата за себе тешко достапна за научниот метод: поради активирањето на разни отпори и одбрамбени механизми, субјективноста, давањето социјално пожелни одговори и слично. Покрај тоа, дополнителни компликации произлегуваат од фактот дека постојат бројни термини кои се блиски на сликата за себе и често се користат како синоними [1]. Такви се термините *себство, самосвест, его, Јас, Јас-концепт, идентитет,* па дури и *себепочитување.* Иако овие поими се однесуваат на блиски/слични психички појави, помеѓу нив постојат разлики. На пример, самосвест е поширок поим од поимот слика за себе (Пендароски, 2005). Се што е содржано во самосвеста не е содржано и во сликата за себе. Поимот идентитет пак, во неговото потесно значење, се однесува на свеста за непрекинатост на сопственото суштествување и сопствената еднаквост/истост во текот на времето и низ разни ситуации (Јанаков, 2011). Постојат и психички појави кои се поинакви од, но во директна поврзаност со сликата за себе. Такви се себепочитувањето и саморегулацијата. За себепочитувањето се вели дека е клучен дел на сликата за себе (Lee, Yeung, 2007).

---

[1] Во овој текст, во прегледот на психолошките теории и концепции, поимите *слика за себе* и *себство* се употребуваат наизменично, со нагласок на тоа дека сепак станува збор за блиски, но не и идентични поими

Луѓето се изразито насочени кон стекнување информации за себе: од читање на хороскопи, преку споредување со другите и барање туѓо мислење за себе, до купување на психолошки книги и решавање на разни квази-психолошки тестови. Кој сум јас? Каков сум? Каде припаѓам? Од каде доаѓам? Каде одам? Што правам, кои се моите цели? Што е мое? А што ми недостасува? Што можам, а што не можам? Што смеам, а што не смеам? Ова се прашања за кои може да се каже дека не постои човек кој не си ги поставил и на кои не се обидел да даде одговор. Одговорите понекогаш се едноставни, но често се неверојатно сложени; до нив не се доаѓа лесно или дури потполно отсуствуваат; понекогаш се спротивни еден на друг; често се лажни и искривени; понекогаш се непријатни, друг пат се извор на огромно задоволство и среќа. "Можеби наједноставен и најкраток одговор на прашањето што е слика за себе, е ако се каже дека претставува специфичен и комплексен сплет на одговори на претходно поставените прашања" (Такашманова-Соколовска, 1998, стр. 52).

* * *

Кога луѓето помислуваат на тоа што им е најважно во животот, тие всушност помислуваат на сопствените вредности. Секој човек поседува бројни и разни вредности, со различен степен на важност. Одредена вредност за некој може да биде од голема важност, а за друг да биде сосема ирелевантна и со мало лично значење (Schwartz, 2012). Вредностите претставуваат хиерархиски организиран систем на верувања за тоа дека некои исходи и начини на дејствување и живеење, се подобри од други. Ваквите претпочитања произлегуваат од индивидуалните потреби од една и општествените барања од друга страна и по број се релативно ограничени (Prentice, 2000). Вредностите претставуваат централни ориентири на поведението и влијаат врз мислите и доживувањата. Содржат мотивациска компонента, која го покренува и насочува поведението и пошироко, дејствувањето (Lukovič, Čizmič, 2012). Од нив зависат начинот и стилот на живеење (Petrovič, Zotovič, 2009).

Поимите *вредности, вредносни ориентации* и *животни стилови,* често се користат како синоними. Станува збор за поими кои се однесуваат на блиски, но не и

идентични појави. *Вредностите* претставуваат однос кон основните општествени идеи и норми или кон релативно општи и апстрактни објекти, а *вредносни ориентации*- општ начин на дејствување и однесување во различни ситуации (Lukoviћ, Čizmiћ, 2012). Според Кузмановиќ, евентуална разликата помеѓу вредносни ориентации и *животен* стил може да се направи доколку под вредносни ориентации се подразбираат општи цели, а под животен стил начин на остварување на тие цели (Kuzmanoviћ, 1995, според Petroviћ i Zotoviћ, 2009).

## 1.1. Проблем во истражувањето

Сликата за себе кај сите луѓе е составена од себепретстави, знаења и верувања за и во однос на себе, заедно со доживувањата и емоциите кои од нив произлегуваат. Вредностите, како вид на верувања, иако се директно поврзани со индивидуалните потреби, всушност имаат општествено потекло и по број се релативно ограничени. Меѓутоа, кај луѓето постојат значајни индивидуални разлики во однос на содржината на сликата за себе (какви знаења или верувања за себе има конкретна индивидуа; какви се нејзините доживувања во однос на себе) и нејзината структура, особено во однос на нагласеноста или ненагласеноста на некои нејзини аспекти. Слично, некои вредности за одредена индивидуа може да бидат од централно личносно значење и во значителна мера да го одредуваат нејзниното живеење, а истите тие да бидат сосема ирелевантни за некоја друга индивидуа. Овој труд е насочен кон опишување и споредување на сликата за себе и вредностите кај студенти по ликовни уметности и природно-математички науки, а истражувачкиот проблем гласи:

- *Дали постојат разлики помеѓу студентите по ликовни уметности и студентите по природно-математички науки во однос сликата за себе и вредносните ориентации?*

## 1.2. Теоретска позадина

### 1.2.1. Сликата за себе во некои психолошки теории и концепции

Во последните неколку декади, психолошките сфаќања за сликата за себе се менуваа (Campbell et al, 1996). Може да се заклучи дека промените воглавно се движат од сфаќања на сликата за себе како еднодимензионален, генерализиран и релативно стабилен психички ентитет (забележливо во најраните истражувања на сликата за себе), кон сфаќања според кои сликата за себе е мултидимензионална и динамична психичка појава, хиерархиски оранизирана и структирирана (Marsh, Yeung, 1998). Во исто време, некои од првите автори кои пишувале за сликата за себе, очигледно далеку пред времето во кое живееле, ја определиле сликата за себе на начин кој за повеќето современи автори е прифатлив.

Иван Михајлович Сеченов и Вилијам Џејмс се првите автори кои поопширно пишувале за себството, односно сликата за себе. Сеченов, основач на руската физиологија и претставник на детерминизмот во психологијата, "развојот на самосвеста го поистоветува со развојот на свеста воопшто, при што текот се движи од осетите кон претставите и потоа кон мислите" (Ананъев, 1980; Кон, 1984, според Такашманова-Соколовска, 1998). Сеченов бил далекувиден и со исклучително напредни сфаќања. Во своите текстови, зборувајќи за психичкиот развој, тој ја нагласува важноста на дискурсот, микро-социјалните фактори и активноста на единката. Сеченов е еден од првите автори кои зборуваат за *процесите на интернализација*, како клучен фактор во психичкиот развој, вклучително и во развојот на сликата за себе (Gecas, Schwalbe, 1983).

Во западната психологија, забележлив е тренд на навраќање кон и повторна елаборација на сфаќањата на Вилијам Џејмс за себството (O'Connor, 2006). Неретко, историските прегледи на теориските сфаќања за себството и сликата за себе (и воопшто теоретизирањата и истражувањата поврзани со сликата за себе), започнуваат токму со преглед на сфаќањата на Џејмс. Тој екстензивно пишувал за себството и ја дал првата психолошка концепција за себството. Според Џејмс, себството е составено од два дела,

два фундаментално различни аспекти, кои егзистираат истовремено и се дел на иста реалност. Првиот аспект е *"I"*-или *"Јас како сознавач/ Субјект на сознанието"* и има единствена егзекутивна функција. Активен е и твори, создава. Вториот аспект е *"Me"*-или *"Емпириско јас"*, односно она што е објект на сознанието, предмет на перцепција (Greenwald, Pratkanis, 1984). Според Епстејн (Epstein, 1973), Џејм смета дека *Јас како сознавач* нема голема психолошка вредност и како предмет на проучување спаѓа во рамките на философијата. Сепак, правилното сфаќање на сликата за себе мора да ги земе во предвид и двата аспекти, кои во реалноста тешко може да се одвојат еден од друг. *Емпириското јас* или она што денеска се нарекува *слика за себе*, се состои од се она што особата го смета за свое, а понатаму може да се подели на *материјално или физичко јас, социјално јас* и *духовно јас*. Материјалното јас, се однесува не само на телото, туку и на облеката и изгледот воопшто, понатаму на се она што особата го поседува. Социјалното јас се однесува на впечатокот кој особата го остава, првенствено врз значајните други. Според Џејмс, особата има онолку социјални слики за себе, колку што има луѓе или групи чие мислење го смета за релевантно. Духовното јас се однесува на психичките особини кои особата ги поседува (Greenwald, Pratkanis, 1984; Такашманова-Соколовска, 1998). Емпириското јас кај секој човек е составено од материјално, социјално и духовно јас. Меѓутоа, јасно е дека постојат индивидуални разлики помеѓу луѓето во однос на сликата за себе. Според Џејмс, таквите разлики произлегуваат од следниве четири аспекти на сликата за себе: *чувствата* поврзани со сликата за себе, *мотивите* на сликата за себе, *конфликтите* помеѓу споменатите делови на емпириското јас и како што вели Џејмс, *љубовта кон себе*. Со ваквата поделба, Џејм укажува на повеќеслојната или мултидимензионална природа на сликата за себе (Robinson, Sedikides, 2009). Повеќеслојноста или многуаспектноста е една од основните поставки во современите модели за сликата за себе. Токму поради ваквата далекувидност, за Џејмс може да се каже дека е втемелувач или основоположник на современите концепции за сликата за себе, кои истата ја разгледуваат како мултидимензионална психичка појава.

Во согласност со основните поставки на феноменолошкиот приод во психологијата, Роџерс (Rogers) на свесноста ѝ ја дава централната позиција во психата. Секој човек, тврди

Роџерс, се однесува во согласност со субјективните доживувања на себе и светот. Поинаку кажано, за особата од клучно значење е субјективната реалност, а објективната реалност (каква и да е), е од мало значење (Nye, 2000). Целокупното искуство на особата и во однос на светот и во однос на себе, Роџерс го нарекува *феноменолошко поле.* Го одредува како збир на сите доживувања кои во даден момент ѝ се достапни на свесноста (без разлика дали се свесни или несвесни). Клучен дел на феноменолошкото поле е себството, концепт кој во учењето на Роџерс ја има централната позиција. “Начинот на кој особата сѐ гледа себе си е најважниот фактор во предвидувањето на поведението, затоа што заедно со реалистичкото себедоживување оди и реалното доживување на светот” (Rogers, 1977, според Nye, 2000, стр. 104). Роџерс себството го определува како организиран, флуиден, но конзистентен гешталт, составен од перцепциите на карактеристиките и врските на *Јас* и *мене*, заедно со вредностите кои им се припишуваат (Hol, Lindzi, 1983; Schultz, Schultz, 2009). Тој тврди дека сликата за себе ги вклучува само оние особини за кои индивидуата е свесна и за кои верува дека има контрола над нив (Такашманова-Соколовска, 1998). Сите делови од сликата за себе во даден момент не се присутни во полето на свесноста, но по потреба можат да се освестуваат, со што стануваат и достапни за проучување (Boeree, 2006; Nye, 2000).

Според Роџер, *тенденцијата за актуализација* е основниот и во суштина единствен мотив. Тој прави поврзување помеѓу тенденцијата за актуализација и себството, воведувајќи го поимот за *самоактуализација*. Откако себството ќе се формира, дел од тенденцијата за актуализација се инвестира во одржувањето и унапредување на истото (Nye, 2000; Pescitelli, 1996). Наједноставно кажано, самоактуализацијата е израз на поврзаноста помеѓу општата тенденција за актуализација и себството, а се пројавува првенствено преку двете основни потреби на секоја особа: потребата за почитување и потребата за себепочитување. Иако во основата на овие две потреби стои поопшт, вроден мотив, тие се под големо влијание на социјалното искуство, првенствено на интеракцијата со значајните други (Rogers, 1961). Во однос на интеракцијата со значајните други, Роџерс особено ја истакнува улогата на *беусловното прифаќање*: прифаќање кое не зависи од постапките и поведението на индивидуата. Како спротивност на безусловното, Роџерс го

наведува условното прифаќање: за да биде почитувана, сакана и прифатена, особата треба да задоволи одредени услови- туѓи очекувања или извесни општествени норми и стандарди. Безусловното *себеприфаќање* е интернализирано безуловно прифаќање од страна на значајните други и е во конгруентност со базичните потреби на организмот (Schultz, Schultz, 2009).

Сè што до сега беше наведено, се однесува на *реалната слика за себе*, која се состои од перцепции и доживувања на особата во однос на сопствените особини или релации. Покрај потребата за одржување на сликата за себе, постои базична потреба за унапредување на сликата за себе, која стапува во интеракција со социјалните норми и стандарди. Според тоа, Роџерс освен за реалната, зборува и за *идеална слика за себе*, во која е пресликано се што индивидуата сака да постигне или биде и е одговор на прашањето *Кој или Каков сакам да бидам?* Од односот или дискрепанцата помеѓу реалната и идеалната слика за себе зависи себепочитувањето: колку е расчекорот поголем, толку е себепочитувањето пониско и обратно. Меѓутоа, нагласува Роџерс, извесен степен на несогласност е не само пожелен, туку и неопходен: на тој начин се поттикнува развојот и унапредувањето на сликата за себе и организмот воопшто (Nye, 2000).

Позитивното себедоживување е во директна поврзаност со оценките кои индивидуата ги добива од другите (Такашманова-Соколовска, 1998). Поинаку кажано, директно произлегува од безусловното прифаќање кое особата го доживува. Но, доколку индивидуата доживува почитување кое е условено, сликата за себе се заснова врз разни барања и стандарди, наместо врз вреднувањето на организмот. Во таков случај, а во согласност со базичната потреба за себепочитување, доживувањата се перцепираат селективно и согласно поставените услови (Pescitelli, 1996). Нагласената дискрепанца помеѓу организмот и окружувањето, помеѓу реалната и иделната слика за себе, односно помеѓу субјективната и објективната реалност, има бројни негативни последици. Такви се разни отпори и искривени доживувања (вклучително себедоживувања), зголемена

анксиозност, а во крајна линија и катасрофична дезорганизација на личноста во целина (Nye, 2000).

Олпорт (Allport), со намера да започне од почеток и да ја заобиколи терминолошката какафонија присутна во областа на себството и сликата за себе, создал нов термин, *"проприум"* (со значење- *особено, изразито лично*) и внимателно пристапил кон негово дефинирање. Поимот *проприум* се однесува на сите области од нашиот живот кои ги сметаме за изразено и единствено наши (Greenwald, Pratkins, 1984; Boeree, 2006). Според Олпорт и покрај тоа што понекогаш самиот авторот чувствува, односно е убеден дека знае што точно претставува себството (поаѓајќи од сопствените доживувања), тоа сепак се покажува како концепт отпорен кон негово јасно дефинирање. Затоа Олпорт, наместо поимите себство или слика за себе, го воведува поимот проприум. Проприумот не е нешто вродено, туку се формира во социјален контекст. Гледано феноменолошки, односно *проприумот како што е доживеан*, тој се состои од оние аспекти на индивидуата кои таа ги доживува како блиски, есенцијални, за кои смета дека се од централно значење и кои водат кон чувство на внатрешно единство (Schultz, Schultz, 2009). Олпорт го истакнува значењето и влијанието кое проприумот го има во живеењето и функционирањето на индивидуите и пишува дека истражувањата во психологијата се често тривијални поради тоа што субјектите не се доволно его-инволвирани. Его-инволвираноста или нејзиното отсуство, води кон круцијални разлики во поведението на луѓето. Кога кај субјектите постои его-инволвираност, тие се посветени на задачата, а однесувањето е лично (како спротивност на безлично, автоматско и површно). Со други зборови, его-инволвираноста е состојба на целоста партиципација на проприумот и сите негови нивоа (Greenwald, Pratkins, 1984). Покрај феноменолошката определба на проприумот, Олпорт дава и функционална определба, која во исто време може да се разгледува и како развојна теорија за сликата за себе. Проприумот ги има следниве осум особини/атрибути: (1) свесност за телесното јас; (2) чувство на континуитет низ времето или идентитет; (3) зголемување на егото или потреба засебепочитување; (4) екстензија на егото или идентификација на себе зад границите на телото; (5) рационални процеси или усогласување на внатрешните потреби со надворешниот свет; (6) слика за себе или

перцепцијата и евалуацијата која особата ја има за себе како објект на познанието; (7) јас како сознавач или извршел и (8) "соодветно стремење" или поголема мотивираност за зголемување на тензијата, отколку за нејзино намалување, како и ширење на свесноста и барање предизвици (Hol,Lindzi, 1983; Такашманова-Соколовска, 1998; Boeree, 2006).

Проприумот се состои од повеќе аспекти, но "со групирање на сродните својства може да се дојде до три најбитни. Тоа се: воспоставување реална слика за себе, екстензија на егото во социјалната средина, односно успешно воспоставување односи со другите и предвидување на идните цели" (Hrnjica, 1982, според Такашманова-Соколовска, стр. 63).

Двајца истакнати претставници на симболичкиот интеракционизам кои меѓу првите пишувале за сликата за себе се Чарлс Кули (Charles Cooley) и Џорџ Мид (George Mead). Тие го нагласуваат социјалното потекло на сликата за себе: сликата за себе се јавува во контекст на социјалните релации и интеракции. Притоа, од првенствено значење се симболичките интеракции. Денеска, во психологија постои консензус и авторите се согласни- сликата за себе е социјално детерминирана (Schwanzer, 2002). Кули сликата за себе ја дефинира како она што во секојдневниот живот се означува со заменките од прво лице еднина, како што се Јас, мене, себе, мое и сл. Нејзината природа е рефлексивна и го отсликува мислењето кое другите го имаат за нас (Wilson, Dunn, 2004). Кули го формулира концептот за *"социјално огледало"*, според кој, човекот не може да се спознае себе си, без взаемен реалистичен однос со другите. Другите се социјално огледало во кој особата се огледува. Начинот на кој одредена особа гледа на себе, во голема мера зависи од тоа како другите ја гледаат и доживуваат (Schwanzer, 2002). Меѓутоа, Кули нагласува дека сликата за себе во тој смисол, се заснова врз три клучни елементи: замислата за тоа како им изгледаме на другите, замислата за нивниот однос кон тоа како им изгледаме и на крај, емоциите кои се јавуваат како резултат на претходните два елементи (Wilson, Dunn, 2004).

Гекас и Швалбе (Gecas, Schwalbe, 1983) тврдат дека концептот за социјално огледало на Кули отсликува само дел од реалноста. Според нив, сликата за себе не се

заснова единствено врз оценките или замислите за оценките кои особата ги добива од другите. Значаен дел од сликата за себе се заснова врз себеоценките, кои пак произлегуваат од дејствата кои особата ги изведува. На тој начин, тврдат овие автори, на човекот му се припишува активна улога во формирањето на сопствената слика за себе, како спротивност на пасивноста која концептот за социјално огледало ја имплицира. Сликата за себе има мотивациски аспект, а негов клучен дел е универзалната потреба кај луѓето да се доживуваат како активни чинители во окружувањето. Постои социјална средина и постои активно јас. Сликата за себе е всушност резултат на интеракција помеѓу нив. Особата активно одбира кои од информациите, добиени од другите или од сопственото дејствување, ќе ги вклучи во сликата за себе. Гекас и Швалбе, и покрај нагласувањето на спомената интеракција, сметаат дека сепак клучна е проценката на резултатите од сопственото дејствување. Најбитни за особата се, сметаат тие, чувството на контрола, дејственост и самоефикасност.

Неоспорно дека сликата за себе се заснова врз оценките кои ги добиваме од другите, меѓутоа поновите истражувања покажале дека луѓето не се многу успешни во предвидување на она што другите го мислат за нив, како и во вклопување на добиените информации во сликата за себе (Wilson, Dunn, 2004). Ваквата “неуспешност” се должи делумно на содржината на добиените информации, а делумно на мотивите на сликата за себе, како што е мотивот за одржување на сликата за себе, на пример. Селективното одбирање себе-релевантни информации кои ќе бидат или нема да бидат инкорпорирани во сликата за себе, се должи на субјективноста на луѓето, но не само на тоа. Според Вилсон и Дан, кога станува збор за психички особини, кои се значаен дел на сликата за себе, понекогаш игнорирањето на информацијата добиена од другите, а во врска одредена особина, се должи на недостапноста, незабележливоста на таа психичка особина за самата особа. На пример, другите можеби сметаат дека одредена особа е харизматична (особина која подразбира присуство на и релација со други), затоа што имаат такво искуство со таа особа. Меѓутоа, истата таа особа може да одбие да ја вклучи таквата особина во сопствената слика за себе, просто затоа што и е тешко, не успева да се види низ очите на другите како таква.

Мид, проширувајќи го концептот на Кули за огледална слика за себе, тврди дека сликата за себе се јавува првенствено како резултат на социјалното учење и процесите на интернализација. Интернализирајќи ги оценките кои ги добива од страна на другите, особата постепено развива внатрешен извор на контрола на поведението- “генерализирани други”. Надворешното станува внатрешно, првенствено во контекст на социјалните релации (Giddens, 1991). Природата на сликата за себе е рефлексивна, меѓутоа сликата за себе не е пасивна рефлексија на генерализираните други. Особата активно реагира и одлучува како ќе се постави кон односот кој другите го имаат кон неа. Односот на другите сам по себе не е детерминирачки. Според тоа, може да се каже дека постојат две фази или два процеса поврзани со сликата за себе: првиот се однесува на симболизирање на односот кој генерализираните други го имаат кон особата, додека вториот се однесува на активниот одговор на особата на тој однос (Gecas, Schwalbe, 1983).

Формирањето и развојот на сликата за себе се засноваат на социјалните интеракции на особата и според тоа се во зависност од социјалните норми и барања. Дури, смета Мид, на емпириското јас, односно сликата за себе како објект на познанието, може да се гледа како на споделен, универзален социјален идентитет претставен преку генерализираните други. Пресликувањето на генерализираните други во сликата за себе на особата не е пасивно: личноста на особата се јавува како активен посредувач во процесот (Cronk, 2008). За формирање и развој на сликата за себе, клучни се социјалните улоги на кои е посветена особата. Според Мид, индивидуата има онолку слики за себе колку што има социјални улоги. Некои од улогите се релативно широки и од големо значење за индивидуата, додека други се специфични за одредени ситуации и од мало значење како личносни варијабли (Такашманова-Соколовска, 1998).

Тис и Валас (Tice, Wallac, 2003, според Cronk, 2008), извеле серија истражувања со цел тестирање на основните поставки на симболичкиот интеракционизам. Според овие автори и покрај неоспорната теоретска вредност на концептот за рефлективна слика за себе, Мид и Кули истиот го формулирале премногу едноставно. Согласно резултати од

некои истражувања, Тис и Валас понудиле дополнувања на концептот за “огледална слика за себе”:

- Верувањата кои луѓето ги имаат за себе, влијаат врз нивната перцепција за тоа како другите ги гледаат и доживуваат;
- Начинот на кој луѓето се претставуваат во јавност е наменет за другите, но влијание и врз себедоживувањето;
- Ефектот на *социјално огледало*, како што е опишан во симболичкиот интеракционизам, се случува првенствено во рамките на интимните релации со значајните други;

За сликата за себе пишувале и други претставници на социјално-когнитивните учења. Заедничко за сите нив е тоа што покрај нагласување на влијанието на социјалните интеракции и воопшто на општественото функционирање, на сликата за себе гледаат првенствено како на когнитивна структура. Хети (Hattie, 1992), смета дека сликата за себе се состои од когнитивни проценки, претпоставки и знаења за себе. Сликата за себе е поширок поим од себезнаењето, затоа што сликата за себе, покрај знаењата за себе, ги содржи и проценките, вреднувањата и со нив поврзаните емоции. Според овој автор, општата слика за себе се состои од: академска слика за себе (се однесува на способности, знаења, постигнувања), социјална слика за себе (се однесува на врсничките и семејните односи) и општ однос кон себе (се однесува на себепочитувањето, самодовербата и емоционалните доживувања).

Еден од најпознатите претставници на социјално - когнитивниот приод во психологијата е Алберт Бандура. За Бандура се вели дека е когнитивист, но тој не е преставник на главната струја на когнитивната психологијата. Дел од неговата социјално - когнитивната концепција се однесува на себството. Себството има истакната улога во регулирање на дејствувањето и фунционирањето, поопшто - во живеењето на особата. Бандура не ги прифаќа познатите сфаќања за себството на Роџерс, Олпорт и други научници. Според него, “постои едно себство, но тоа е составено од многу себекарактеризации и себепроценки, кои немаат висок степен на согласност” (Јанаков,

2003, стр. 321). Клучен дел на себството, но и најбитен дел на личноста и основа на дејствувањето, е *верувањето во личната ефикасност*. Личната ефикасност се однесува на "убеденоста во сопствените способности за организирање и извршување акции кои би довеле до постигнување на поставените цели" (Zimmerman, 2000, стр. 83). Постои концептуална дистинкција помеѓу себството и верувањето во личната ефикасност. На пример, можно е одредена особа да има нагласено верување во личната ефикасност во однос на конкретна област (на пример, нагласени вербални способности), но таквото верување да не биде клучен дел на сликата за себе и обратно. Понатаму, за разлика од релативната постојаност на верувањата и воопшто личносните особини кои се составен дел на сликата за себе, верувањата поврзани со личната ефикасност се директно зависни од контекстот и исходот од дејствувањето на особата (Zimmerman, 2000).

Бандура зборува и за себерегулација, исто така истакнат поим во неговата социјално - когнитивна теорија. Себерегулацијата или контрола на сопственото поведение, Бандура го опишува преку следниве три чекори: 1. Себенабљудување: луѓето се набљудуваат себе си и сопственото поведение; 2. Проценка: тоа што ќе го забележат, го проценуваат, споредувајќи го со одредени стандарди; 3. Одговор или реакција: доколку проценетото поведението е во согласност со стандардите, реакциите се позитивни, односно следува некаков облик на себенаградување и обратно. Бандура смета дека себерегулацијата води кон подобро разбирање на сликата за себе, особено на себепочитувањето. Доколку, гледано долгорочно, одредена особа проценува дека ги достигнува сопствените стандарди, што води кон себенаградување, таквата особа ќе има позитивна слика за себе, односно високо себепочитување и обратно (Boeree, 2006).

Верувањето во личната ефикасност и семорегулацијата се дел од бројни истражувања. Резултатите покажале далеку позначајна и поконзистентна поврзаност помеѓу верувањето во личната ефикасност и академскиот успех, отколку помеѓу академскиот успех и себепочитувањето или сликата за себе во целина (Zimmerman, 2000).

За Рој Баумајстер (Roy Baumeister) може да се каже дека е делумно когнитивист, но многу поблизок е на социјалните учења. Баумајстер е еден од тековно најпознатите

социјал - когнитивисти во САД (и пошироко), мошне е продуктивен и особено познат по неговите текстови за себството и сликата за себе, идентитетот и саморегулацијата. Тој прави дистинкција помеѓу "Јас" или себство, слика за себе и идентитет. Себството е поширок поим од сликата за себе и идентитетот и Баумајстер го одредува релативно едноставно: себството се однесува на се она на што особата мисли кога во секојдневниот живот вели "Јас" (Baumeister, 1999, според Пендароски, 2005). Сликата за себе Баумајстер ја определува како: "идеите кои особата ги има за себе, односно знаењата и верувањата кои особата ги има за себе, вклучително личносни особини, како и одговорите на прашањето *Кој/а сум јас*" (Baumeister, 2011, стр. 247). Сликата за себе содржи бројни компоненти кои не се дел на идентитетот (некои личносни особини, како што е цртата зборливост, на пример). Идентитетот Баумајстер го определува како знаење, свесност за себе си и сопствената истост низ текот на времето, но и свесност за сопствената различност, поинаквост од другите луѓе.

Според Баумајстер, луѓето се мошне насочени кон стекнување информации за себе. Во основа на трагањето по и ширење на себезнаењето се наоѓаат следниве три мотиви: 1) потреба за стекнување точни информации за себе или себеиспитување, себеистражување; 2) потреба за потврдување на постоечките знаења и верувања за себе или себепотврдување; и 3) потреба за стекнување позитивни информации за себе, односно унапредување на сликата за себе. Првиот од наведените мотиви би требало да биде најсилен, затоа што стекнувањето точни информации за себе има најголема практична вредност. Следен по важност би требало да биде мотивот за себепотврдување, поради важноста на одржувањето стабилна слика за себе и светот. Последен по значење би бил мотивот за унапредување на сликата за себе, поради тоа што позитивните емоционални состојби или пак нереалното себедоживување се од помала практична вредност. Сепак, некои истражувања покажале дека во реалноста овие три мотиви се поставени по обратен редослед: најсилен е мотивот за унапредување на сликата за себе, а најслаб мотивот за стекнување точни информации за себе (Baumeister, 2011). Врз себезнаењето и сликата за себе влијаат три вида на искривувања: 1) луѓето често ги преценуваат своите добри особини и квалитети, односно се доживуваат како попаметни,

поатрактивни, поуспешни или повеќе социјално допадливи од што навистина сè; 2) луѓето често го преценуваат степенот на контрола кој го имаат врз своите животи: на пример, веруваат дека доколку посакаат нешто, тоа можат да го постигнат; своите успеси воглавно ги припишуваат на своите способности и особини и сл.; 3) луѓето се нереално оптимистички насочени: незасновано веруваат дека наскоро ќе им се случи нешто добро, ќе добијат унапредување на работа, ќе бидат здрави, нивните деца ќе бидат надарени и сл., а во исто време ја потценуваат можноста да им се случат и негативни нешта. Накратко, просечниот човек се доживува како натпросечен (Baumeister, 2011). И покрај тоа што овие пристрасности не се во согласност со вистината, вели Баумајстер, изгледа дека им овозможуваат на луѓето да се чувствуваат добро, да веруваат во себе, да превземаат амбициозни животни задачи и полесно да се оправуваат од евентуални несакани настани. Всушност, некои истражувања покажале дека кај луѓето кај кои овие пристрасности се нагласени, се посреќни и позадоволни од животот и од себе.

Баумајстер зборува уште и за *спонтана слика за себе* или *феноменолошка слика за себе*. Тоа е оној дел од сликата за себе кој во даден момент е присутен во свеста и кој, за разлика од подлабоките аспекти/компоненти на сликата за себе кои се релативно стабилни, е променлив и помалку стабилен. Тој не ја прифаќа претпоставката дека секоја индивидуа има една, интегрирана, глобална слика за себе. Напротив, луѓето имаат бројни идеи и верувања за себе, како на пример: интелигентен, мрзлив, зборлив, независен, чувствителен. Знаењето или верувањето за одредена особина Баумајстер ја нарекува “себе-шема”. Сликата за себе е всушност збир на “себе-шеми”. Една придобивка од ваквиот приод е што води кон полесно разбирање на тоа како одредени делови од сликата за себе се менуваат, а други остануваат постојани, согласно значењето кое го имаат за особата. А особините кои се од најголемо значење за една особа, може да бидат сосема ирелевантни за друга (Baumeister, 2011).

Сликата за себе и себството во разни приоди се определуваат на разни начини: збир на знаења и верувања за себе; се она што во секојдневниот живот се означува со заменките јас, мене, мое и слично; како јадро на личноста; целовитост на

себеперцепциите и сопствените особини, заедно со вредностите кои им се припишуваат, итн. Две нетипични сфаќања за себството и сликата за себе се теоријата на Епстејн (Epstein) и концепцијата на Мекадамс (McAdams), во кои себството и сликата за себе се определени како *теорија за себе*, односно *наративен идентитет/наративно себство*. Епстејн (Epstein, 1973), правејќи преглед на бројни теории и истражувања за себството и сликата за себе, ги резимира поставките кои се заеднички за повеќето сфаќања и теории и го извлекува следново прашање: што е тоа што се нарекува слика за себе, а е хиерархиски организирано и внатрешно кознистентно; што сознава, а истовремено е објект на познанието; што е тоа што е динамично, а во исто време, одржува релативно висок степен на стабилност; што е во исто време и интегрирано и диференцирано? Според Епстејн, одговорот е евидентен- *сликата за себе* е всушност *теорија за себе*. Целокупното искуство на одредена особа е организирано во знаење за светот/светоглед и слика за себе. И светогледот и сликата за себе, особата ги гради преку поставување на хипотези и тестирање на вистинитоста на истите. Според тоа, сликата за себе, како збир на хипотези - тестирани или сеуште непроверени, всушност претставува теорија за себе. Основни функции на теоријата за себе, тврди Епстејн, се ефективно огранизирање на информациите стекнати со искуството (вклучително и на информациите за себе) и одржување на себепочитувањето.

Теоријата за себе, слично на теориите во науката, потребно е да поседува одредени одлики за да може да се определи како "добра теорија":

-екстензивност: колку пообемна и подиференцирана е теоријата, толку се зголемуваат шансите да станува збор за добра теорија;

- хиерархиска организираност: потребно е теоријата да поседува општи, интегративни хипотези, но и поконкретни, субпостулати;

- емпириска валидност: теориските постулати потребно е да нудат можност за нивна емпириска евалуација;

- тестабилност: кај добрата теорија, со зголемување на податоците/искуството, се зголемува нејзината валидност.

-практична применливост: добрата теорија е потребно да има одредена прагматична вредност, употребливост;

- интерна конзистентност: потребно е да постои релативно висок степен на внатрешна согласност помеѓу постулатите, за да претпоставиме дека станува збор за добра теорија.

Според Епстејн (1973), луѓето понекогаш не се свесни дури ни за клучните постулати на сопствените теории за себе. Еден начин тие да се откријат е преку емоциите. Епстејн смета дека емоциите се исклучително битен дел на сликата за себе и се во директна поврзаност со составките на сликата за себе, односно теоријата за себе. Според тоа, колку е посилна емоцијата (позитивна или негативна), толку важноста, нагласеноста на постулатот од теоријата за себе, на кој емоцијата се однесува, е поголема. Согласно последново, Епстејн тврди дека преку анализа на емоциите кои луѓето ги пројавуваат во секојдневното живеење, може да се откријат клучните составки на сликата за себе.Тој смета дека сликата за себе е сложен личносен систем кој во исто време е и диференциран и интегриран. Сликата за себе може да се подели на повеќе емпириски слики за себе и тоа: телесна, психолошка и морална слика за себе. Сите тие се во исто време и под влијание на глобалната слика за себе и самите влијаат на неа. Во тој поглед, треба да се биде особено внимателен кога се разгледува себепочитувањето, определно како глобална себеоценка. На пример, високото себепочитување може да биде резултат на висока себеоценка во однос на телесната и моралната слика за себе, а релативно ниска во однос на психичката, но може да произлегува и од екстремно висока себеоценка во однос на психичката слика за себе, а ниски во однос на телесната и моралната.

Епстејн (1973) прави преглед на најпознатите и највлијателните дотогаш сфаќања за сликата за себе и ги извлекува следниве нејзнини особини:

- Сликата за себе е постсистем на личноста, кој поседува внатрешна конзистентност и е хиерархиски организиран;
- Се состои од повеќе аспекти или емпириски себства/слики за себе, како што се телесно, духовно и социјално себство;
- Сликата за себе е динамичка организација, која се менува како резултат на искуството, односно како резултат на асимилирањето на новите информации кои особата ги стекнува. Поинаку кажано, сликата за себе има развоен аспект;
- Сликата за себе повеќе е интегративна, отколку интегрирана психичка појава;
- Клучен фактор во развојот на сликата за себе е искуството, поконкретно, социјалните интеракции со другите и особено интеракциите со значајните други;
- Сликата за себе има важна улога во целокупното функционирање на личноста. Кога сликата за себе е загрозена, особата чувствува анксиозност и се вклучуваат разни одбрамбени механизми. Доколку одбраната е неуспешна, следува потполна дезорганизација на личнста;
- Потребата за себепочитување е една од основните потреби, според некои автори најважната потреба. Потребата за себепочитување е во директна поврзаност со вреднувањето на компонентите на сликата за себе;
- Сликата за себе има најмалу две основни функции. Прво, ги организира информациите стекнати со искуството, особено тие добиени низ социјалните релации. Второ, сликата за себе посредува во, односно го олеснува задоволувањето на бројни потреби.

Такашманова-Соколовска (1998) ја проширува листата на Епстејн, додавајќи ги следниве суштински обележја на сликата за себе:

- Сликата за себе е субјективна појава, дел на феноменолошкото поле на личноста;
- Се формира под влијание на социјалното искуство на индивидуата и тоа по пат на експлицитно или имплицитно учење;

- Средината влијае врз создавањето на сликата за себе, но личноста е оној агенс кој активно влије врз процесот на нејзиното создавање; важни одредници на развојниот процес на сликата за себе се личната историја на поединецот, когнитивните процеси и емоционалните доживувања и вреднувања на животните настани и пораките од средината;
- Согласно погоре наведеното, следува дека сликата за себе има два аспекта: *описно-репрезентативен аспект* (односно, сликата за себе ја сочинуваат претстави за одделни области и аспекти на сопственото тело и телесното, изгледот, социјалните интеракции, активностите, личниот психички живот; и *афективен* или *емоционално - вредносен аспект* (позитивните и негативните чувства кон себе си и во врска со тоа себеоценката, себепочитувањето, себеприфаќањето и слично).

Мекадамс е познат по својата *концепција за личните наративи и животна приказна*, теоретски модел кој е релативно нов, тековно актуелен и кој се доградува. Првичната верзија на овој концепт, *модел за идентитетот како животна приказна*, Мекадамс ја формулира во 1985 година, но во доцните деведесетти концептот го надоградува и преименува. Клучен концепт во овој модел е *наративниот идентитет*, односно *наративно себство*. Теоријата и истражувањата покажале дека луѓето, во адолесценцијата и раната зрелост, започнуваат да конструираат наративни идентитети и продолжуваат да ги надоградуваат ваквите "приказни" во текот на целиот живот (McAdams, 2008). Луѓето создаваат вакви приказни за да ги осмислат своите животи, како и за да полесно се позиционираат во сложеното социјално окружување на модерното доба. Поинаку кажано, луѓето создаваат наративи за да го осмислат живеењето, "во смисол на усогласување на сликата која луѓето ја имаат за тоа кои биле, сè и ќе бидат во своите глави и тела и сликата за тоа кои биле, сè и ќе бидат во рамките на социјалното окружување: семејството, заедницата, работното место, етничката припадност, религијата, полот, социјалните улоги и културата воопшто. Себството доаѓа во допир со општеството преку наративниот идентитет" (McAdams, 2008, стр. 243). Мекадамс наведува 6 принципи кои се однесуваат на животните приказни, наративниот идентитет и

себството: (1) Себството е приказна, при што во исто време себството е и раскажувач и она на кое приказната се однесува; (2) Основната улога на наративите е интегративна - во личната приказна се обединети различни тенденции, улоги, цели, настани и сл. Освен тоа, обезбедуваат и чувство на континуитет низ времето; (3) Приказните се раскажуваат во рамки на социјалните релации - приказните се раскажуваат од луѓето и за луѓето. Животните приказни се социјали феномени, раскажани согласно социјалните норми и очекувања; (4) Приказните со текот на времето се менуваат, променливи се; (5) Приказните се културни текстови - ја отсликуваат културата во која се создадени и (6) Некои приказни се подобри од другите - животните приказни секогаш имаат морален аспект, главните актери во нив имаат волја, намери и цели, а нивните постапки секогаш се проценуваат според стандардите и нормите во дадено општество.

Мекадамс (2008) смета дека е можно, дури и неопходно, да се направи поврзување помеѓу наративното себство, личносните особини (онака како што се концептуализирани во *Моделот на големите пет* фактори на личноста) и социјалната средина. Односно, наративното себство од една страна се заснова, се гради врз личносните особини, кои пак во голем дел се генетски одредени. Од друга страна, наративното себство, во можеби уште поголема мера, зависи од социјалната средина која ја окружува особата. Во тој контекст, Мекадамс општеството го дефинира како матрица која нуди бројни наративни форми, од кои луѓето одбираат и го осмислуваат сопственото живеење. Меѓутоа, откако наративното себство ќе се оформи, ја пројавува својата основна функција - интегративната.

Уште еден познат и актуелен модел за сликата за себе е мултидимензионалниот хиерархиски модел на Шавелсон, Хубнер и Стантон. Станува збор за еден од најпопуларните современи модели за сликата за себе, на кој сеуште се работи и кој постојано се доградува. Шавелсон и сор. овој модел го развиле како критика на еднодимензионалниот приод кон сликата за себе, а моделот воглавно се заснова врз истажувања на сликата за себе кај адолесценти и млади возрасни (Такашманова-Соколовска, 1998). Шавелсон и соработниците, по направениот преглед на стотици

истражувања поврзани со сликата за себе, дошле до заклучок дека најголемиот дел од нив имаат сериозни недостатоци, кои воглавно се однесуваат на слаба теориска заснованост, слаби мерни инструменти или пак лошо водена методологија. Мултидимензионалниот модел за сликата за себе кој го развиле овие автори е обид за надминување на ваквите недостатоци и претставува теоретски модел кој нуди можност за создавање мерни инструменти и солидна методолошка база за идни истражувања (O'Mara, 2003).

Во овој модел, сликата за себе е широко определена, како *перцепцијата која особата ја има за себе* (Shavelson et al., 1976, според Ahmed, Bruinsma, 2006), а се формира во рамките на социјалниот контекст, првенствено како резултат на оценките кои индивидуата ги добива од значајните други (Shavelson, Bolus, 1981; Marsh, 1990; O'Connor, 2006). Шавелсон и сор. сликата за себе формално ја определуваат како *перцепциите кои особата ги има за себе, а се формираат како резултат на искуството во и интерпретацијата на нејзиното окружување, со нагласок на тоа дека сликата за себе претставува резултат од искуството на особата, но и посредувачка варијабла која влијае врз интерпретацијата на перцепциите и дожувувањата* (Marsh, Yeung, 1998, стр. 509).

Сликата за себе дополнително е определена преку седум нејзини клучни особини: (1) Во рамките на сликата за себе луѓето ги организираат и структурираат општите информации кои ги имаат за себе, а подоцна категориите ги поврзуваат помеѓу себе; (2) Сликата за себе е повеќеслојна, мултидимензионална; (3) Сликата за себе е хиерархиски организирана. На врвот се наоѓа општата слика за себе. На следното, пониско ниво, општата слика за себе е поделена на две широки области- академска и неакадемска слика за себе. Академската слика за себе понатаму се дели на специфични школски области (јазик, математика, историја), а неакадемската слика за себе на емоционална, социјална и физичка слика за себе. Во последното, најниското ниво, се наоѓаат перцепциите на конкретни облици на поведение; (4) Општата слика за себе е релативно стабилна, но движејќи се надолу низ хиерархијата, сликата за себе станува се попроменлива и

ситуационо-специфична; (5) Сликата за себе, со текот на развојот, станува се посложена и повеќеслојна; (6) Содржи и дескриптивни и евалуативни компоненти; (7) Се разликува од други, а слични конструкти, како што е академскиот успех. Во повеќето истражувања, повеќеслојната структура на сликата за себе е имплицитно одредена. Ретки се истражувањата кои систематски се бават со овој нејзин аспект. Самите автори наведуваат дека бројни истражувања ја потврдиле повеќеслојната природа на сликата за себе, односно покажале дека сликата за себе е мултидимензионален конструкт. Но, сеуште не се обезбедени доволно докази во прилог на хиерархиската организираност на сликата за себе (Shavelson, Bolus, 1981; Vispoel, 1995, според O'Connor, 2006). Според Шавелсон и сор, сликата за себе во исто време е и резултат од акциите на индивидуата и причина за нејзините понатамошни акции и облици на поведение. Но, некои автори (Guay et al, 2003, според O'Connor, 2006) ја оспоруваат оваа поставка, тврдејќи дека ваквиот однос на реципроцитет многу повеќе се однесува на постарите, отколку на помладите индивидуи.

Историски гледано, во рамките на психологијата доминираат истражувања кои сликата за себе ја определуваат како еднодимензионален конструкт, понекогаш дури нарекуван општ однос кон себе или себепочитување (Marsh, Parker, 2006). И покрај неоспорната практична вредност на ваквиот еднодимезнионален приод, Марш и Кравен (Marsh, Craven, 1997, според O'Mara, 2003) сметаат дека тоа не ја отсликува реалната состојба, затоа што постојат бројни емпириски докази според кои сликата за себе е сложена и мултидимезнионалана психичка појава.

Факт е дека најголем дел од истражувањата на сликата за себе се изведуваат врз адолесценти, односно во академско окружување. Според тоа, неопходно е целите на истражувањата на сликата за себе да се прилагодат на истражуваната популација и да вклучат подобро разбирање на нејзината сложеност, предвидување на разни облици на поведение, обезбедување мерки кои ќе нудат можност за разни интервенции или можност за поврзување на сликата за себе со други психички појави (O'Mara, 2003).

Еден начин да се пристапи кон проучување на сликата за себе е преку разгледувањето на социјалните фактори и психолошките механизми поврзани со нив

(социјална споредба, идентификација, учење по модел, интернализација и сл.), а кои водат кон нејзино менување и развој. Во социјалните приоди, сликата за себе е определена како повеќеслоен, флексибилен и изразито социјално условен психолошки конструкт (Robinson, Sedikides, 2009). Согласно општата дебата во психологијата, за вродено-наспроти-стекнато (која иако полека стивнува, во одредени области од психологијата сепак е присутна), сеуште опстојуваат два спротивставени приоди кон проучување на сликата за себе: *социјалниот приод* и *приодот на црти*. Вториот, поинаков, приодот на црти, првенствено е претставен преку Петфакторскиот модел за личноста или Моделот на големите пет (Big Five Model of Personality). Една од основните поставки на Моделот на големите пет, со свои корени во лексичкиот приод и теоријата на црти, е дека базичните фактори на личноста се релативно стабилни и општи личносни особини, кои се пројавуваат рано во животот, првенствено преку цртите на темпераментот. Последново упатува на заклучокот дека базичните фактори на личноста имаат генетска основа (McCrae, Costa, 2008). Во рамки на петфакторскиот модел, Меккри и Коста, врз основа на резултати од истражувања, пишуваат и за глобалното себепочитување, како еден од основните аспекти на сликата за себе. Според нив, себепочитувањето покажува високо ниво на временска стабилност, што може да се објасни со помош на факторите невротицизам и екстраверзија. Односно, високото себепочитување е поврзано со ниски вредности на Невротицизам и високи вредности на Екстраверзија и обратно.

Меккри и Коста (2008), во својата мета-теориска рамка за личноста, прават разлика помеѓу базични тенденции, како што се големите пет фактори и површни особини на личноста, како што е сликата за себе. Базичните фактори се стабилни, делумно вродени и во значаен степен го одредуваат поведението низ разни ситуации. За сликата за себе, овие автори тврдат дека има мало до незначително влијание врз базичните фактори (McAdams, Pals, 2006) и споредено со базичните фактори, влијанието кое сликата за себе го има врз поведенито е значително помало (Shafer, 2000, според Marsh, Parker, 2006). Меѓутоа, некои истражувања покажале дека одредени аспекти од сликата за себе се директно поврзани со одредени исходи и облици на поведение. Еден таков пример е

значајната поврзаност помеѓу академската слика за себе и академскиот успех (Marsh et al, 2004, според Marsh, Parker, 2006). И покрај недоволниот број на емпириски податоци во прилог, Марш и Паркер (Marsh, Parker, 2006) ја отфрлаат имплицитната претпоставка содржана во Моделот за големите пет фактори, според која не постои реципрочна поврзаност помеѓу базичните фактори на личноста и сликата за себе. Тие тврдат дека како што базичните фактори имаат влијание врз сликата за себе, неоспорно е дека влијанието кое средината го има врз базичните тенденции е посредувано од страна на сликата за себе.

Посредувачката улога која ја има сликата за себе, не е единствениот начин на поврзаност помеѓу сликата за себе и базичните фактори. Робинсон и Седикидес (2009) тврдат дека помеѓу базичните фактори на личноста (кои можат да бидат сфатени и како широки, глобални личносни особини или црти[2]) и сликата за себе постои повеќекратна поврзаност. Во сликата за себе влегуваат бројни знаења и верувања за себе и во однос на себе. Такви се знаења и верувања за сопствените социјални улоги, цели, мотиви и преференции, вредности, социјални релации и секако, знаења и верувања за сопствените личносни особини или црти, како и односот кој особата го има кон нив (Robinson, Sedikines, 2009). Поинаку кажано, цртите кои влегуваат во составот на базичните фактори, истовремено имаат свои репрезентации и во сликата за себе. Еден доказ за тоа следниов: кога индивидуите се опишуваат себе си преку општи, генерализирани и апстрактни термини, независни од конкретната ситуација, таквите описи се конзистентни со описите кои можат да се изведат од самоизвештаите во однос на базичните фактори на личноста. Со други зборови, во себеописите (во кои се содржани делови од сликата за себе) се присутни базичните фактори на личноста, преку деловите на кои базичните фактори можат да се расчленат. Понатаму, истите автори постулираат дека цртите исто така се поврзани и со најмалку два од мотивите на сликата за себе: мотивот за себепотврдување или одржување на сликата за себе и мотивот за унапредување на сликата за себе, односно мотивот за себеунапредување. Кога е во прашање првиот мотив, неоспорно е дека луѓето се насочени кон потврдување на информациите кои ги имаат за себе. За таа

[2]Поимот traits се преведува како црти, но сфатени во поширок смисол: црти или психички особини

цел, често се повикуваат на цртите, како релативно стабилни и непроменливи психички компоненти на сликата за себе и пошироко, на личноста. Како дел на мотивот за себепотврдување, Робинсон и Седикидс (2009) ја наведуваат тенденцијата на луѓето да гледаат на себе си во што е можно попозитивно светло. Ваквата тенденција може да помогне во објаснување на тоа зошто луѓето вообичаено сопствените црти ги претставуваат (но и ги доживуваат) во попозитивно светло од што тие реално се. Себепретставувањето и себедоживувањето често се под влијание на социјалната пожелност. Според тоа, можно е себеизвештаите и себеописите кои се однесуваат на цртите, наместо да ја отсликуваат реалната состојба, вушност да укажуваат на нагласеноста на мотивот за себеунапредување, па дури и на идеалната слика за себе. Согласно наведеното, тврдат Робинсон и Седикидес, неоспорно е дека дел од знаењата и верувањата за себе се однесуваат на сопствените црти или пошироко, особини.

И покрај централната важност и на сликата за себе и на базичните фактори на личноста, ретки се истражувањата кои ги вклучуваат и двете појави. А тогаш кога тоа се прави, сликата за себе најчесто, како единствен, глобален скор е претставена преку себепочитувањето (Marsh, Parker, 2006). Резултатите од скромниот број на вакви истражувања упатуваат на умерена негативна поврзаност помеѓу себепочитувањето и невротицизмот и послаба позитивна поврзаност помеѓу себепочитувањето и екстраверзијата. Како што беше споменато, истражувањата за поврзаноста помеѓу базичните фактори и конкретни аспекти на сликата за себе се исклучително ретки и упатуваат на позитивна поврзаност помеѓу екстраверзијата и социјалната слика за себе (Marsh, Parker, 2006).

**********

Наведените одлики и клучни обележја на себството и сликата за себе, нудат насока за тоа како овие поими се сфатени во рамките на овој труд. Во психологијата не постои една општо прифатена дефиниција за себството или сликата за себе. Постојат бројни дефиниции, од кои едни ја определуваат како социјална категорија, други како јадро на

личноста, трети како локација; едни се фокусираат на нејзината содржина и структура, други на вредносно-емоционалните аспекти; некои дефиниции се едноставни и општи, други поспецифични; некои се подобри од другите. И покрај тоа што овој труд се бави со истражување на сликата за себе, неопходно е споменување и на сродни поими на сликата за себе, како што се идентитетот и себството, на пример. Во теоретскиот дел, поимите себство и слика за себе се користат наизменично, во нивното основно и широко значење: како збир на сите претстави, сфаќања, знаења и верувања за себе, како и чувствата кои се поврзани со нив. Јанаков (Janakov, 1988, според Пендаровски, 2005, стр. 9) го определува себството како психичка појава составена “... од сето она што се однесува на себе-проценката, чувствата кон себе си, интересот за себе, себе-претстави и ставови за себе, со еден збор, сето она што се однесува на себе и своето“. Такашманова-Соколовска (1998, стр.82) сликата за себе ја определува како “специфичен композит на сите дескрипции на себе си (вербални, сликовити и други) кои суштински се поврзани со вредносната дескрипција, пред се со себепочитувањето и себеприфаќањето”.

Накратко, во рамките на овој текст, сликата за себе е релативно широко определена: како севкупност на себепретстави, знаења, верувања, ставови и односи за и кон себе, заедно со себевреднувањето и чувствата кои се со него поврзани.

### 1.2.2. Сложеност на сликата за себе

Сликата за себе е сложена психичка појава зависна од социјалниот контекст (Baumeister, 1998, според Schleicher, McConell, 2005). Различните социјални улоги, барања и модели за идентификација и споредување, карактеристични за модерното западно општество, водат кон поголема сложеност на сликата за себе или барем нудат можности за развој на посложена слика за себе (Baumeister, Muraven, 1996; Ryan, Feci, 2003, според Ryan et al, 2005). Поимот *сложеноста на сликата за себе* во психологијата најчесто се поврзува со работата на Линвил (Linville, 1987, според Schleicher, McConell, 2005). Според оваа авторка, луѓето се разликуваат во поглед на сложеноста на сликата за себе, поим кој се однесува на *бројот на составките* од кои сликата за себе е составена, како и на *степенот во кој овие составки се преклопуваат*. Колку е поголем бројот на составките од кои е составена сликата за себе и колку тие во помала мера се преклопуваат, односно постои поголема диференцираност помеѓу нив, толку сликата за себе е посложена (Linville, 1985, 1987, според Koch, Shepperd, 2004). Притоа, под составки на сликата за себе Линвил подразбира разни облици на себезнаење, како што се: својства/особини (црти, верувања, вредости и сл.), социјални улоги, физички својства и др. Во однос на сложеноста на сликата за себе, Линвил акцентот го става на социјалните улоги, постулирајќи дека поголем број на социјални улоги на кои одредена особа е посветена, води кон поголема сложеност на сликата за себе кај таа особа. Една од основните поставки на Линвил е дека сложеноста на сликата за себе е во позитивна поврзаност со психолошката добросостојба и прилагоденост (Koch, Shepperd, 2004).

Потребно е да се направи дистинкција помеѓу сложеноста на сликата за себе и психичките појави кои се блиски на неа, а се поврзани со сликата за себе. Една таква психичка појава е *јасност на сликата за себе* (self-concept clarity). Јасноста на сликата за себе се однесува на степенот во кој составките на сликата за себе се определени, дефинирани, а вклучува и временска стабилност и внатрешна конзистентност на истите (Koch, Shepperd, 2004). Составките на сликата за себе можат да бидат со поголем или помал степен на јасност, во смисол на нивна дефинираност и стабилност, што не е

еднакво на нивната бројност и непреклопување. Помеѓу јасност на сликата за себе и сложеност на сликата за себе постои позитивна корелација, односно посложена слика за себе е поврзана со поголема јасност на сликата за себе и обратно. Интересно е да се разгледа поврзаноста на овие две психички појави, со трета појава- себепочитувањето. Некои истражувања (според Koch, Shepperd, 2004) покажале позитивна поврзаност на себепочитувањето со јасноста на сликата за себе, а негативна или отсуство на поврзаност со сложеноста на сликата за себе, наоди во прилог на тоа дека станува збор за две различни психички појави.

Сложеноста на сликата за себе не е синоним ниту за *диференцираност на сликата за себе,* како опозит на кохезија или обединетост на сликата за себе и покрај тоа што во моделот на Линвил ваквата дистинкција е нејасна (Donahue et al, 1993, според Koch, Shepperd, 2004). Диференцираноста на сликата за себе не се однесува на бројот и независноста на составките на сликата за себе, туку на нивната подвоеност, односно отсуството на интегрираност. Диференцираност на сликата за себе се однесува на субјективното (и негативно) доживување на подвоено и разединето "Јас", додека пак сложеноста на сликата за себе е поврзана со позитивно доживување на постоењето бројни и засебни личносни својства и социјални улоги (Linville, Carlston, 1994, според Rafaeli-Mor et al, 1999). Некои емпириски наоди упатуваат на отсуство на поврзаност на мерките за сложеност и диференцираност на сликата за себе (Koch, Shepperd, 2004).

Јасноста на сликата за себе се однесува на интерната козистентност и временската стабилност на составките на сликата за себе (Campbell et al, 1990, 1991, според Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002). Теоретски, *интерната козистентност* може да се доведе во релација со *преклопувањето* на составките на сликата за себе во моделот на Линвил, бидејќи и двете појави се индикатори на степенот на интеграција на сликата за себе. Меѓутоа, постојат разлики во ефектите кои овие две појави ги имаат врз психолошката добросостојба и прилагоденост: стабилизирачки, позитивни ефекти во моделот на Кемпбел и фрагментирачки, дезинтегрирачки во моделот на Линвил (Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002).

Моделот на Кемпбел за *јасност на сликата за себе* е близок со теоретските поставки на Донахју и сор. (Donahue et al, 1990, според Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002). Донахју и сор. предлагаат алтернативна хипотеза во однос на таа на Линвил, за поврзаноста помеѓу сложеноста или диференцијацијата на сликата за себе и психолошката добросостојба. Според нив, високите скорови на инструментот на Линвил, наместо на сложеност на сликата за себе, може да упатуваат и на нејзина фрагментираност. Теоретската определба на Линвил на сложеноста на сликата за себе како појава, во себе содржи можност и за интегрираност и за подвоеност на нејзините составки. Бројот на составките и нивното сместување во категории, не нуди можност за мерење на интегрираноста/подвоеноста на сликата за себе. На пример, некои истражувања (Block, 1961; Gara et al., 1993, според Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002) покажале дека посветеноста на бројни социјални улоги може да доведе до доживување за сопствена разединетост, нејасен идентитет и отуѓување од личносното јадро. Сложеноста на себезнаењето и себедоживувањето, со себе носи ризик за негативни емоционални состојби и доживувања, смета Блок. Донахју и сор. (Donahue et al, 1990, според Rafaeli-Mor and Steinberg, 2002) тврдат дека сложеноста на сликата за себе, сама по себе, не може да биде во позитивна корелација со психолошката добросостојба. Интегрираноста или подвоеноста на сликата за себе, се всушност во позитивна, односно негативна поврзаност со психолошката добросостојба и прилагоденост.

Поврзување на сложеноста на сликата за себе и емоционалните доживувања е направено преку *ефектот на прелевање*. Односно, поголемата сложеност на сликата за себе го минимизира, ублажува влијанието кое одредено емоционално доживување поврзано со одреден аспект на сликата за себе, го има врз сликата за себе како целина (Schleicher, McConell, 2005). Линвил (Linville, 1987, според Rafaeli-Mor et al, 1999) тврди дека колку бројот на составките е поголем, а преклопувањето помеѓу нив помало, толку е потешко одредено емоционално доживување поврзано со одредена составка да се прошири и прелее на останатите составки на сликата за себе. Во спротивно, кај луѓето со помалку сложена слика за себе се случува поголемо прелевање на одредено емоционално доживување поврзано со конкретна составка и врз останатите составки (на

пример, попозитивна слика за себе во целина по положување важен испит или понегативна слика за себе во целина по неположување на важен испит). На ваквите особи им е тешко да го изолираат негативното доживување поврзано со академскиот неуспех, на пример и таквиот емоционален тон го зафаќа себедоживувањето во поширок смисол. Понатаму, за ваквите особи се карактеристични значителни варијации во општата емоционална состојба низ текот на времето, а како резулат на ефектот на прелевање. Одредени аспекти на сликата за себе се под силно влијание на секојдневни настани, а доживувањата поврзани со нив се прелеваат и влијаат врз себедоживувањето во целина. Линвил интензивно пишувала за поврзаноста на сложеноста на сликата за себе со промените во расположението. Меѓутоа, таа главно била насочена кон разликите во однос на негативните доживувања на испитаниците со помалку или посложена слика за себе, а поврзани со негативен надворешен настан. Односно, тргнала од претпоставката дека кај испитаниците со посложена слика за себе ќе се јават помалку интензивни негативни доживувања и истите ќе бидат поврзани со делот од сликата за себе на кој конкретниот негативен настан се однесува, без да се прелеат и го зафатат себедоживувањето во целина, што и било потврдено во истражувањата кои таа ги спровела (Schleicher, McConell, 2005).

Ефектот кој сложеноста на сликата за себе го има општата емоционална состојба се објаснува со помош на два механизми кои ги отсликуваат двете основни компоненти на сложеноста на сликата за себе: *бројот* на составки и *преклопувањето* помеѓу составките. Накусо, колку бројот на составки е поголем, толку е потешко доживувањето поврзано со одредена составка да се прелее и на останатите и понатаму, колку преклопувањето помеѓу составките е помало, повторно е потешко доживувањето да се прелее и да ги зафати и останатите составки (Rafaeli-Moret al, 1999). Според Линвил, постоењето на овие механизми е од најголема полза за индивидуата кога се соочува со негативни животни ситуации. Линвил предлага антитеза на поимот сложеност на сликата за себе: *едноставност на сликата за себе*. Преку едноставноста на сликата за себе, смета оваа авторка, можат да се објаснат бројни емоционални состојби и доживувања, како што се ниското себепочитување или депресивноста.

Сложеноста на сликата за себе Линвил ја операционализира на следниов начин: на испитаниците им се дава листа од особини и од нив се бара најнапред да ги одберат оние особини кои се однесуваат на нив, а потоа истите да ги групираат во групи или категории. Колку бројот на одбраните зборови (и категории) е поголем и постои помало преклопување помеѓу категориите (една особина да не влегува во составот на повеќе категории), толку сликата за себе е посложена (Linville, 1985, 1987, според Rafaeli-Mor et al, 1999). Истражувањата на Линвил покажале поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и промени во расположението. Меѓутоа, некои понови истражувања не успеале да ги повторат наодите на Линвил, поточно нејзиниот заклучок дека помалку сложена слика за себе води кон чести и екстремни варијации во расположението, особено ако станува за збор за негативно обоени доживувања. Според Рафаели-Мор и сор. (1999), ова се должи на лошата операционализација на концептот за сложеноста на сликата за себе која ја направила Линвил. Во споменатите истражувања забележани се ниска валидност и релијабилност на инструментот на Линвил. Емпириските наоди воделе кон преиспитувања и на самиот теориски концепт за сложеноста на сликата за себе кој го формулира оваа авторка. Главната забелешка која и се упатува е следнава: ефектите на емоционалното доживување поврзано со одредена составка на сликата за себе, врз сликата за себе во целина, не зависат единствено од сложеноста на сликата за себе, во смисол на број на составки и нивна диференцираност. Многу често, интензитетот и обемот, односно прелевањето на емоционалното доживување поврзано со одредена составка на сликата за себе, зависи од самата составка. Поинаку кажано, од тоа која е позицијата на таа составка во сликата за себе, односно каква е нејзината хиерархиска поставеност: дали е таа составка нагласена или не. На пример, доколку станува збор за емоционално доживување поврзано со клучна и од големо значење за особата составка на сликата за себе, оправдано е да се очекува поголемо прелевање, без разлика дали станува збор за особа со повеќе или помалку сложена слика за себе (Rafaeli-Mor et al, 1999).

### 1.2.3. Општ однос кон себе. Себепочитување

Сликата за себе има описно-репрезентативен и вредносно-евалуативен аспект (Rosenberg et al, 1995; Brown, Marshal, 2006). Описно-репрезентативниот аспект се однесува на содржината на сликата за себе, односно на нејзините составки. Кон составките на сликата за себе, особата гради однос, ги оценува и вреднува. Тоа е вредносно-евалуативниот аспект на сликата за себе. Покрај специфичните себеоценки, поврзани со конкретни делови на сликата за себе, постои и општа себеоценка, која најчесто се определува како себепочитување. Себепочитувањето претставува општ однос кој особата го има кон себе (Rosenberg et al, 1995; Suls, Krizan, 2005; Brown, Marshall, 2006). Според традиционалната концептуализација на себепочитувањето, поврзана со името на Розенберг (Тодоровић и сор, 2009), станува збор за глобална и еднодимензионална психичка појава, која се однесува на проценката на особата за сопствената вредност. За себепочитувањето, освен себеоценките, од клучна важност се и оценките кои особата ги добива од другите, особено од значајните други (Neff, Vonk, 2009). Гледано историски, низ литературата доминира определбата на себепочитувањето како глобален, унитарен конструкт (Rosenberg et al, 1995). Меѓутоа, во последните децении, забележлив е тренд на една поинаква концептуализација на сликата за себе, па следствено на тоа и на себепочитувањето, според која себепочитувањето претставува сложена, мултидимензионална психичка појава (Brown, Marshall, 2006). Важно да се нагласи дека и покрај споменатиот тренд, сеуште успешно опстојува и сфаќањето за себепочитувањето како генерален конструкт, што секако има оправданост. Неоспорно е дека покрај посебните себеоценки, поврзани со конкретни составки на сликата за себе (физички изглед, некои способности и слично), постои и генерализирана себеоценка, односно општ однос кон себе или генерално себепочитување, најчесто едноставно именувано како: себепочитување. Така определеното себепочитување е релативно стабилно и ситуациски независно (Suls, Krizan, 2005). Марш (Marsh, 1990, според Rosenberg et al, 1995; Suls, Krizan, 2005), ја мерел корелацијата помеѓу 12 специфични себеоценки и општата себеоценка и нашол дека поврзаноста помеѓу нив е ниска до умерена (r= 0.06 - 0.6, меѓутоа најчесто под 0,3). Неговите истражувања обезбедиле емпириски докази за тоа дека не е

оправдано да се изедначуваат специфичните со општата себеоценка, затоа што станува збор за засебни психички појави. Поврзаноста помеѓу конкретна себеоценка и општиот однос кон себе, во голем дел зависи од нагласеноста на таа себеоценка, односно од нејзината хиерархиска позиционираност. Марш тврди дека дури и во случаи кога хиерархиската позиција на конкретна себеоценка е релативно висока, измерената корелација помеѓу таа себеоценка и глобалното себепочитување е во најдобар случај умерена, што води кон заклучокот за постоење на две засебни појави.

Според Розенберг и сор. (1995), себепочитувањето претставува однос и согласно тоа, поседува две клучни особини: *модалност* и *интензитет*. Модалноста се однесува на позитивниот или негативен однос кој особата (може да) го има кон себе. А позитивниот или негативен однос кон себе може да има различен итензитет. Во контекст на погоре споменатата мултидимензионална природа на себепочитувањето, кон одредени составки на сликата за себе и личноста во целина, особата може да има позитивен, а кон други негативен однос, секој од нив со различен интензитет.

Браун и Маршал (2006), по направениот преглед на литературата, извеле заклучок дека не секогаш постои согласност помеѓу авторите, кога е во прашање определбата на себепочитувањето. Според нив, низ литературата, најчесто се сретнуваат три определби:

1. *Глобално себепочитување* или *себепочитувањето како психичка особина*. Се однесува на општиот однос кој особата го има кон себе. Општиот однос кон себе е релативно долготрајна и ситуациски непроменлива психичка особина, а неговата постојаност по адолесценцијата се зголемува и понатаму одржува релативно високо ниво. Некои автори (Coopersmith, 1965; Crocker, Wolfe, 2001; Crocker, Park, 2004; според Brown, Marshall, 2006) сметаат дека глобалното себепочитување е резултат на когнитивната проценка на особата за сопствената вредност. Според други, клучни се емоционалните процеси, а себепочитувањето претставува емоционално доживување кое не е директен резултат на рационално расудување (Brown, 1993; Brown, Marshall, 2001, 2002; според Brown, Marshall, 2006);

2. *Доживувања за сопствената вредност* или *себепочитувањето како состојба*. Се однесува на себе-евалуативните емоционални реакции на особата, кои во значаен степен се поврзани со надворешни настани. На пример, одредена особа зборува за зголемување на себепочитувањето после професионално унапредување или за пад на себепочитувањето после развод. Ваквите надворешни настани директно влијаат врз себеоценките на особата за сопствената вредност. Во споредба со себепочитувањето како психичка особина, себепочитувањето како состојба се одликува со помала временска стабилност и поголема ситуациска условеност. Некои автори (Brown, Dutton, 1995, Brown, Marshall, 2001, 2002; според Brown, Marshall, 2006) не се согласуваат со споменатите поставки. Емоционалните реакции на позитивни или негативни надворешни настани немаат големо значење во објаснувањето на тоа како особата се себеоценува во целина и кои се нејзините чувства поврзани со таа оценка;

3. *Специфични себеоценки*. Се однесуваат на проценките на особата на одредени нејзини особини, вклучително физички изглед и способности. На пример, доколку некој се сомнева во сопствените способности во однос на образованието, ќе има ниско академско себепочитување. Во однос на разни области од живеењето, особата може различно да се себеоценува и себепочитувањето да биде на различно ниво. Според Браун и Маршал (2006), поимите самодоверба и самоефикасност се однесуваат на ваквите себеоценки, кои во суштина се верувања. Изедначувањето на самодовербата со глобалното себепочитување нема голема заснованост, и покрај тоа што и во секојдневното живеење и во рамките на психологијата, не секогаш се прави дистинкција помеѓу нив.

Спротивно на наодите на Марш, Браун и Маршал (2006) тврдат дека помеѓу споменатите три конструкти постои значајна поврзаност. Луѓето кои имаат високо себепочитување, во споредба со оние кои имаат ниско себепочитување, попозитивно се оценуваат себе си, сметаат дека се вредни како личности и доживуваат позитивни емоциии во однос на себе. Постојат два модела кои се обидуваат да дадат објаснување за поврзаноста помеѓу наведените три психички појави:

а) *когнитивен модел*, според кој начинот на поврзаност помеѓу наведените психички појави е од дното кон врвот, односно од поспецифичните кон поопштите себеоценки. Специфичните себеоценки, преку доживувањето за сопствената вредност, водат кон позитивен или негативен општ однос кон себе. Поинаку кажано, глобалното себепочитување претставува сума од проценките за конкретни особини: способности, вештини, квалитети и слично. Секако, глобалното себепочитување претставува збир од оние специфични себеоценки кои се од важност за особата. На пример, одредена особа може да се доживува како крајно неуспешна по математика, меѓутоа доколку личносното значење или важноста која таа и ја припишува на ваквата проценка е мала, влијанието на истата врз општиот однос кон себе би било незначително. Браун и Маршал (2006) го надополнуваат когнитивниот модел, постулирајќи дека значењето на специфичните себепроценки е под силно влијание на социјалниот контекст. Културата ја детерминира важноста на конкретните особини и на тој начин има силно влијание врз крајниот исход, глобалното себепочитување. Екстремните подржувачи на овој модел тврдат дека глобалното себепочитување е од мало емпириско значење и истражувањата во целост треба да се насочат не кон општата, туку кон специфичните себеоценки;

б) *афективен модел*, според кој поврзаноста помеѓу глобалното себепочитување, односно доживувањето за сопствената вредност и специфичните себеоценки, е од врвот надолу, односно од општата кон специфичните себепроценки. Според овој модел, општиот однос кон себе се формира релативно рано во животот, под влијание на темпераментот и раните искуства. Откако ќе се формира, има силно влијание врз доживувањето за сопствената вредност и специфичните себеоценки. Ваквата насока на влијание, сметаат Браун и Маршал (2006), особено доаѓа до израз кога луѓето се соочуваат со негативни надворешни настани, на пример неуспех. Според тоа, кога луѓето со ниско себепочитување/негативен општ однос кон себе, се соочуваат со неуспех, нивните специфични проценки стануваат понегативни, сопствената вредност се проценува како помала, сето тоа придружувано од негативни емоционални доживувања. Во спротивност, кога луѓето со високо себепочитување/позитивен општ однос кон себе се соочуваат со неуспех, тоа нема влијание врз доживувањето за сопствената вредност и специфичните

себепроценки во целина, освен врз себепроценката поврзана со областа во која се случил споменатиот неуспех. Академскиот неуспех на пример, води кон намалување единствено на академското себепочитување. Дури и кога тоа ќе се случи, релативно брзо доаѓа до поправање на конкретната себепроценка и враќање на постоечката висока оценка за сопствената вредност.

Браун и Датон (Brown, Dutton, 1995, според Brown, Marshal, 2010) спровеле две истражувања со цел проверка на хипотезите поставени во когнитивниот и афективниот модел. Според нивните наоди за афективниот модел, глобалното себепочитување е поврзано со тоа како испитаниците се чувствуваат во однос на себе, откако доживеале успех или неуспех. Испитаниците со ниско себепочитување се чувствувале горди после доживеаниот успех, меѓутоа и понижени и засрамени по доживеаниот неуспех. Во спротивност, кај испитаниците со високо себепочитување, немало толку значајни варијации во однос на доживувањето за сопствената вредност. Во второто истражување, поврзано со когнитивниот модел, авторите добиле интересни резултати. Специфичните себепроценки немале влијание врз емоционалните доживувања на испитаниците поврзани со успех, односно неуспех. Испитаниците со ниско себепочитување, кои сметале дека поседуваат бројни квалитети во одредени области од живеењето (специфични себепроценки), имале подеднакво интензивни негативни емоционални реакции поврзани со неуспехот, со испитаниците кои сметале дека поседуваат малку квалитети во одредени области од живеењето. Истото се однесува и на испитаниците со високо себепочитување: не постоеле разлики во интензитетот на негативните емоционални реакции на неуспехот помеѓу испитаниците кои сметале дека поседуваат бројни и оние кои сметале дека не поседуваат квалитети во однос на конкретни области. Согласно наодите од двете истражувања, авторите заклучиле дека се можни и двете насоки на влијание: специфичните себеоценки влијаат врз доживувањето за сопствената вредност и општата себеоценка, меѓутоа, во исто време и глобалното себепочитување има влијание врз доживувањата поврзани со специфични себепроценки и емоционалните реакции поврзани со надворешни настани (Brown, Marshall, 2006).

### 1.2.3.1. Експлицитно и имплицитно себепочитување

Во современата психологија, мерките за себепочитувањето најчесто се обезбедуваат преку прашалници на самоизвестување. Ваквите инструменти може да бидат различни по форма, но во суштина на испитаникот му се нуди одредено тврдење и од него се бара да одреди во колкав степен даденото тврдење се однесува на него. Ваквите инструменти обезбедуваат *експлицитни мерки* за себепочитувањето, затоа што од испитаникот се бара да даде известување за сопствените чувства и доживувања, кое е резултат на свесни (когнитивни) процеси. Всушност, во истражувањата речиси по правило се прибираат експлицитни мерки, односно се мери *експлицитното почитување* (Suls, Krizan, 2005).

Гринвалд и Банахи (Greenwald, Banaji, 1995, според Suls, Krizan, 2005) забележале дека луѓето ги процесираат информациите за себе и социјалното окружување не само на свесен, контролиран и рефлективен начин, туку често тоа го прават несвесно, автоматски и интуитивно. Некои истражувања (Markus, 1977; Rogers, Kuiper and Kirker, 1977, според Suls, Krizan, 2005) покажале дека во бројни ситуации сликата за себе дејствува автоматски, односно без посредство на когницијата. На пример, во истражувањето на Рикета и Дауенхајмер (Riketta, Dauenheimer, 2003, според Suls, Krizan, 2005), испитаниците покажале тенденција кон понегативни себепроценки, во случај кога тврдењата на кои одговарале содржеле лична заменка (пр. Јас) и негативна придавка (пр. Лош), во споредба со ситуацијата кога им биле понудени лична заменка и позитивни придавки. Авторите заклучуваат дека иако испитаниците се свесни за дадените одговори, процесите кои ги обликуваат одговорите остануваат под прагот на свесноста. Станува збор за некогнитивни процеси кои не можат итроспективно да се идентификуваат, а кои заедно со искуство од минатото (во случајот, понудениот сет од одговори) го обликуваат дадениот одговор. Согласно наодите и врз нив заснованите теоретски поставки, *имплицитното себепочитување* се определува како автоматска, некогнитивна и

потсвесна себе-евалуација, која води кон спонтани реакции на стумулуси, релевантни за сликата за себе (Suls, Krizan, 2005).

Поврзаноста помеѓу експлицитното и имплицитното себепочитување, како и нивната врска со поведението, е предмет на бројни истражувања и сеуште се утврдува (Buhrmester et al, 2011). Досегашните наоди упатуваат на слаба, во најдобар случај умерена поврзаност помеѓу мерките за експлицитното и имплицитното себепочитување, што води кон заклучокот дека сликата за себе има две нивоа на фунционирање. Првото вклучува контролирани и планирани мисли и акции, додека второто ниво се однесува на автоматски и нерефлективни процеси. Согласно, содржината на свесните, експлицитни себепроценки се разликува од содржината на потсвесните, имплицитни себепроценки и доживувања (Schimmach, Diener, 2003; Suls, Krizan, 2005). Гринвалд и Фарнхам (Greenwald, Farnham, 2000, според Suls, Krizan, 2005) спровеле истражување за поврзаноста помеѓу експлицитното и имплицитното себепочитување. Во истражувањето биле обезбедени мерки од повеќе инструменти, во однос и на експлицитното и на имплицитното себепочитување[3]. Мерките за експлицитното себепочитување биле умерено позитивно поврзани помеѓу себе (r=0.46). Различните мерки за имплицитното себепочитување покажале нешто помала поврзаност (r=0.41). Поврзаноста помеѓу мерките за експлицитното и мерките за имплицитното себепочитување била знатно пониска и се движела од 0.13 до 0.27. Наведените наоди упатуваат на заклучокот дека експлицитното и имплицитното себепочитување претставуваат различни психички појави кои се само умерено поврзани помеѓу себе и кои на поинаков начин и во различен степен се поврзани со други психички појави и поведението (Suls, Krizan, 2005; Buhrmester et al, 2011).

Се наметнува прашањето за врската помеѓу експлицитното и имплицитното себепочитување од една и други личносни особини и поведението, од друга страна. Резултатите од некои истражувања (Schimmach, Diener, 2003) укажуваат на значајна

[3]Салс и Крижан (Suls, Krizan, 2005) предупредуваат на можна психометриска слабост на инструментите за мерење на имплицитното себепочитување, кои се во фаза на доразвивање и за чија валидација се неопходни дополнителни истражувања

позитивна поврзаност помеѓу експлицитното себепочитување и психолошката добросостојба. Поврзаноста помеѓу имплицитното себепочитување и психолошката добросостојба е пониска и не го поминува прагот за статистичка значајност. Емпириските наоди (Suls, Krizan, 2005) упатуваат на релативно конзистентна поврзаност на експлицитното себепочитување и базичните фактори на личноста. Согласно теоретските поставки на Тегласи и Епстејн (Teglasi, Epstein, 1998, според Suls, Krizan, 2005), енерализациите за себе и светот во значителен степен се преклопуваат, во голем дел се имплицитни и под прагот на свесноста. Согласно, Салс и Кризан очекуваат повисока корелација помеѓу имплицитното себепочитување и базичните фактори на личноста, со оглед на тоа дека и базичните фактори се опишуваат како имплицитни и релативно широки, општи психички појави. Од друга страна, можно е мерките за имплицитното себепочитување да опфаќаат ментални процеси и ментални содржини кои се надвор од дофатот на и поинакви од свесни облици на мислење, емоционалност и поведение, какви што се рефлектираат во самоизвештаите за личносните особини. Во таков случај, имплицитното себепочитување би било само во умерен степен (ако и воопшто) поврзано со базичните фактори на личноста. Меѓутоа, иако засновани на наоди од истражувања, станува збор за теоретски поставки, кои е неопходно дополнително емпириски да се валидираат (Suls, Krizan, 2005).

### 1.2.3.2. Себепочитување и други психички појави. Придобивки од високо себепочитување

Во последните неколку декади, себепочитувањето е мошне популарен поим во западната култура и воглавно се претставува како царскиот пат кон среќата и личносната исполнетост (Brown, Marshal, 2006). Психолози, психијатри, педагози, социолози, едукатори од разни области, го идентификувале себепочитувањето како фактор кој има влијание врз бројни исходи во секојдневното живеење. Поврзано е со мотивациските процеси, аспирациите и амбициозноста, академскиот успех, задоволството од работата и слично (Suls, Krizan, 2005). Бројни автори тврдат дека позитивната себеоценка стои во

самата основа на психолошкото здравје (Neff, Vonk, 2009). Ако сето ова се има во предвид, не е за изненадување тоа што себепочитувањето е една од најистражуваните психички појави во западната психологија. Меѓутоа, потребно е да се нагласи дека психолозите се поделени кога се во прашање придобивките и функциите кои себепочитувањето ги има токму во секојдневното живеење. Според некои автори, станува збор за психичка појава која е од централно, есенцијално значење. Според други, придобивките поврзани со себепочитувањето се прецenети и не се во согласност со реалноста (Brown, Marshal, 2006). Салс и Кризан (2005) тврдат дека прегледот на литературата упатува на, послаба од очекуваната, поврзаност помеѓу себепочитувањето и други психички појави, како што се среќата, емоционалната стабилност и социјалната прилагоденост, на пример. Кое е можното објаснување за ваквите резултати? Според некои автори (пр. Fancher, 1995; Richardson et al, 1999; според Neff, Vonk, 2009) објаснувањето се наоѓа во фактот што во западната култура се поттикнува индивидуализмот: преку инсистирање на независност, уникатност и поинаквост, самостојност, јасно дефиниран и независен идентитет и слично. Луѓето се поттикнуваат кон развивање одредени личносни особини, како што е високо и од средината (и другите) независно себепочитување и самодоволност. Во исто време се занемаруваат клучни човекови потреби и особини: потребите за припаѓање и поврзаност, насоченост кон другите и споделување (вклучително заеднички особини).

Врз основа на прегледот на голем број истражувања, Баумајстер и сор. (Baumeister et al, 2003, според Neff, Vonk, 2009) заклучуваат дека глобалното себепочитување е позитивно поврзано со неколку психички особини, како што се истрајност, авантуристичко поведение и превземање ризик, склоност кон експериментирање. Меѓутоа, наспроти широко прифатеното и популарно мислење, не може да се каже дека високото себепочитување води кон голем, огромен број бенефити. И уште повеќе, нејасно е дали себепочитувањето е причина или пак последица од споменатите придобивки. Понатаму, не секогаш високото себепочитување е поврзано со позитивни исходи или позитивни облици на поведение. Понекогаш, луѓето се впуштаат во дисфункционални облици на поведение, токму со цел зголемување или одржување на себепочитувањето. На пример,

со цел одржување на високото ниво на себепочитување, понекогаш луѓето го оценуваат негативниот фидбек како незаснован или пристрасен, занемарувајќи го неуспехот или припишувајќи го истиот на надворешни причинители. Како последица, тие често ја одбегнуваат личната одговорност за неприлагодените облици на поведение и градат несоодветна слика за себе. Може да покажат нетрпеливост и агресивност кон оние кои ќе ги доживеат како закана за воспоставената слика за себе или да станат склони кон несоодветна социјална споредба, процес кој лежи во основата на предрасудите и дискриминацијата.

Луѓето со нестабилно и ниско себепочитување се фокусирани на последиците кои негативните настани ги имаат врз доживувањето за сопствената вредност. Кај ваквите индивидуи често се забележуваат знаци на депресивност и нејасно себедоживување (Neff, Vonk, 2009). Негативниот аспект на мотивите за одржување и унапредување на сликата за себе е можеби најдобро илустриран преку нарцизмот. Потребата за социјална прифатеност и одобрување, кај нарцистичката личност е до толку нагласена, што по правило води кон нарушување на социјални релации. Еден од посериозните потенцијални проблеми поврзани со (екстремно) високото себепочитување е тоа што истото може да се манифестира како нарцизам. Некои истражувања (Jordan et al., 2003; Deci, Ryan, 1995, според Neff, Vonk, 2009) покажале значајна позитивна поврзаност помеѓу себепочитувањето и нарцизмот од една и нарцизмот и негативниот однос кон другите и агресивноста, од друга страна. Секако, не треба да се прави изедначување помеѓу нарцизмот и изразено високото ниво на себепочитување. Покрај нарцизмот, како нестабилна, реално незаснована и его-дефанзивна психичка појава, за некои луѓе е карактеристично високо, *вистинско* себепочитување, кое претставува самостоен, автономен начин на себепроценка, релативно независен од конкретни исходи и социјално одобрување (Neff, Vonk, 2009).

Според Розенберг и сор. (1995), некои истражувања покажале извесна поврзаност помеѓу себепочитувањето и одредени облици на поведение. Меѓутоа, гледано во целина, себепочитувањето се покажало како слаб предиктор на поведението. Овие автори

сметаат дека причината за тоа лежи во неразликувањето на глобална од специфични себеоценки. Според нив, неоспорно е дека и глобалната и специфичните себеоценки се од клучно значење за особата. Меѓутоа, се чини дека специфичните себеоценки се поврзани со конкретни облици на поведение, додека глобалното себепочитување е поврзано со количникот на среќа и психолошката добросостојба. Истражувањата често грешат обидувајќи се да направат поврзување помеѓу општата себеоценка и одреден облик на поведение. Измерената корелација во таков случај најчесто е мала. Значајна поврзаност се очекува помеѓу конкретен облик на поведение или област на дејствување и специфична себеоценка. Јасно, станува збор за себеоценката која е директно поврзана со конкретната област од живеењето (на пример, академски контекст и себеоценување на себе си како студент). Според Розенберг и сор. (1995), поимот самоефикасност на Бандура, се однесува на личната убеденост во успешноста на одредена перформанса/облик на дејствување. Иако Бандура зборува за еден поим, самоефикаснсот, тој всушност се однесува на она што погоре беше определено како специфични себеоценки: самоефикасност или себепроценување во однос на конкретна област од живеењето. Бандура идентификувал неколку причини зошто перцепираната самоефикасност е директно поврзана со исходот од дејствувањето. Луѓето кои се оценуваат себе си како неспособни за справување со барањата кои им ги поставува средината, се склони кон силни (негативни) емоционални доживувања, се насочуваат првенствено кон сопствените недостатоци, а своите потенцијали и способности ги проценуваат како пониски од што тие навистина се (Bandura, 1982, според Rosenberg et al, 1995). Понатаму, перцепираната самоефикасност детерминира колку напор особата ќе вложи и колку долго ќе истрае кога е соочена со средински пречки и негативни искуства. Во таков случај, оние кои се сомневаат во сопствените капацитети и способности, ќе вложат малку напор и бргу ќе се откажат. Во спротивно, оние кои веруваат во сопствената ефикасност, соочени со пречки, ќе вложат поголем напор и ќе истраат подолго. Во хипотетичка ситуација, во која две особи со подеднакви способности, се соочени со исти или слични опресивни надворешни услови, поуспешна ќе биде индивидуата со попозитивна перцепција за сопствената ефикасност.

Општата себеоценка има далеку помала предиктивна моќ во однос на поведението. Од неа произлегуваат чувствата во однос на себе и себеприфаќањето. Компетентноста е само еден од факторите (и тоа не секогаш најважниот), од кои зависат чувствата поврзани со себе и себеприфаќањето. Некои составки на сликата за себе се клучни за глобалното себепочитување, други пак се со далеку помало значење (Rosenberg et al, 1995). Доколку одредена составка не завзема централна позиција во сликата за себе, нема причина да се очекува дека глобалното себепочитување ќе биде добар предиктор на поведението кое особата го манифестира во областа на дејствување поврзана со таа составка. И обратно, таквото поведение ќе ни каже многу малку за глобалното себепочитување. Не треба да се заклучи дека глобалното себепочитување е неповрзано со поведението. Просто, Розенберг и сор. тврдат дека и покрај одредениот степен на поврзаност помеѓу општата себеоценка и поведението, поврзаноста помеѓу специфичните себеоценки и одредени облици на поведение е далеку поизразена. Според овие автори, иако бројот на истражувања кој ја тестирале ваквата претпоставка е ограничен, наодите зборуваат во прилог на истата (Diggory, 1966; Bachman, 1970, според Rosenberg et al, 1995).

Розенберг и сор. (1995) тврдат дека глобалното себепочитување е во значителна корелација со психолошката добросостојба и среќата. Дури, сметаат тие, се чини дека насоката на поврзаност е следнава: себепочитувањето влијае врз психолошката добросостојба (секако, обратната насока на влијание не се исклучува во целост). Ваквото тврдење овие автори го засноваат врз поставките содржани во *Теоријата за унапредување на сликата за себе*, како и во учењата на Маслов и Роџерс, според кои себепочитувањето претставува базична, клучна човекова потреба (Baumeister, 1982; Greenwald, 1980; Jones, 1973; Kaplan, 1975; Swann, 1987, според Rosenberg et al, 1995). Кај луѓето постои нагласена тенденција за одржување и унапредување на сликата за себе, следствено и за одржување и унапредување на позитивните чувства поврзани со себе и сопствените особини. Доколку ваквата тенденција или потреба биде попречена, се јавуваат интензивни негативни емоционални доживувања. Во едно свое истражување, Розенберг и сор. нашле дека мотивите за одржување на сликата за себе влијаат врз изборот на референтната група (луѓето со кои особата се споредува), како и врз реакциите

на неповолните споредби. Односно, луѓето со понегативна слика за себе покажале тенденција за попостојани и ограничени социјални релации, односно поинтензивни негативни емоционални реакции во случај на неповолна споредба.

### 1.2.4. Креативност и личност. Личносни особини кај креативни индивидуи

Во западната култура, интересот за креативноста е присутен со векови. За креативната личност пишувале уште Платон и Аристотел, меѓутоа авторите од областа на психологијата на личноста, за креативноста систематски пишуваат во последните педесетина години (Feist, 1999). Трудовите за креативноста, какви што ги знаеме денес, во голем дел се засноваат врз пионерската работа на Гилфорд и Торенс (Runco, 2004), теоретичари кои се бавеле со психометрија. И покрај разликите, постојат значајни сличности во нивните сфаќања за природата на креативноста, од кои клучно е нагласувањето на улогата на дивергентното мислење (Sternberg, 2006). Пристапот кон проучувањето на креативноста на овие и повеќето современи автори, може да се определи како *когнитивен* и воглавно е насочен кон *креативноста како процес*. Бројни се и авторите кои пишуваат за личносните особини кај креативните особи (Feist, 1998).

Креативноста низ литературата е определувана на бројни начини. Меѓутоа, може да се заклучи дека поголемиот дел од дефинициите за креативноста ги вклучуваат следниве два, кон продуктот фокусирани, критериими: *новост или оригиналност* и *употребливост или применливост* (Barron, 1988; Lubart, 1994, според Ivcevic, Mayer, 2007; Feist, 1998; Runco, 2004). Симонтон (Simonton, 1999, според Ivcevic, Mayer, 2007) на споменативе два критерума додава уште еден- *комплетираност или довршеност*. Предноста на ваквата определба, според Ивчевич и Мајер, е во тоа што ја определува креативноста и како потенцијал и како поведение.

Литературата поврзана со креативноста е обемна, релативно разновидна и може да биде организирана на повеќе начини. Можеби најчестиот начин на организирање на студиите за креативноста е класификацијата предложена од Родс, според која сите истражувања поврзани со креативноста се поделени во следниве четири категории: *креативна личност, креативен процес, влијание* (кое креативната личност или процес го има врз окружувањето) и *креативен продукт* (Rhodes, 1987, според Runco, 2004). За овој текст, од првенствено значење се истражувањата насочени кон особините на креативната личност.

Студиите кои прават поврзување помеѓу креативноста и сликата за себе се исклучително ретки. За сликата за себе, како дел од личноста на уметникот, понекогаш се пишува во рамките на пошироко определените истражувања, кои прават поврзување помеѓу креативноста и личноста или личносните особини на креативните индивидуи. Личноста на уметникот најчесто се истражува преку нејзино поврзување со креативноста, а како одговор на прашањето *какви се личносните особини кај високо креативните индивидуи*? Уметниците, заедно со научниците, се двете најчесто истражувани популации во однос на креативноста (Feist, 1998). И додека во поново време се почесто се прави разлика помеѓу уметничка и научна креативност, ретко кога се прави дистинкција помеѓу различните области во уметноста- визуелни, музички или драмски уметности на пример. Односно, кога се истражува личноста на уметниците, како изразито креативни индивидуи, се пишува за уметници од разни области или за уметници од конкретна област, а наодите потоа се генерализираат, без дополнителна елаборација. Малиот број истражувања кои сепак направиле споредба помеѓу особините на уметниците од разни области, нашле одредени разлики помеѓу нив. Дополнително, наодите покажале дека и во рамките на една област од уметноста или науката, испитаниците покажале различни нивоа на креативност, што повторно било поврзано со разлики во однос на особините на личноста (Charyton, Snelbecker, 2007; Ivcevic, Mayer, 2007).

По направената мета-анализа на бројни истражувања поврзани со креативноста, Феист заклучува дека различните видови креативност, односно креативноста во разни области, е поврзана со разлики во личносните особини, вклучително и со разлики во сликата за себе (Feist, 1998; Charyton, Snelbecker, 2007). Повторно, во најголемиот дел од споменатите истражувања, биле вклучени уметници и научници. Феист (1998) ги интегрира различните теоретски модели за креативноста и наодите од различно концепираните истражувања, преку групирање на наодите во четири категории: *психички особини поврзани со социјалниот контекст, когниција, мотивација и афективност.* Разлики помеѓу уметниците и неуметниците, научниците и ненаучниците, односно помеѓу креативните и помалку креативните индивидуи, постоеле во однос на сите четири категории. Мета-анализата на Феист покажала дека наодите во однос на поврзаноста

помеѓу креативноста и личносните особини кај креативнити индивидуи и евентуалните разлики помеѓу различните популации, директно биле поврзани со мерните инструменти. Согласно наодите на Феист, Симонтон и други автори кои ја истражувале креативноста, Чеританон и Снелбекер (2007) заклучуваат дека е неопходно да се направи дистинкција помеѓу *генерална, уметничка и научна креативност*. За мерење на секоја од нив е потребно да се развијат засебни инструменти, првенствено затоа што различните нивоа на овие облици или видови креативност, се следени со разлики во личносните особини. Една поинаква поделба е предложена од страна на Ивчевич и Мајер (Ivcevic, Mayer, 2007, 2009), кои сметаат дека креативноста како појава има три димензии, кои можат да се определат како засебни облици на креативност: *секојдневна, уметничка и интелектуална креативност*. Помеѓу трите димезнии постои значителна корелација, а секоја од нив понатаму е поврзана со специфични личносни особини и облици на поведение.

Феист (Feist, 1998, според Charyton, Snelbecker, 2007) тврди дека одредени личносни особини високо корелираат со креативноста (генерална креативност), меѓутоа во исто време постојат личносни особини кои се специфични за одредена област (уметничка или научна креативност). Тој забележал сличности, но и значајні разлики во личносните особини помеѓу уметниците и научниците. Личносните особини ги поделил на две широки групи- *социјални и несоцијални особини*. Кај уметниците, од социјалните особини нагласени се неконформизам и сомневање во социјалните норми, независност, хостилност, самобитност, непријатност и индиферентност. Кај научниците, забележани се доминација, арогантност, хостилност и висока самодоверба. Склоност кон естетското и изострен естетски вкус и нетрадиционалност биле забележани и кај двете групи. Симонтон (Simonton, 1999, според Charyton, Snelbecker, 2007) упатува на внимателност при изготвувањето истражувачки нацрти кои бараат разлики во личносните особини кај уметници и научници како групи со високи мерки за креативноста. Според овој автор, оправдано е да се споредуваат сликари или музичари од една, со математичари или инженери од друга страна, но не и со архитекти, на пример, затоа што архитектурата како

област вклучува поседување и на практични, научни, и на естетски и уметнички способности и склоности.

Ивчевич и Мајер (2007) нудат модел за истражување и објаснување на поврзаноста на креативноста со личносните особини. Според овој, типолошки модел, *креативниот животен стил* се определува како најелементарната и најопшта форма на креативност. Креативниот животен стил претставува општ однос кон секојдневието, односно секојдневно дејствување кое може, но не подразбира нужно поседување специфични вештини, специјални обуки, тренинзи или образование (Harrington et al, 1987; Feldman, 2003, според Ivcevic, Mayer, 2007). Креативниот животен стил вклучува љубопитност и експлоративно поведение, особини кои се развиваат во детството, во услови кога родителите му обезбедуваат на детето сигурност, подршка и слобода во дејствувањето. Доколку ваквите облици на поведение и со нив поврзаните особини и креативност, не се развијат во детството, малку е веројатно дека тоа ќе се случи подоцна во животот

Кај индивидуите кои покажале знаци на креативност рано во животот, можни се две развојни насоки (Ivcevic, Mayer, 2007). Едни ќе продолжат да ја "инвестираат" креативноста во секојдневните социјални релации и активности (кретивен животен стил), како што се оригинален начин на облекување, изработка на накит, измислување нови игри со своите деца и слично. Ваквите особи се опишуваат како оригинални, имагинативни и инвентивни, а за ваквите особини и облици на поведение не е неопходен специјален тренинг. Други пак, може да го надградат и прошират креативниот животен стил манифестиран во детството, во формални и специјализирани облици или видови на креативност, како што се уметноста или науката. Според тоа, понудениот типолошки модел е во исто време и развоен модел за креативностаи е во согласност со понови емпириски наоди и некои теоретски поставки, како што е теоретскиот модел за развој на креативноста на Коен (Cohen, 1989, според Ivcevic, Mayer, 2007). Коен ја поставува креативноста на континуум составен од седум степени, од универзални креативни особини манифестирани во детството, до креативност која довела до револуција во една или повеќе области. Развојниот пат на креативноста, согласно споменатиот континуум, во

голем дел зависи од социјалнито и едукативно искуство на индивидуата. Во овој модел имплицитно е содржано тврдењето дека виши степени или облици на креативност се можни единствено преку специфични социјални искуства и соодветно образовние, што е во согласност со теоретските поставки на Фелдман (Feldman, 2003, според Ivcevic, Mayer, 2007). Во моделот на Фелдман, креативните облици на поведение во детството се определени како елементарни или нижи облици на креативност. Средните и виши облици на креативност се можни единствено доколку индивидуата поседува специфично знаење и вештини, способности и специфични личносни особини (како што се високо ниво на енергија, истрајност, склоност кон превземање ризик и слично).

Чикзентмихаљи (Csikszentmihalyi, 1996) доста пишувал за креативноста. Интересно е неговото сфаќање за сложеност и контрадикторност на личноста кај креативните особи. Според него, доколку е потребно со еден збор да се опише по што личноста на високо креативните луѓе се разликува од останатите, тој збор би бил: *сложеност*. И уште повеќе, многу често во личностите на креативните особи се присутни бројни спротивни особини, а таквата спротивставеност понекогаш е есктремна и парадоксална.

Чикзентмихаљи издвојува десет контрадикторни особини често присутни кај креативните особи:

1. *Креативните луѓе поседуваат високо ниво на енергија, но понекогаш се тивки и пасивни.* Работат посветено и концентрирано, долги и долги работни часови, без да покажат знаци на замор. И покрај тоа, изненадувачки е како често можат да бидат пасивни и безволни, да одмараат и спијат долго, без да сработат ништо со денови;

2. *Креативните луѓе често се и исклучително остроумни и наивни во исто време; и мудри и детинести.* Кај креативните луѓе, когнитивното и емоционалното одат рака под рака.

3. *Креативните луѓе ги комбинираат игривоста и дисциплината, одговорноста и неодговорноста*. И покрај безгрижноста и несериозноста карактеристична за голем дел од креативните индивидуи, тие често работат долго, истрајно и посветено.

4. *Креативните луѓе балансираат помеѓу имагинација и фантазијата од една, и реалноста и приземјеноста од друга страна.*

5. *Креативните луѓе се во исто време и интровертни и екстравертни.* Понекогаш се повеќе едното или другото, понекогаш ги манифестираат и екстраверзијата и интроверзијата истовремено.

6. *Креативните луѓе се и скромни и горделиви во исто време.* Често се случува успешен уметник да биде горд на постигнатото, а во исто време да е секојдневен и скромен човек. Чикзентмихаљи претпоставува дека тоа можеби се должи на нивната силна насоченост кон тековни или идни проекти и дела, а помала кон минатите успеси.

7. *Личноста на креативните луѓе излегува надвор од рамките на половите стереотипи.* Бројни истражувања покажале дека креативните млади девојки се подоминантни и поагресивни во споредба со нивните врснички, додека момчињата се поемоционални и помалку агресивни од врсниците. Односно, креативните особи поседувале особини карактеристични за двата пола.

8. *Креативните луѓе се и бунтовници и конзервативни.* Невозможено е да се биде креативен, да се биде неконвенционален, без претходно да се запознаат и усвојат социјалните норми од чии рамки подоцна ќе се излезе.

9. *Повеќето креативни луѓе се многу емоционални и пристрасни во однос на она што го работат, но во исто време можат да бидам и исклучително објективни.*

10. *Отвореноста и емоционалноста ги прават креативните особи ранливи,* често изложувајќи ги на разни облици на страдање и болка. Во исто време, отвореноста и емоционалноста нудат можноста и водат кон чувство на задоволство и исполнетост. Делото на уметникот, доживеано од негова страна како неуспешно, потенцијално води кон страдање и незадоволсно; доколку пак делото се доживува како успех, тоа води кон оргомно задоволство и исполнетост. Меѓутоа, тврди Чикзентмихаљи, најголема болка и духовна празнина, креативната особа дожувува тогаш кога поради одредени причини и е оневозможено да твори.

### 1.2.4.1. Конзерватизам наспроти автономија

Во бројни научни дисциплини, вклучително и во психологијата, застапена е тезата за негативна поврзаност помеѓу креативноста и *конзерватизмот* (Cohen and Ambrose, 1999; Sheldon, 1999; Feist, 1999; Dollinger, 2007). Вилсон (Wilson, 1973, според Dollinger, 2007) конзерватизмот го определува како сложена појава составена од бројни особини, како што се религиски догматизам, десна политичка ориентација (во западните општества), милитаризам, етноцентризам, нетолерантност кон малциски групи, авторитарност, анти-хедонизам, конформизам, традиционалност, суеверие и спротивставување на научниот прогрес. Според овој автор, некои истражувања покажале дека наведените особини често се присутни кај една иста особа и според тоа зборува за *синдром на конзерватизам*. Врз основа на емпириски наоди, Вилсон теоретизира дека конзерватизмот се заснова врз генерализираниот страв од непознато и ново, што понатаму води кон неспремност за менување и ниска толеранција за различното.

Врз основа на теоретските поставки на Вилсон, Долинџер (2007) наведува три причини зошто се очекуваат ниски мерки за креативноста кај изразено конзервативни индивидуи. Прво, особите кои се чувствуваат загрозени од неизвесното, се фокусираат на потребите од понизок ред, со цел зголемување на безбедноста и сигурноста, мотиви кои не вклучуваат спремност за превземање ризик или импровизацијата, на пример. Второ, конформизмот и склоноста кон социјално прифатеното, ја прави особата традиционална и насочено кон она што е познато (и старо), додека сите дефиниции за креативноста подразбираат насоченост кон неконвенционалното (и новото). Понатаму, креативноста понекогаш се поврзува со промени во социјалниот контекст, што по правило би предизвикало анксиозност кај конзервативните индивидуи. Трето, авторитарниот и анти-хедонистичкиот елемент на конзерватизмот водат кон потценување и негирање на имагинативноста.

Според Шелдон (1999), повеќето автори кои пишуваат за креативноста се согласни дека постои конфликтен однос помеѓу мотивите поврзани со креативноста и мотивите поврзани со *конформизмот*. Конформизмот по правило подразбира потреба или

тенденција да се добие одобрување од другите, во исто време проследено со страв од тоа да се биде одбиен или неприфатен. Конформистите се изразито насочени кон тоа како останатите членови на социјалната група ги доживуваат, а нивна примарна цел е заштита и одржување на сликата за себе. Во спротивно, креативното дејствување подразбира првенствена насоченост кон задачата, односно фокусот е првенствено на проблемот, во комбинација со желба да се продре во суштината на нештата, без разлика на тоа во која насока ќе тргне таквата потрага. А често се случува таа насока да биде спротивна на или да доведе до преиспитување на воспоставените социјални и лични норми, верувања, стандарди, практики и слично. За да ги заштити и истрае во остварувањето или проверката на новите идеи, неопходно е креативната особа да покаже спремност за превземање ризик и да дејствува поинаку, а понекогаш и спротивно на воспоставените социјали норми. Според тоа, еден начин на кој конформизмот ја инхибира креативноста е преку намалување на способноста на особата да генерира нови идеи, односно намалување на најзината спремност да ги следи и дејствува согласно истите (Sheldon, 1999). Конформизмот води кон губење на контактот со сопствениот мисловен процес и доживувања, клучен кога станува збор за креативноста. Наместо да се дејствува согласно сопствени мотиви, пориви, доживувања, мисловен тек и слично, особата дејствува согласно утврдените социјални норми и стандарди. Накратко, конзерватизмот ја попречува креативноста поради тоа што групата тежнее кон одржување на социјалните норми и генерално гледано, се спротивствува на она што е поинакво или спротивно од воспоставениот начин на функционирање.

Негативни ефекти се можни дури и кога групата отворено ја подржува креативноста. На пример, професорите може да ги подржуваат и поттикнуваат студентите да создаваат дела кои се нетипични и оригинални, а студентите да добијат разни награди (добра оценка, одобрување, пофалба и слично). Меѓутоа, литературата упатува на тоа дека креативното дејствување е знатно оштетено во ситуации кога истото е надворешно мотивирано (Sheldon, 1999). Поинаку кажано, некои истражувања покажале дека мотивацијата поврзана со надворешно поткрепување е поврзана со намалена когнитивна флексибилност, поплитко процесирање на новите информации и нивна послаба

интеграција во постоечките знаења и помала истрајност, односно со помала креативност во целина. Во спротивно, особите кои се внатрешно мотивирани или мотивирани од самиот проблем, покажале поголема насоченост и истрајност, како и пристап до сопствените подлабоки доживувања, когнитивни ресурси и облици на знаење, што понатаму води кон поголема креативност (Sheldon, 1999). Погрешно е да се заклучи дека групата секогаш и по правило негативно влијае врз капацитетите за и пројавувањето на креативноста. Во одредени случаи се покажало дека групата ја поттикнува и унапредува креативноста. Таков е примерот со техниката бура на идеи или пак намерно формирана група која е насочена кон продуцирање оригинални идеи и во која секој член добива безусловно прифаќање за секој креативен обид.

Некои автори (според Cohen, Ambrose, 1999) креативноста ја поврзуваат со *адаптираноста.* Во споредба со поврзаноста помеѓу креативноста и конформизмот, се очекува поврзаноста помеѓу креативноста и адаптираноста да биде посложена и во одредени ситуации да биде позитивна, а во други негативна. Адаптираноста се определува на неколку начина. Според првата и најчеста определба, адаптираност значи прилагодување на условите од окружувањето. Ваквото дефинирање на адаптираноста ја доближува до конформизмот како појава. Во тој поглед, особите кои се неконформирани со основните социјални вредности и норми, често се доживуваат и определуваат како неприлагодени, па дури и како чудаци или налудничави (Cohen, Ambrose, 1999). Раните определби на креативноста, всушност се фокусираат на патологијата кај креативните создавачи. Според нив, креативните особи се невротични или имаат некое друго ментално нарушување, делумно поради нивната неспособност или неспремност да го прифатат актуелниот општествен систем. На овој начин може да се објасни потеклото на стереотипите за лудиот уметник или научник. Од друга страна пак, најголемите достигнувања во уметноста или науката авторите не ги постигнале со тоа што се вклопиле во и ги прифатиле актуелните општествени вредности и стандарди.

Според втората определба, адаптираноста се однесува на способноста за препознавање, селекција и успешна ориентација на индивидуата кон окружување кое ѝ

одговара. Со менување на насоченоста од субјективно негативната кон субјективно позитивна социјална средина, се одбегнува можноста индивидуите со исклучителни потенцијали да се доживеат себе си како инфериорни и да развијат сиромашна или негативна слика за себе. Според третата определба, адаптираноста подразбира менување на средината на начин кој на особата ѝ одговара (Cohen, Ambrose, 1999). Најчест облик на прилагодување е менување на организмот (вклучително личноста) согласно условите во окружувањето. Меѓутоа, кога станува збор за изразито креативни особи, оправдано е да се очекува менување на средината согласно сопствените особини, што често се инерпретира како неприлагоденост. Според тоа, доколку се имаат во предвид очекувањата на средината дека луѓето треба да се вклопат во и да ги прифатат актуелните социјалните услови, секој обид за поинакаво дејствување (вклучително менување на средината) од другите ќе биде протолкувано како неприлагоденост.

Првиот теоретичар кој зборувал за директната поврзаност помеѓу креативноста и адаптираноста е Ото Ранк (Cohen and Ambrose, 1999; Sheldon, 1999). Според овој автор, кај луѓето постои динамичката тензија помеѓу потребата да се биде зависен и обединет со другите и потребата за одделување од другите како услов за достигнување индивидуалност. Ранк опишува три *типа* или *стадиуми* во развојот на личноста: *конформистички, конфликтен и креативен тип.* Конформистичкиот или адаптиран тип се вклопува во окружувањето, обезбедува рамнотежа и ја намалува конфликтноста, но во исто време ја инхибира креативноста. Конфликтиот тип се карактеризира со подвоеност во личноста и несогласност помеѓу личноста и средината. Ваквата особа ги отфрлила социјалните вредности, верувања, норми и стандарди, со цел формирање сопствени. Меѓутоа, не успеала до крај да се ослободи од општествените влијанија, а личните цели, вредности, норми и слично, се нејасни и во меѓусебна несогласност. Третиот и според Ранк идеален личносен тип е креативниот тип, односно креаторот или уметникот. Ваквиот тип подразбира потполно функционална индивидуа, која ги прифатила и интегрирала стравот да се биде одвоен и стравот да се биде зависен, клучниот услов за вишо ментално фунционирање. Преку личносните типови адаптираноста се определува како вклопување во окружувањето, односно како спротивност на креативноста. Креативноста нужно

подразбира особата да им одолее на конформизмот и адаптираноста (Cohen, Ambrose, 1999).

Во литературата често се прави поврзување помеѓу креативност и *автономијата* како личносна особина. Бројни автори (Barron, Harrington, 1981; Mumford, Gustafson, 1988; Stein, 1974; Wink, 1991, според Sheldon, 1995) тврдат дека автономијата е клучна личносна особина кај високо креативните особи. Шелдон (1995) автономијата ја определува како себе-одредување и спремност за одделување и занемарување на социјалните норми, во ситуации кога е тоа соодветно. Автономијата како особина е присутна во раните теории за креативноста, како што е теоријата на Ранк, споменатa погоре. Според оваа теорија, остварувањето на творечкиот потенцијал е можно само доколку претходи надминување на социјалното условување и развивање на силна, автономна волја (Rank, 1932, 1936, според Sheldon, 1995). Шелдон, врз основа на поставките содржани во *Теоријата за само-одредување* (позната како SD Theory или Self-determination Theory), тврди дека високо креативните особи се способни да се спротивстават на ограничувачките ситуациски и интраперсонални сили, кои често го попречуваат пројавувањето на креативноста. Еден начин тоа да се направи е преку насоченоста првенствено кон сопствените интринзички потреби и мотиви. Експерименталните истражувања на Амејбил (Amabile, 1983, 1990, според Sheldon, 1995) покажале дека надворешно мотивираното поведение е помалку креативно во споредба со внатрешно мотивираното. Ваквите резултати се во согласност со наоди од некои истражувања, кои покажале дека во случаи кога испитаниците имале доживување дека се однесуваат согласно надворешни (социјални) стандарди и барања, нивните способности и потреби за иновативност биле инхибирани (Sheldon, 1995). Според тоа, Шелдон заклучува дека надворешно мотивираното поведение е облик на неавтономно или социјално условено/контролирано поведение, а внатрешно мотивираното поведение е облик на автономно поведение. Истражувањата во рамки на Теоријата за само-одредување покажале дека контролирачките и ограничувачки средински фактори негативно влијаат врз квалитетот на функционирањето и на разни начини ја попречуваат креативноста. Надворешно мотивираното поведение е помалку флексибилно, помалку исполнувачко, помалку спонтано и иновативно. Покрај

перцепирањето на дадената ситуација (како помалку или повеќе ограничувачка и структирирана), од клучно значење е и доживеаниот *локус на контрола* како личносна особина. Доколку индивидуата, во однос на конкретна област, има доживување за изразито внатрешен локус на контрола, се очекува таа индивидуа да биде подобро прилагодена и поуспешна во дадената област, споредено со индивидуите кои за таа област на функционирање имаат надворешен локус на контрола. Гледано генерално (во однос на бројни и разни области од живеењето), индивидуите ориентирани кон автономија или внатрешен локус на контрола, покажале повисоки вредности на мерките за психолошка добросостојба, споредено со индивидуите насочени кон средински фактори или надворешен локус на контрола (Sheldon, 1995).

Воден од емпириските наоди на Амејбил, како и од Теоријата за само-одредување и поставките содржани во хуманистичките теории за личноста (Maslow, 1962; Rogers, 1964, според Sheldon, 1995), Шелдон ја предлага *Хипотезата за автентичност*[4]. Според оваа хипотеза, автономните индивидуи се во подобар контакт со сопствените организмички интегративни тенденции - вродени аспекти на личносниот развој. Поинаку кажано, автономните особи се и поавтентични, односно се одликуваат со поголема емоционална приемчивост, отвореност за сопствените потреби и доживувања и поголема психолошка длабочина (Sheldon, 1995, 1999, 2009).

Бројни автори (на пр. Фројд, а во поново време припадници на постмодерниот приод, според Sheldon, 2009), сметаат дека, како резултат на несвесни процеси и социјални влијанија, себството и сликата за себе се неавтентични и искривени. Шелдон, согласно учењето на Роџерс, тврди дека и покрај тоа што општествените недостатоци и несоодветното воспитување често водат кон искривена слика за себе и неавтентично себство, тоа не значи дека формирање и развојот на автентична слика за себе е невозможно. Навистина, емпириските истражувања и наоди во однос на автентичноста како што ја определил Роџерс се ограничени (според Шелдон, Кернис и др. главната причина за тоа е апстрактноста на концептот за автентичност). Меѓутоа, слични идеи се

[4] “Attunement” hypothesis

содржани во некои понови теории, кои добиваат значителна емпириска потврда. Таков е случајот со *Теоријата за само-одредување,* според која кај луѓето постојат внатрешни мотиви кои го одредуваат поведението и за кои може да се каже дека крајната цел е самото поведение (*интринзичка мотивација*). Се разбира, не секој облик на внатрешно мотивирано поведение носи задоволство и исполнетост. Според тоа, Теоријата за само-одредување предлага постоење и на *мотиви поврзани со себството*. Со нив се објаснува поведението кое може да биде непријатно и да подразбира напор и одрекување, меѓутоа е поврзано со некои клучни вредности или верувања на особата. Според Теоријата за само-одредување, интринзичките и мотивите на себството заедно ја сочинуваат *автономната мотивација* и се одраз на подлабоките и потрајни делови на личноста. Во спротивност, *контролираната* или *надворешна мотивација* е поврзана со поведение поттикнато од средината или од неконтролирани интроекти, кои не се дел од сликата за себе (Sheldon, 2009).

Шелдон и сор. (2009) спровеле серија емпириски истражувања и нашле дека индивидуите кои се идентификувале со поставените животни цели во чија основа стоеле клучни мотиви, споредено со оние чии животни цели биле надворешно мотивирани или првенствено социјално условени, имале бројни функционални придобивки и стоеле повисоко на мерките за психолошка добросостојба. Можното објаснување според авторите, е во тоа што во случај кога животните цели се во согласност со клучните личносни особини, нивното достигнување или посветеноста на истите, води кон задоволување на најбитните мотиви и позитивно влијае врз личноста како целина. Во спротивно, кога поставените цели не се во согласност со личносните особини, туку се социјално условени, дури и нивното достигнување не води кон изразени позитивни ефекти. Шелдон и сор. тврдат дека доживувањето на особата дека во одредена област од живеењето (пр. ѕтудирање, романтична врска) дејствува автентично и ги пројавува своите клучни личносни особини, со поголема успешност од Моделот на ѕолемите рет ја предвидува успешноста и позитивнoto функционирање во рамки на дадената област (Sheldon, 2009). Кернис и сор. (Kernis et al, 1993, според Sheldon, 2009) автентичноста ја определуваат преку четири нејзини компоненти: *свесност* за сопствените мотиви, желби

и доживувања; *непристрасно* (*недефанзивно*) *процесирање* на внатрешните информации; *поведение* кое е во согласност со личносните вредности, верувања и потреби; и *социјална ориентација* во која особата ги вреднува отвореноста и искреноста во интерперсоналните релации, дури и кога тоа значи покажување на сопствените недостатоци. Очигледна е согласноста на ваквата определба со теоретските поставки на Роџерс, Маслов и Теоријата за само-одредување. Согласно Теоријата за само-одредување и хипотезата за автентичност, креативноста се определува како спореден или пропратен ефект на поопштите автоматски интегративни процеси, кои непречено се одвиваат кај особите кои се автентични и автономни.

Шелдон и сор. (1999) нудат можно објаснување за поврзаноста помеѓу креативноста и автономијата. Според нив, веројатно е дека високо креативните особи, со оглед на тоа дека не се директно зависни од мислењето на другите, способни се селективно да одберат што им одговара од понудените социјални реакции: го прифаќаат она што е во согласност и отфрлаат она што не е во согласност со сопствените перцепции. Како резултат, се минимизираат потенцијално негативните ефекти на социјалното окружување врз контактот со сопствените мотиви, знаења и доживувања. На тој начин креативните индивидуи се способни да ја одржат и унапредат интринзичката мотивација и да обезбедат пристап до сопствените ресурси.

## 1.5. Сликата за себе кај ликовните уметници и научниците

Тенденцијата за хероизирање на уметникот, во западната култура е присутна со векови. Во периодот на ренесансата особено се зацврстува и понатаму опстојува романтичарското доживување на уметникот како исклучително и возвишено човечко суштество, во кое е содржана самата суштина на човечката природа. Уметникот е револуционер, двигател на културата, носител и креатор на општествените вредности (Taylor, 1991, според Bruno, 2000). Ваквиот *концепт* за уметникот е присутен и во науката и психологијата: во психолошките описи на генијот и уметникот, а во поново време во некои концепции за креативноста, на пример. Јунг (Jung, 1984) дури уметникот го одвојува од делото, творецот го одвојува од творечкиот процес: уметникот е реален, безличен, па дури и нечовечен и натчовечен, затоа што како уметник тој е секогаш своето дело, а не човек. Секој творец е дуалитет или синтеза на пародоксални особини. Од една страна е човек-личност, а од друга страна е безличен, творечки процес. Според Јунг, уметникот е (само) инструмент на и во служба на делото. За разлика од него, Ниче, иако наклонет кон уметноста, тврди дека идејата за уметникот како носител и “слуга” на општествената моралност, филозофија или религија (и со тоа поврзаните индивидуалност и автономија) е убава романтичарска мисла, но таа не е во согласност со вистината (Bruno, 2000). Основната улога на уметникот е да твори, да создава уметност. Во денешно време не е реткост да се наиде на така  високо ценет и вреднуван уметник, што неговата работа останува во втор план. Мистицизацијата на уметникот има цена, која уметникот ја плаќа со своето “Јас”, тврди Ватимо (Vattimo 1997, според Bruno, 2000). Тој мора да го оправда елитниот статус кој општеството му го доделил. Таквиот статус речиси по правило оди заедно со универзалниот модел за уметникот како духовен одметник и ексцентрик. На уметникот не се гледа само како на творец. Уметник е уште и начин на живеење, животен стил. Познат е и мошне раширен стереотипот за уметникот како поинаков, ексцентичен, импулсивен и конфликтен, “див и нерафиниран”, неконформист, егоцентичен, па дури и налудничав.

Повеќето теоретичари и истражувачи на сликата за себе се согласуваат дека во нејзиното формирање и менување, од клучна важност се социјалните интерации, особено оние со значајните други. Сликата за себе настанува и се менува како резултат на интернализацијата на вреднувањата и оценките од другите (Baumeister, 2011). Според тоа, доколку во општеството е присутен и раширен стереотипот за уметникот како општествен одметник, се претпоставува дека оценките и информациите за себе кои уметникот ги добива од другите (и истите ги интернализира), можат да бидат под влијание на тој стереотип. Според Робинсон и Седикидес (2009), кога луѓето се опишуваат себе си во општи термини или независно од конкретна социјална улога или ситуација, се повикуваат на повеќе извори на информации. Еден од таквите извори на информации претставува повикувањето на стереотипски утврденото знаење за себе. Односно, кога луѓето се опишуваат себе си, често се повикуваат на генерализирани и стабилни верувања за себе, кои се релативно независни од моменталното или ситуациски условеното себедоживување. Понатаму, овие автори тврдат дека иако на прв поглед изгледа парадоксално, себеизвештаите за поопштите и постабилни психички особини се под поголемо влијание на конкретни општествени стереотипи, во споредба со извештаите за тековното себедоживување.

Во академски контекст, од големо значење за сликата за себе е социјалната споредба. Според *теоријата за социјална споредба*, луѓето, во отсуство на објективни критериуми, се споредуваат со другите, барајќи субјективни критериуми (Litster, 2007). Во *однос на сликата за себе, Јанос (Janos, 1990, според Litster, 2007) го предлага следново:* студентите се споредуваат со врсниците и преку споредувањето со нивните способности и особини, ги перцепираат и вреднуваат сопствените. Перцепирањето на и споредувањето со особините и способностите на врсниците, заедно со мислењето кои тие го имаат за особата, се од клучно значење за развојот и менувањето на сликата за себе во овој период. Бурлесон и сор. (Burleson et al, 2005) освен за улогата која социјалната споредба ја има во развојот на сликата за себе, зборуваат и за *'ефектот голема риба во мал сад'* (*Big fish little pond effect*), присутен кај студентите по ликовни уметности. Овој поим се однесува на споредувањето на високо талентираните студенти/ученици со своите

врсници во регуларно академско окружување. Односно, вреднувајќи ги и поставувајќи ги сопствените особини и особено сопствените способности, над тие на своите врсници, талентираните индивидуи се доживуваат супериорно: како натпросечно способни и успешни. Ваквите вреднувања и оценки се следени со позитивни промени во сликата за себе. Но, кога талентираните ученици ќе преминат во средина на “еднакви на себе” (на пример, кога ќе се вклучат во некоја напредна училишна програма или ќе се запишат на факултет), односно кога се споредуваат себе си со врсници кои се исто така талентирани и успешни, дури и најсилната и најстабилната слика за себе е ставена на тест (Burleson et al, 2005). Студентите се соочуваат со голем притисок и потреба за докажување, а споредувајќи се себе си со останатите, се доживуваат како просечни или потпросечни. Ефектот на *голема риба во мал сад* се менува во ефект на *мала риба во голем сад*. Поинаку кажано, споредувањето со врсници кои се доживуваат како еднакви или дури поуспешни и поспособни, води кон негативни промени во сликата за себе.Од друга страна пак, исто така во согласност со теоријата за социјална споредба, постои можност студентите кои се насочени кон постигнување и себедокажување, да бидат поттикнати и инспирирани од оние кои се поуспешни од нив, првенствено преку механизмот на идентификација. Тоа пак води кон подобрување на сликата за себе.

Сликата за себе кај уметниците е специфична, во смисла на нагласеност на одредени нејзини делови. Два такви нагласени аспекти се *идентификувањето на себе си како уметник* и *професионалните аспирации* (Burleson et al, 2005). Идентификувањето на себе си како уметник, подразбира потполно инвестирање на себе си во областа и се менифестира на три начина, кои се меѓусебно поврзани. Прво, идентификувањето на себе си како уметник значи дека уметноста, односно “Јас како уметник” завзема централна позиција во сликата за себе. Второ, идентификувањето на себе си како уметник подразбира дека во сликата за себе вклучени знаења и верувања за сопствените уметнички способности и вештини. И трето, идентификувањето на себе си како уметник е поврзано со позитивна мотивираност и емоции во врска со уметноста (Campbell, 1990; Harter, 1999, според Burleson et al, 2005). Професионалните аспирации се важен дел на сликата за себе кај студентите. Истражувањата покажале дека повеќето студенти од

областа на уметноста имаат релативно високи, иако општо определени, професионални аспирации (Kracke, 2002, според Burleson, 2005).

Во рамките на Петфакторскиот модел на личноста или Моделот на големите пет, заснован на резултати од истражувања, личносните особини на уметниците воглавно се разгледуваат преку поврзувања на петте фактори со креативноста. Во рамките на овој модел, се наведува позитивна поврзаност на креативноста со отвореноста за искуства, невртотицизмот и екстраверзијата, а негативна со совесност (Gelade, 2002). И покрај теоретските објаснувања во прилог на наведениве тврдења, резултатите од истражувањата се неконзистентни (освен во однос на отвореноста за искуства, каде по правило постои висока позитивна поврзаност). Според теоретските поставки на овој модел, секој фактор е составен од бројни субфактори или фацети. Според тоа, едно можно објаснување за несогласноста на резултатите може да биде следново: можно е креативноста да биде поврзана со одредени аспекти од факторите, но не и со други. На пример, во однос на екстраверзијата, можно е да е поврзана со поткатегоријата високо ниво на енергија, но не и со барањето социјални стимулуси. Во прилог на последново одат и резултатите од себеописите на уметниците, според кои тие се доживуваат како енергични и импулсивни, а во исто време насочени кон себе и затворени (Litster, 2007).

Понатаму, Робинсон и Седикидс (2009) прават интересно поврзување помеѓу особините на личноста, сликата за себе и стереотипите. Според нив, а како што беше споменато, личносните особини можат да се сфатат и како генерализирано знаење за себе. Особините на личноста (првенствено знаења и верувања за себе) се присутни и во сликата за себе. Во процесот на стекнување знаења за себе, индивидуите се насочуваат кон бројни и разни извори на информации. Еден таков извор на информации за себе се стереотипите. Поинаку кажано, знаењата и верувањата кои особата ги има за себе, често се во согласност со одредени релевантни стереотипи. Во основа, авторите укажуваат на преклопувањето на изворите на информации за себе.Односно, личносните особини кои се одликуваат со висок степен на постојаност и се присутни во сликата за себе, можат да влијаат врз перцепирањето и усвојувањето на информациите кои индивидуата ги добива

од другите. И обратно, стереотипите можат да влијаат врз перцепирањето на постоечките личносни особини и да одредат дали и во која форма тие ќе бидат застапени во сликата за себе (Simonton, 1999).

Една од клучните особини на уметниците и научниците е автономноста, односно независноста. Според Феист (1999), автономноста не е изолирана личносна особина, туку е дел од поширок кластер или збир на особини, за кои може да се каже дека се директно поврзани со социјалниот контекст. Во споменатиот кластер, покрај автономноста се наоѓаат и интроверзија, внатрешен локус на контрола, интринзичка мотивација, висока самодоверба и арогантност, неконформираност и сомнеж во општествените норми, осаменост, асоцијалност, дури и антисоцијалност. Во литературата постојат конзистентни наоди за изразена *интровертност* кај уметниците и научниците. Доколку станува збор за изразено креативни уметници или научници, се очекува уште понагласена интровертност. Согласно теоријата и наодите на Ајзенк, Феист (1999) тврди дека интроверзијата има биолошки основи, односно станува збор за особина која е дел од темпераментот. Една од клучните разлики помеѓу интровертите и екстравертите, се однесува на зачестеноста и итензитетот на емоционалните реакции. За интровертите е карактеристичен низок праг на толеранција и зголемена реактивност.

Друга личносна особина која е поврзана со автономноста е локусот на контрола. И уметниците и научниците се одликуваат со нагласен *внатрешен локус на контрола.* Во согласност со ориентираноста кон себе, за уметниците и креативните научници е карактеристична *интринзичка мотивираност*. Наодите од некои истражувања покажале дека луѓето се покреативни во случаи кога се мотивирани од внатрешни фактори: задоволство, исполнетост, предизвик, идентификација со процесот и слично. Во спротивно, луѓето се помалку креативни доколку се мотивирани од надворешни фактори: евалуација, натпревар, награда и слично. Меѓутоа, често се случува креативното поведение да биде мотивирано не од позитивни, туку од негативни емоционални состојби и доживувања. Но, не е оправдано надворешната мотивација да се поврзува единствено со ниска креативност. Во некои истражувања е најдено дека одредени облици

на надворешна мотивираноста ја поттикнуваат и унапредуваат креативноста. Од погоре наведените наоди, Феист (1999) заклучува дека најбезбедно е да се претпостави следново: надворешната мотивираност, во отсуство на внатрешна, навистина е поврзана со намалена креативност.

За уметниците и креативните научници се карактеристични *неконформираност и преиспитување на социјалните норми*. Овие особини, заедно со асоцијалноста, се основата врз која е изграден стереотипот за "уметникот или научникот самотник" (Feist, 1999; Sheldon, 1999). Внатрешната мотивираност и тенденцијата кон бунтовност и неконформизам, се клучни особини на уметниците. Дури, смета Феист, социјалната улога уметник, во современото општество нужно подразбира предизвикување и преиспитување на воспоставените социјални норми и ограничувања. Во некои истражувања (според Feist, 1999), наодите покажале дека најкреативните испитаници биле конфликтни, импулсивни, неконформисти, скептични, независни и не воделе многу сметка за должностите и обврските. Неконформизмот кај уметниците и научниците е поврзан со потребата и спремноста да се биде сам и надвор од влијанието на другите. Според Феист (1999), дури може да се каже дека креативните и интерперсоналните вештини имаат опозитна поставеност. Креативното дејствување подразбира осаменост - способност да се биде сам подолг временски период, да се прекине контактот со другите и да се оствари контакт со себе и делото. Креативните особи често се асоцијални, дури и антисоцијални. Ова особено се однесува на уметниците. Освен неконформизмот и асоцијалноста, уметниците се и радикални, импулсивни, неодговорни, агресивни, егоцентрични, тврдоглави и оставаат лош впечаток (Feist, 1998, 1999).

## 1.6. Вредности и вредносни ориентации

Вредностите се вид на верувања, кои се определуваат како позитивни вреднувања, односно претпочитања на и стремежи кон основните човечки вредности: здравје, меѓучовечки врски и љубов, моќ и власт, пари и богатство, убавина и уметност, знаења и наука, религија и др. (Јанаков, 2011). Станува збор за верувања за тоа кои резултати или насоки на дејствување се посакувани или добри (Prentice, 2000; Roccas, Sagiv, 2009). Вредностите се клучни личносни составки и имаат улога на водечки принципи, кои влијаат врз начинот на кој индивидуата го перцепира и интерпретира светот, нејзините преференции, избори, поведение и начини на дејстување (Roccas, Sagiv, 2009).

Добрата определба на вредностите подразбира нивно разграничување од личносни составки кои им се повеќе или помалку сродни. Слично на *ставовите*, тие содржат евалуативна компонента. Меѓутоа, вредностите, за разлика од ставовите, кај секоја индивидуа се значително помалку на број и се поцентрални личносни својства. Понормативни се, во смисол дека вклучуваат проценка за тоа што и како треба да биде, а не едноставно што и како некој би сакал да биде (Prentice, 2000). Слично на некои други личносни составки, на пример *потребите*, вредностите имаат мотивациска компонента. Некои автори (пр. Rokeach, 1973; Schwartz, 1992, според Locke, 2002) тврдат дека вредностите се засноваат врз потреби. Меѓутоа, за разлика од потребите, вредностите имаат нагласена когнитивна компонента и се во директна поврзаност со социјалните норми и барања. Дел од потребите се вродени или барем делумно вредени, додека вредностите се научени и социјално условени (Prentice, 2000; Locke, 2002). Потребите често се несвесни, додека вредностите (иако понекогаш потвесни) по правило се релативно лесно достапни за свесноста (Rokeach, 1972, според Locke, 2002).

За *цртите* се вели дека се релативно трајни, некогнитивни личносни својства. Основни составни делови се на карактерот, што не е случај со вредностите. Понатаму, во споредба со цртите, вредностите се помалку стабилни, односно се поподложни на менување. Во споредба со *нормите*, за вредностите се вели дека се поопшти личносни својства. Излегуваат од границите на конкретните ситуации и се повеќе лични и

внатрешни, споредено со нормите, кои се повеќе општествено прифатени правила (Prentice, 2000). *Интересирањата* или *склоностите* претставуваат долготрајна насоченост и позитивна приврзаност кон нешто што побудува соодветно дејствување. Јадро на склоноста е долготрајна потреба за извесна дејност. До задоволство и исполнетост не води само резултатот од таквата дејност, туку и самата дејност, процесот или изведбата на дејноста (Јанаков, 2011). Вредностите, слично на интересирањата, ги одредуваат и насочуваат вреднувањата, проценките, изборите и активностите, но за разлика од интересирањата, се поопшти, потрајни и имаат нагласена нормативна компонента (Prentice, 2000). Сродни на личните вредности им се *идеалите* - претстави или замисли за совршени нешта или највисоки цели. Примери се: совршен партнер, совршен брак, совршено ликовно или музичко дело, совршена куќа; или искоренување на смртоносните болести и слично (Јанаков, 2011). Идеалите ја "водат" особата, ги насочуваат нејзините активности, пошироко - нејзиното живеење. Блиски на вредностите се и *целите*. Ги одделува првенствено степенот на генерабилност: вредностите се поопшти личносни својства. Може да се каже дека целите се вредности кои се конкретизирани или применети во одредена ситуација. Вредностите се достигнуваат преку остварување цели (Locke, 2002).

Вредностите не се наоѓаат помеѓу најчесто истражуваните психички појави (Roccas, Sagiv, 2009) и не постои консензус околу нивната определба (Popoviћ, Zotoviћ, 2009). Кузманович (Kuzmanoviћ, 1995, според Lukoviћ, Čizmiћ, 2012, стр. 84) вредностите ги определува како *сфаќања или убедувања за лично или општествено пожелни општи начини на однесување, видови активности и релативно трајни состојби во природата, општеството и поединецот*. Вредностите имаат две клучни карактеристики. Првата е дека се тоа диспозиции насочени кон остварување цели кои за индивидуата се посакувани и вредни, а втората е дека се тоа диспозиции кои завземаат централна положба во структурата на личноста и силно и трајно мотивираат кон одредена активност (Rot, 2008, според Lukoviћ, Čizmiћ, 2012). Најголем дел од современите истражувања и теоретизирања за вредностите, се засноваат врз теоријата на Рокич. Во неа вредностите се дефинирани како *трајни верувања за тоа кои насоки на дејствување или резултати*

*се личносно или социјално пожелни и добри* (Rokeach, 1973, според Baltes et al, 2002, стр. 339). Согласно ваквата определба, Рокич зборува за два вида на вредности. Првите, наречени *инструментални вредности*, се однесуваат на облици и насоки на дејствување (пр. да се биде чесен, храбар, скромен) за кои особата верува дека ќе доведат до посакуваните исходи. Вторите, *терминални вредности,* се однесуваат на самите крајни и посакувани исходи или состојби. Можна е натамошна поделба на инструменталните и терминални вредности, согласно тоа дали се однесуваат на личната добросостојба или на добросостојбата на другите. Инструменталните вредности насочени кон себе се нарекуваат *вредности на компетентност* (пр. да се биде насочен кон интелектуалното, да се биде амбициозен, независен и сл.), а оние насочени кон другите се *морални вредности* (пр. да се помага, простува, да се биде учтив и сл.). Слично, терминалните вредности кои се насочени кон себе се нарекуваат, едноставно, *лични вредности* (пр. себепочитување, удобен живот и сл.), а терминалните вредности насочени кон другите се определуваат како *социјални вредности* (пр. еднаквост, национална безбедност, мир и сл.) (Baltes et al., 2002; Roccas, Sagiv, 2009).

Вредностите се меѓусебно поврзани и образуваат хиерархиски уреден систем (Prentice, 2000; Locke, 2002; Roccas, Sagiv, 2009; Reber, Reber, 2010; Јанаков, 2011). Согласно системската теорија за верувањата на Роќич, вредностите претставуваат хиерархиски организиран систем на верувања за тоа дека одредени модели на дејствување се подобри од други и дека одредени исходи и начини на живеење се подобри од други исходи и начини на живеење . Ваквите претпочитања, произлегуваат од индивидуалните потреби од една и општествените барања од друга страна и по број се релативно ограничени (Prentice, 2000). Вредностите уште се определуваат како "експлицитен или имплицитен концепт, карактеристичен за одредена индивидуа или група, кој се однесува на посакуваното и влијае врз одбирањето на одреден модел на дејствување, систем на значења или исходи/крајни состојби" (Smith, 1991, стр. 5). Вредносниот ситем е изразито општествено условен (Јанаков, 2011). Меѓутоа, основна претпоставка е дека дејствувањето во согласност со основните вредности е доброволно и без надворешна принуда (Reber, Reber, 2010). Системот на вредности се формира во

младоста и понатаму повеќе или помалку се менува (Јанаков, 2011). Евентуалното менување на вредносниот ситем е следено со промени на некои други личносни составки (ставови и верувања на пример), но најмногу со значителни промени во поведението и пошироко, начинот на живеење. Иако промените се можни и се случуваат, сепак станува збор за релативно стабилен личносен систем (Prentice, 2000).

Разни автори, нудат разни модели во однос на тоа кои се и колку вредносни ориентации постојат. На пример, според Е. Шпрангер, основни вредности, односно типови на личност се: теориски, економски, естетски, општествени, политички (власт, владеење) и религиозни (Јанаков, 2011; Prentice, 2000). Шварц и сор. (Schwartz et al., 1992, според Prentice, 2000; Baltes et al., 2002; Roccas, Sagiv, 2009) развиваат теорија за содржината и структурата на вредностите, чии основи се слични со теоријата на Рокич. Според овие автори, вредностите се разликуваат првенствено во однос на потребата која ја одразуваат. Шварц (2012), по направениот преглед на литературата во однос на бројни истражувања и теоретски модели, ги сумира клучните одлики на вредностите:

- *Вредностите претставуваат верувања*. Меѓутоа, не станува збор за “ладни” и објективни идеи, туку за клучни верувања кои се силно емоционално обоени;
- *Вредностите се мотивациски конструкти*. Се однесуваат на одредени цели кон кои луѓето тежнеат и за чие постигнување превземаат разни дејства;
- *Вредностите ги надминуваат конкретните дејствија и ситуации*. Тие се транс-ситуациски, апстрактни цели. Нивната апстрактна природа ги разликува од нормите и ставовите;
- *Вредносите ја насочуваат селекцијата и евалуацијата на одредени дејства, луѓе, настани или ситуации*. Имаат улога на стандарди или критериуми;
- *Вредностите се огранизирани во систем, согласно важноста која им ја придава индивидуата*. Хиерархискиот систем на вредности е нагласено индивидуализиран.

Шварц вредностите ги определува како посакувани, транс-ситуациски цели, со индивидуално различна важност, кои имаат улога на водечки принципи во животот на

луѓето. Клучниот содржински аспект на вредностите, кој ги разликуваат едни од други, е мотивациската цел која тие ја одразуваат. Тој нуди теоретски модел составен од десет мотивациски дистинктивни, широки и основни вредности или вредносни ориентации, а секоја од нив може да се опише со помош на целта која во себе ја содржи:

1. *Себе-управување*. Индивидуалност, независност во мислите и дејствувањето, создавање и истражување;
2. *Стимулација*. Авантуризам, барање возбуда, новост и предизвици во живеењето;
3. *Хедонизам.* Задоволство и уживање, сензорно задоволување;
4. *Постигнување.* Личен успех преку покажување компетентност, согласно социјалните стандарди;
5. *Моќ.* Социјален статус и престиж, контрола или доминација врз луѓе и ресурси;
6. *Сигурност*. Општествена и сопствена безбедност, хармонија и стабилност;
7. *Конформизам*. Воздржување во дејства, склоности и импулси кои би ги повределе или вознемириле другите и кои не се во согласност со социјалните норми и очекувања;
8. *Традиција.* Почитување, посветеност и прифаќање на обичаите и идеите присутни во традиционалната култура и религија;
9. *Алтруизам.*Чување и унапредување на добросостојбата на другите - оние со кои се има чест контакт;
10. *Универзализам.* Слободоумност, разбирање, почитување, толеранција и заштита на добросостојбата на сите луѓе и природата.

Од наведените вредности, некои се особено блиски, согласно потребите кои се наоѓаат во нивната основа. Така, слични (иако во одредени аспекти различни) се вредносните ориентации *моќ* и *постигнување*, понатаму *традиција* и *конформизам* или *алтруизам* и *конформизам*. Активностите и дејствата поврзани со одредена вредност, имаат психолошки, практични и социјални последици кои може да бидат конгруенти или пак спротивставени на оние поврзани со други вредности. На пример, вредносната

ориентираност кон постигнување може да биде во конфликт со алтруизмот, но во исто време да биде во согласност со ориентираноста кон моќ. Или, често се случува ориентираноста кон стимулација да биде во конфликтна поставеност со традицијата. А вреднувањето на традицијата, по правило е во согласност со конформизмот (Schwartz, 2012).

Циркуларната структура на слика 1, го илустрира теоретски претпоставениот образец на конфликтност или конгруентност на вредностите. Колку две вредности се поблиску една до друга, без разлика на правецот, толку се тие мотивациски послични. И обратно, колку две вредности се наоѓаат подалеку на мотивацискиот контимуум, толку повеќе мотивациски се разликаат.

Слика 1. *Теоретски модел за односот помеѓу десетте видови на вредности*



Наведените десет типови вредности, всушност се индикатори на две генерални и биполарни, со конфликтна поставеност димензии. Првата е *отвореност кон промени наспроти конзерватизам.* Се однесува на отвореноста за нови искуства, барање стумулација, независност во мислењето и поведението, како спротивност на конзерватизмот и традиционалноста, конформизмот и сигурноста. Втората димензија е *себе-унапредување наспроти себе-трансцедирање.* Се однесува на себе-интересите: стекнување моќ врз луѓе и ресурси, постанување успешен и компетентен, како спротивност на помагање и грижа за другите, прифаќање, толеранција и разбирање на сличните и различните од себе. Хедонизмот како вредносна ориентација, содржи елементи и на отвореност кон промени и на себе-унапредување (Baltes et al., 2002; Roccas, Sagiv, 2009; Schwartz, 2012). Споменатите димензии ретко се истражуваат. Најголем дел од истражувањата се насочени кон десетте типови на вредности. Наодите од околу 200 истражувања, спроведени во 70 земји, нудат силна емпириска подршка за теоретскиот модел на Шварц и сор. (Roccas, Sagiv, 2009; Schwartz, 2012).

Според Попадиќ (Попадић, 1995), во бројните теоретско-емпириски истражувања на вредностите, се користат разни и бројни термини: вредности, вредносни ориентации, личносни идеали, идејни ориентации, преферирани начини на живеење и слично. Неретко, наведените поими се користат како синоними (Kuzmanović, 1995; Petrović, Zotović, 2009). Можно е да се направи дистинкција помеѓу *вредности, вредносни ориентации и животни стилови*. Под *вредности* најчесто се подразбира однос кон основните општествени идеи и норми, односно кон релативно општи и апстрактни објекти, додека под *вредносни ориентации* - општ начин на дејствување и однесување на поединецот во различни ситуации (Luković, Čizmić, 2012). Кузмановиќ (Kuzmanović, 1995, според Luković, Čizmić, 2012) смета дека *животниот стил* е одреден преку начинот на задоволување на потребите, на поминување на слободното време, воспоставените интерперсонални и општествени односи и слично и како поим е многу близок на вредносните ориентации. Евентуална разликата помеѓу вредносните ориентации и животниот стил може да се направи доколку под вредносните ориентации се подразбираат општи цели, а под животниот стил начин на остварување на тие цели.

Животните стилови всушност претставуваат операционализација на вредносните ориентации, односно еден од можните начини на операционализација на вредноснитте ориентации. Врз основа на преферираните животни стилови, заклучуваме за вредносните ориентации на индивидуата (Јоксимовић, Максић, 2006, според Petroviћ, Zotoviћ, 2009).

Вредностите се социјално условени, се формираат во социјален контекст. Одредени социјални ситуации и услови, овозможуваат остварување или пројавување на вредностите, додека други го инхибираат (Baltes et al, 2002; Schwartz, 2012). На пример, остварувањето или експресијата на вредноста универзализам, во нагласено етноцентрично окружување, е отежнато. Професија во која се поттикнува слобода во изборот и е флексибилна, го зголемува значењето кое вработениот го придава на себе-управувањето и независноста, за сметка на конформизмот. Да претпоставиме дека некоја жена живее во социјална средина во која се застапени половите стереотипи. Во таков случај, нејзината ориентираност кон алтруизам ќе биде подржана и наградена, а ориентираноста кон моќ санкционирана. Вообичаено е, луѓето да ги прилагодуваат своите вредности на условите од окружувањето: зголемување на личното значење на социјално посакуваната, а намалување на важноста на социјално непосакуваната вредност. Меѓутоа, постојат исклучоци. Таков е примерот со вредностите кои се однесуваат на материјална добросостојба (моќ) и сигурност. Доколку остварувањето на овие вредности е попречено или оневозможено, значењето кое тие го имаат за индивидуата се зголемува (Schvartz, 2012).

Теоретскиот модел за односот помеѓу вредностите, прикажан на слика 1, нуди можност за предвидување на нивната поврзаност со други личносни варијабли. Вредностите кои во циркуларната структура се наоѓаат една до друга (пр. моќ и постигнување), се очекува на ист или сличен начин да бидат поврзани со други варијабли. Поврзаноста на вредностите со други варијабли, со зголемување на оддалеченоста на вредностите во кругот, прогресивно и во двете насоки, се намалува. На пример, доколку две вредносни ориентации се поставени дијагонално во циркуларниот модел, а првата од нив е во значајна позитивна корелација со одредена варијабла, се очекува дијагонално

поставената вредносна ориентација да биде во знајачна негативна поврзаност со истата таа варијабла.

Вредносните ориентации се поврзани со возраста. Општествените случувања и услови специфични за одредена кохорта, особено во периодот на адолесценција, имаат нагласено влијание во формирањето на вредносниот систем. Понатаму, вредностите се поврзани со стадиумите од животот, односно со клучните животни настани. Стапување во брак, родителство, пензионирање и слично, може да доведе до зголемување на личното значење на одредени вредности, а намалување на важноста на други (Schwartz, 2012). Бројни теоретичари (пр. психоаналитичари, еволуциони и социјални психолози), тврдат дека постојат полови разлики во однос на вредносните ориентации и на различен начин ги објаснуваат. За жените се вели дека се поповрзани со другите и повеќе насочени кон праведност, рамноправност и добросостојбата на другите. Ориентирани се кон "поекспресивни", кон-особата-насочени улоги. Спротивно, мажите се поавтономни и со нагласен индивидуализам, насочени кон моќ и постигнување. Ориентирани се кон "инструментални", кон-задачата-насочени улоги (Schwartz, 2012). Во однос на теоретскиот модел на Шварц, се претпоставува дека кај мажите понагласени ќе бидат ориентираност кон моќ, постигнување, хедонизам, стимулација и себеуправување, споредено со жените, кај кои понагласени се алтруизам, универзализам, конформизам и сигурност. Меѓутоа, некои емпирикси наоди (според Schwartz, 2012) покажале дека конформизмот и традицијата како вредносни ориентации, не се во значајна поврзаност со полот, туку многу повеќе се поврзани со културата и социјалниот контекст. Интересна е и поврзаноста помеѓу вредностите и нивото на образование, која моделот на Шварц ја претпоставува. Се очекува нивото на образование да биде во позитивна поврзаност со отвореност кон промени и флексибилност, односно сосебе-управување, стимулација, постигнување и универзализам. Истовремено, моделот претпоставува негативна поврзаност помеѓу нивото на образование и конформизам, традиција и сигурност.

Вредностите влијаат врз поведението само доколку се активираат (Roccas, Sagiv, 2009). Активирањето може да содржи или да не содржи свесност за конкретната

вредност. Бројни психолошки процеси, вклучително процесирања на информации, се одвиваат надвор од полето на свесноста. Колку одредена вредност е попристапна за или поприсутна во свесноста, толку нејзината важност е поголема, а нејзиното активирање полесно. Вредностите на кои особата им придава најголемо значење, имаат централна позиција во сликата за себе (Bardi, 2000, според Schwartz, 2012). Одредени ситуации или аспекти на ситуации кои се релевантни, водат кон активирање на вредностите. Еднаш активирани, вредностите влијаат врз поведението. Со зголемување на веројатноста одредени дејства, постапки или облици на поведение, да доведат до остварување на целите содржани во конкретна вредност, се зголемува и субјективната важност која идивидуата на тие дејства и постапки им ја припишува. На тој начин, се пројавува мотивацискиот аспект на вредностите (Schwartz, 2012).

## 2. Релевантни емпириски истражувања

Личносните особини на уметниците се чест предмет на психолошките истражувања. Чести се и истражувањата во кои покрај уметници, вклучени се и научници. Меѓутоа, како варијабла во истражувањата многу почесто се сретнува *личноста* или *личносните особини* на уметниците и/или научниците, отколку *сликата за себе* кај уметници или научници. За себедожувувањето на уметниците или научниците, понекогаш се пишува во рамките на пошироко определено истражување, кое како што беше споменато, ги истражува личносните особини на уметниците и научниците. Понатаму, бројни се истражувањата кои бараат поврзаност помеѓу креативноста и особините на личноста, односно разлики во личносните особини помеѓу (високо) креативните и помалку креативните индивидуи. Далеку најбројни се истражувањата кои бараат поврзаност помеѓу креативноста и базичните фактори на личноста.

Истражувањата кои се бават со личносните особини или сликата за себе кај уметниците, ретко кога се спроведуваат врз уметници од една област (на пример, само музички, ликовни или визуелни, драмски уметности). Можеби првенствено затоа што ваквите истражувања најчесто бараат поврзаност помеѓу креативноста и личносните особини, односно разлики во особините помеѓу повеќе и помалку креативните индивидуи. А како високо креативни индивидуи, во истражувањата речиси по правило се вклучуваат уметници од разни области. Покрај уметниците, во истражувањата кои се однесуваат на креативноста, често се вклучуваат и научници од разни области. Уметниците и научниците се најстражуваните популации кога е во прашање креативноста и со неа поврзаните личносни особини (Feist, 1998). Наодите за особините на личноста и сликата за себе кај уметниците и научниците, често се генарализираат, без да се води сметка за тоа дели во истражувањето биле вклучени уметници и/или научници од една или повеќе области (Barron, Harrington, 1981, според Feist, 1998). Некои истражувања, покрај очекуваните разлики помеѓу уметници и научници, споредени со неуметници и ненаучници, нашле разлики и помеѓу личносните особини кај уметниците и научниците од разни области (Feist, 1998).

Наодите од некои рани истражувања кои ги спровела Линвил (Linville, Jones, 1980; Linville, 1982, според Rafaeli-Mor et al, 1999), покажале дека поголема сложеност (хетерогеност) на сликата за себе е поврзана со умерени емоционални реакции и евалуативни проценки, додека помала сложеност (хомогеност) на сликата за себе е поврзана со поекстремни евалуации и емоционални реакции. Ваквите наоди ја поттикнале Линвил да спроведе ново истражување, со цел утврдување на поврзаноста помеѓу сложеноста на сликата за себе и расположението (Linville, 1985, според Rafaeli-Mor et al, 1999). Во истражувањето било следено расположението на испитаниците во текот на две недели. Се покажало дека не постојат значајни разлики во просечното ниво на расположение помеѓу испитаниците со посложена и оние со помалку сложена слика за себе. Но, постоеле значајни разлики во однос на варијабилноста на расположението: кај испитаниците со помалку сложена слика за себе, во текот на тие две недели, биле забележани почести и поекстремни промени во расположението.

Според Кох и Шеперд (Koch, Shepperd, 2004), наодите од истражувањата за поврзаноста на сложеноста на сликата за себе и флуктуациите во расположението се неконзистентни. Спротивно на погоре наведените наоди на Линвил, други истражувања покажале поинаква, позитивна поврзаност на сложеноста на сликата за себе со промени во расположението и себедоживувањето. Такви се наодите на Емонс и Кинг (Emons, King, 1989, според Koch, Shepperd, 2004). Во нивното истражување, забележана е позитивна поврзаност на емоционалната реактивност (промени во расположението) и сложеноста на системот на стремежи, цели и планови на особата. Дополнително, емоционалната реактивност се покажала позитивно корелирана и со бројот и сложеноста на социјалните улоги на кои е посветена индивидуата. Овие автори можната контрадикторност на нивните, со наодите на Линвил, ја објаснуваат преку тоа дека измерената сложеност на сликата за себе кај нивните испитаници можеби ја отсликува нивната намера, желба за посложена слика за себе, а не фактичката, актуелна состојба. Инструментот на Линвил, сметаат тие, нуди можност за проектирање на *посакуваната* сложена слика за себе. Од друга страна, можно е, како што имлицираат наодите од истражувањето, посветеноста на голем број социјални улоги и барањата поврзани со нив, како и нагласените стремежи и

цели на кои особата е посветена, да водат кон намалена емоционална стабилност и чести промени во расположението (Emons, King, 1989, според Koch, Shepperd, 2004).

Во истражувањето на Нидентал и сор. (Niedenthal et al, 1992, според Koch, Shepperd, 2004), најдено е дека кај испитаниците со посложена *идеална* слика за себе има забележителни, иако мали промени во позитивното расположение (во нагорна линија) по доживувањето позитивен настан (позитивна повратна информација во однос на своја идна перформанса како операционализација на идеалната слика за себе) и во помал степен опаѓање на позитивното расположение по доживувањето негативен настан (негативна повратна информација), во споредба со испитаниците со помалку сложена идеална слика за себе. Спротивно, испитаниците со посложена *реална* слика за себе не се разликувале од испитаниците со помалку сложена реална слика за себе во однос на нивните реакции поврзани со повратната информација за идна перформанса. Заклучокот е дека, разликите во емоционалните доживување во однос на себе, покрај со сложеноста на реалната, се поврзани и со сложеноста на идеалната слика за себе.

Наодите од истражувањата во однос на поврзаноста помеѓу сложеноста на сликата за себе и психолошката добросостојба се неконзистентни: некои истражувања нашле позитивна поврзаност, други негативна, трети не нашле поврзаност (Ryan et al, 2005). Поттикнати од последново, Рафаели-Мор и Стеинберг (Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002) спровеле мета-анализа на истражувањата кои ги испитувале овие две појави. Во мета-анализата влегле вкупно 70 истражувања, спроведени до 1998 година. Мета-анализата имала две главни цели. Првата е проверка на емпирискиот статус на моделот на Линвил за поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и афективната реактивност/емоционалната стабилност. Втората цел се однесува на можноста за изведување заклучоци врз основа на емпискиските наоди, во однос на алтернативни теоретски модели кои ја објаснуваат поврзаноста на сложеноста или фрагментираноста на сликата за себе, емоционалната стабилност и психолошката добросостојба и го дополнува моделот на Линвил.

Наодите покажале многу мала подршка на хипотезата на Линвил за позитивна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе од една и психолошката добросостојба и справувањето со негативен надворешен настан, од друга страна. Напротив, во согласност со теоретските поставки на Донахју и сор. (Donahue et al, 1993, според Rafaeli-Mor, Steinberg, 2002; Ryan et al, 2005) во поголемиот број од истражувањата (и подобро осмислените) пронајдена е умерена негативна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и психолошката добросостојба. Донохју и сор. (Donahue et al, 1993, според Ryan et al, 2005), а во контекст наодите од споменатата мета-анализа, тврдат дека поголемата сложеност на сликата за себе и постоењето на бројни, диференцирани и релативно независни нејзини делови, може да доведе до чувство на разединетост, подвоеност и конфликтност, проследено со хронична анксиозност. Меккри и Коста (McCrae, Costa, 1999,според Ryan et al, 2005) во серија свои истражувања нашле дека, доколку луѓето, опишувајќи се себе си, користат бројни и разни особини и бројни и разни социјални улоги, мерките за нивото на психолошката добросостојба кај нив биле пониски. Ваквата поврзаност била уште понагласена доколку постоела несогласност и одреден степен на конфликтност помеѓу особините и социјаните улоги за кои известувале.

Рајан и сор. (2005) прават толкување на резултатите од мета-анализата на Рафаели-Мор и Стеинберг. Нивниот заклучок е дека психолошката добросостојба не е поврзана со сложеноста на сликата за себе *per se*, туку со присутството или отсуството на неинтегрирани или конфликти делови на сликата за себе, односно со *автентичноста на сликата за себе и нејзините делови*. Тие спровеле две истражувања во кои е мерена поврзаноста помеѓу сложеноста на сликата за себе и психолошката добросостојба. Овие автори го оспоруваат тврдењето на Линвил, дека поголема сложеност на сликата за себе е поврзано со поголема емоционална стабилност и подобро справување со негативни настани. Таквото тврдење, сметаат тие, е спротивно на традиционалната клиничка мудрост, како и на резултатите од некои истражувања (Donohue et al, 1993, според Ryan et al, 2005). Во првото истражување, се бара поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе, автентичноста на сликата за себе и нејзините делови и психолошката добросостојба. Во истражувањето учествувале 89 студенти (63 од женски, 25 од машки и 1 без наведен

пол). Просечната возраст на испитаниците била 19,74 години (опсег= 18-27). Се покажало дека сложеноста на сликата за себе *per se* не е добар предиктор за среќата и психолошката добросостојба (r=.1.1; p>.05) Меѓутоа, се покажало дека постои значајна позитивна поврзаност помеѓу автентичноста на сликата за себе и нејзините делови и психолошката добросостојба (r=.51, r=.56; p<.01). И покрај претпоставената негативна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и психолошката добросостојба, резултатите не покажале значајна поврзаност помеѓу овие две појави (r=-.04, r=.05; p>.05) (Ryan et al, 2005).

Второто истражување, во суштина претставува повторување и проширување на првото. Покрај поврзаноста на сложеноста и автентичноста на сликата за себе со среќата и психолошката добросостојба и прилагоденост, во ова истражување била мерена и меѓусебната поврзаност на сложеноста и автентичноста на сликата за себе и нејзините делови. Дополнително, била проверена и претпоставката на Линвил, според која поголема сложеноста на сликата за себе е поврзана со висока емоционална стабилност и подобро справување со негативни надворешни настани и стрес (Ryan et al, 2005). Во истражувањето учествувале вкупно 113 студенти (40 од машки, 72 од женски и 1 без наведен пол), со просечна возраст од 19,16 години (опсег= 16-32). Според наодите, не постои значајна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и нејзината автентичност(r=-.03; p>.05). Се покажало дека сложеноста на сликата за себе е или во незначајна или во блага негативна поврзаност со психолошката прилагоденост и добросостојба, односно е во позитивна поврзаност со депресивноста и хроничниот стрес. Со зголемување на сложеноста на сликата за себе, се намалува интензитетот на емоционалните реакции и бројот на физички симптоми, меѓутоа само кога станува збор за реакција на конкретен негативен надворешен настан. Слично на наодите од првото истражување, се покажало дека автентичноста на сликата за себе и нејзините делови е позитивно поврзана со среќата и психолошката добросостојба. Наодите за поврзаноста помеѓу сложеноста и автентичноста на сликата за себе, покажале дека помеѓу овие две појави постои сложена релација, од која е тешко да се извлече едноставен одговор. Меѓутоа, претпоставката дека со зголемување на сложеноста на сликата за себе се

зголемува и нејзината автентичност, е погрешна (Ryan et al, 2005). Авторите заклучуваат дека наодите од нивните истражувања се конзистентни со наодите од мета-анализата на Рафаели-Мор и Стеинберг (2002), како и со наодите на Меккри и Коста (1999). Според Меккри и Коста, со зголемување на бројот на особини кои луѓето ги користат опишувајќи се себе си во различни социјални улоги, субјективната добросостојба се намалува. Покрај утврдената умерена негативна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и психолошката добросостојба (спротивно на наодите и тврдењето на Линвил), од клучно значење е автентичноста на сликата за себе и нејзините делови. Автентичноста на сликата за себе е во значајна, позитивна и конзистентна поврзаност со психолошката добросостојба, што не е случај со сложеноста на сликата за себе (Ryan et al, 2005)

Шелдон (1995), поттикнат од наодите на Барон и Харингтон (Barron, Harrington, 1981), согласно кои автономноста е клучна особина на високо креативните индивидуи, спровел две истражувања. Првото се однесува токму на поврзаноста помеѓу креативноста и автономноста. Резултатите од истражувањето покажале дека креативните индивидуи се доживуваат себе си како изразито автономни: дејствуваат и одлучуваат самостојно и релативно независно од средината (секако, станува збор за нивно лично доживување). Шелдон прави интересна интерпретација на ваквите наоди, упатувајќи на нивната евентуална двосмисленост. Постои можност, тврди Шелдон, самоизвештаите на испитаниците за високото ниво на автономија, всушност да се одраз на ниското ниво на автономија. Поточно, да ја одразуваат нагласената тенденција кон автономност, кон која се силно насочени, но која им недостасува. Последново е во согласност со типолошкиот теоретски модел на Ранк, според кој по стадиумот на недиференциран конформизам, идните создавачи влегуваат во конфликтна меѓуфаза, која му претходи на стадиумот на автономија.Постојат две можности, тврди Шелдон. Првата е наодите навистина да го одразуваат високото ниво на автономија кај испитаниците, а втората тие да ја одразуваат нагласената тенденција за автономија.

Во второто истражување, Шелдон нашол дека креативноста е поврзана со само-одредувањето, односно дека високо креативните особи дејствуваат водени првенствено

од внатрешни мотиви и стандарди, а не од надворешни. Понатаму, особите со високо ниво на само-одредување го доживувале окружувањето како поволно и поттикнувачко во однос на автономијата. Иако наодите недвосмислено зборуваат за поврзаноста помеѓу креативноста и само-одредувањето, не е сосема јасно на кој начин овие две појави се поврзани. Шелдон нуди неколку можни теоретски објаснувања кои ја расветлуваат ваквата поврзаност. Една претпоставка е дека индивидуите кои поседуваат високи нивоа на само-одредување, покажуваат отпор кон било каков облик на надворешно одредување, првенствено поради поседувањето на нагласени внатрешни мотиви. Ваквите индивидуи се идентификуваат со своите клучни мотиви и дејствуваат согласно истите, без оглед на тоа колку ограничувачка е средината, што понатаму им овозможува да ги пројават сопствените креативни потенцијали. Второто објаснување се наоѓа во, како што Шелдон јанарекува, *хипотезата за автентичност*. Според оваа хипотеза, луѓето со високи нивоа на само-одредување се и поавтентични. Тоа значи дека се во контакт со сопствените *организмички интегративни процеси* - природни тенденции вградени во поопштите развојни обрасци (Sheldon, 1995, 1999, 2009). Постојат неколку можни објаснувања за тоа на кој начин ваквата автентичност позитивно влијае врз креативноста. Прво, автентичноста овозможува подлабоко (потсвесно) процесирање на информации и67 послободно и пофлексибилно манипулирање на разните облици на знаење, клучни за креативноста. Второ, автентичноста овозможува поголема рецептивност и отвореност за разни можни аналогии и интиутивни одговори релевантни за даден проблем или задача. Трето, за луѓето со изрзено ниво на себе-одредување е карактеристична свесна насоченост кон проблемот или областа за која се заинтересирани. Просто, посветувајќи им повеќе време и енергија на проблемот или областа од интерес и придавајќи им значење и лична вредност, ваквите особи често доаѓаат до бројни и често нетипични, нестандардни решенија и резултати (Sheldon, 1995).

Долинџер (Dollinger, 2007) ја истражувал поврзаноста помеѓу конзервативизмот и креативноста. Во истражувањето биле вклучени 422 студенти по психологија, од кои 256 биле од женски, а 166 од машки пол. Просечната возраст на испитаниците била 21.9 години (опсег= 18-53). Конзервативизмот бил мерен со еден инструмент, додека за мерење

на креативноста биле користени повеќе инструменти и техники. Резултатите покажале значајна негативна поврзаност на конзерватизмот со сите мерки за креативноста. Вредностите на коефициентот на корелација се движат од -.22 до -.27, секој од нив со ниво на значајност .001. Испитаниците кои имале највисоки вредности на мерките за конзерватизам, изјавиле дека во целост го прифаќаат родителскиот авторитет. Спротивно, ниските вредности на мерките за конзервативност, биле поврзани со отфрлање на родителскиот авторитет. Била забележана значајна позитивна поврзаност помеѓу конзерватизмот и религиозноста. Авторот ги дискутирал наодите со критичари од областа на уметноста, студентите и нивните професори. Интересно е тоа што критичарите и професорите по уметност изјавиле дека наодите се во согласност со нивните видувања, според кои тие во никој случај студентите по уметност и уметниците воопшто, не би ги опишале како конзервативни. Напротив, ги доживувале како либерални, отворени за влијание и противници на било каков авторитет.

Креативноста е негативно поврзана со конзерватизмот и позитивно поврзана со личната автономија. Бројни автори автономијата ја определуваат како особина спротивна на конзерватизмот и како особина која е нагласена во личносниот склоп на уметникот (Sheldon, 1995). Со неа се поврзани бројни други особини: независност во расудувањето, само-управување и само-одредување, самодоволност, себеприфаќање и индивидуалност (Feist, 1999). Особите кои ги поседуваат наведените особини, исто така се и помалку сугестибилни, немаат нагласена потреба да добијат одобрување од другите и се поистрајни во ситуации кога нивната работа и особини се критикувани. Спремни се да го искажат своето мислење и во случаи кога тоа знатно се разликува од мислењето и ставовите на другите. Поседуваат силна внатрешна мотивираност и се посветени на задачата и она што го работат. Поседуваат нагласена способност за препознавање и прифаќање на сопствените потреби и доживувања (Sheldon, 1999; Feist, 1999). Наведените наоди се корелациски, меѓутоа постојат и експериментални наоди кои ги потврдуваат. Феист (1999) известува за повторување на познатиот експеримент на Аш[5], во кое е

[5]Во овој експеримент на испитаниците им се покажуваат прави/отсечки и од нив се бара да утврдат која е подолга. На дел од испитаниците им се дава упатство да дадат погрешен одговор и како подолга да ја

најдено дека најголемиот дел од испитаниците кои не се согласиле со (погрешното) мислење на групата, покажале високи вредности на мерките за креативност, но и на автономија и со неа поврзаните особини. Аш бил насочен кон влијанието кое мислењето на групата го има врз индивидауалните мисли и перцепции, односно кон оние 76% од испитаниците кои се конформирале со мислењето на групата. Кратчфилд, кој го повторил експериментот, се насочил кон личносните особини на оние индивидуи (останатите 24%) кои не се конформирале. Интересно е тоа што најкреативните особи од групата се нашле токму во делот од групата кој го отфрлил мислењето на мнозинството. Ваквите наоди се поврзуваат со внатрешната мотивираност за креативно дејствување, заедно со нагласениот неконформизам и отпор кон влијанието на групата, карактеристични за креативните индивидуи.

Хелсон (Helson, 2006) во своето истражување барала полови разлики во личносните особини кај високо креативните индивидуи. Најдено е дека кај креативните машки и женски испитаници постои преклопување на личносните особини кои традиционално се определуваат како *типично машки* или *типично женски*. Кај женските испитаници се забележани особини кои општествено се определуваат како *машки* и обратно. Наодите покажале дека креативните испитаници од машки пол, споредено со помалку креативните, се поинтуитивни и приемчиви, поимагинативни, помалку агресивни, поемотивни, односно почесто и поотворено ги покажуваат своите емоционални доживувања, особини кои традиционално се определуваат како женски. Во исто време, кај високо креативните мажи била забележана нагласеност на некои, традиционално определени како, типично машки особини: социјална и интелектуална приемчивост и доминација. Кај високо креативните испитаници од женски пол, забележани се недоверба во социјалните релации, импулсивност, бунтовност, инвестирање во внатрешниот живот, независност во проценката и оригиналност. Споредени со помалку креативните, кај високо креативните испитанички се забележани особини кои традиционално се одредуваат како типично машки: доминација, нагласена

---

посочат пократката отсечка. И покрај очигледно погрешниот одговор кој овие испитаници го посочиле, останатиот дел од групата исто така пократката отсечка ја посочил како подолга.

потреба за автономија, одбегнување на надворешни влијанија, отворено пројавување на доживувањата и импулсите, како и високи аналитички способности.

Марш и Роч (Marsh, Roche, 1996, според O'Connor, 2006) спровеле истражување во кое биле вклучени студенти по уметност од различни области: танцови, музички, ликовни и драмски уметности. Од бројните наоди, за овој текст значаен е следниов: кај сите четири групи, себепочитувањето и сликата за себе, биле под силно влијание на тоа дали испитаниците се доживувале како успешени студенти или не. Верувањето во сопствената вредност како уметник имало силно влијание врз целокупната слика за себе. Поинаку кажано, "Јас како уметник" е клучен дел на сликата за себе кај уметниците. О'Конор ги проширува овие наоди, постулирајќи поврзаност на сликата за себе кај уметниците со нивниот систем на вредности. Резултатите на Марш и Роч не се никакво изненадување, тврди О'Конор, доколку се има во предвид дека за испитаниците вклучени во истражувањето уметноста е клучна вредност, а можеби најбитно за нив, особено во периодот на студирањето, е постигнувањето и докажувањето на себе си како уметник.

Во истражувањето на Марш и Хети (Marsh, Hattie, 1992, според O'Connor, 2006) било испитувано како споредувањето кое студентите го прават помеѓу своите и способностите на останатите студенти, влијае врз нивната слика за себе. Во истражувањето биле вклучени студенти по уметност, кои неодамна се запишале на факултет. Авторите тргнале од претпоставката дека кај овие студенти ќе се јават негативни промени во сликата за себе, затоа што влегуваат во високо-селектиран академски контекст, односно се опкружени со врсници со високи способности со кои тие ќе се споредуваат. Истражувањето ја потврдило ваквата претпоставка: споредувањата со врсници кои поседуваат изразени уметнички способности водело кон негативни промени во сликата за себе. Некои претходни истражувања покажале дека студентите со високи уметнички способности, во регуларно академско окружување, имале нагласено позитивна слика за себе, познато како "*Ефект на голема риба во мал сад*". Социјалната споредба со успешни поединци во селектиран академски контекст резултирала со негативни промени во сликата за себе, феномен кој авторите го нарекле "*Ефект на мала*

*риба во голем сад*". Истражувањето било повторено, односно проширено во 26 земји, врз вкупно 4 000 студенти по уметност. Добиените наоди се потврдиле, што укажува на на крос-културната генералијабилност на *ефектот на мала риба во голем сад*.

Некои други истражувања (според O'Connor, 2006) не ги потврдиле наодите на Марш и Хети. Односно, преминувањето во високо селектиран академски контекст не мора, по правило, да биде следено со негативни промени во сликата за себе. Напротив, квалитативната анализа покажала дека кај одредени индивидуи преминувањето во окружување на студенти со слични уметнички способности и вештини, било следено со позитивни промени во сликата за себе (поголемо задоволство од себе, себепотврдување како уметник и сл.).

Рејнолдс (2003) известува за истражување во кое биле вклучени само женски субјекти, а се мереле сликата за себе и личносните особини кај уметници. Врз основа на себеописите на испитаничките, кои биле во форма на расказ или приказна за себе, најдено е дека ликовните уметници се доживуваат како независни, со високо ниво на самодоверба и со виоко ниво на енергија. Понатаму, Рејнолдс наведува дека испитаничките известувале за силна, необјаснива потреба да се бават со уметност и да творат. Интересно, дел од нив навеле дека во детството имале барем еден модел кој на некој начин се бавел со уметност (на пример, мајките се бавеле со шиење уникатни парчиња облека или везење).

*Бројни автори (на пр. Frym, 1979; Kirschenbaum and Reis, 1997; Truitt, 1982, според* Reynolds, 2003) кај уметниците нашле изразено чувство на вина и конфликтност. Во истражување на Рејнолдс (2003), ваквите наоди не се потврдиле. Неконзистентноста на резултатите авторот ја објаснува на следниов начин. Во истражувањето се вклучени само испитници од женски пол. Можеби, десетина или дваесет години откако биле спроведени погоре наведените истражувања, жената е под помало влијание на рестриктивните полови стереотипи. На пример, порано било помалку општествено прифатливо жената да биде "неконвенционална" и да се бави со уметност, наместо да биде посветена на семејството. Освен тоа, наведува Рејнолдс, во неговото истражување биле вклучени

возрасни субјекти, со веќе изградени кариери како уметници. За споредба, во претходните истражувања на кои тој се повикува, воглавно учествувале студенти. Оттука, разликите во наодите можеби едноставно да се должат на разликите помеѓу испитаниците во однос на возраста.

Шелдон (1999) известува за истражување во кое бил проверен и според авторот, потврден типолошкиот модел на Ранк. Во истражувањето биле вклучени архитекти, од релативно анонимни и без забележливи успеси, до високо вреднувани, признати и познати на национално ниво. Кај најистакнатите биле забележани највисоки нивоа на мерките за креативност, а кај најмалку истакнатите, најниски нивоа на мерките за креативност. Најкреативните помеѓу нив најмногу одговарале на описот на Ранк за идеален или креативен тип, оние со средни мерки за креативноста одговарале на конфликтниот, а најмалку креативните на конформистичкиот тип на личност. Во истражувања спроведени порано, најдено е дека кај студенти по уметност, постои нагласена конфликтност и емоционална турбулентност кај најталентираните од нив. Во исто време, биле неприфатени од страна на врсниците. Ваквите негативни состојби и доживувања кај студентите биле поткрепени од потребата за отфрлање на инхибирачкото влијание кое конформизмот го има врз креативноста. Во истражување во кое биле вклучени високо креативни и високо интелигентни студенти, наодите покажале дека честото несогласување со и отфрлањето на воспоставените социјални норми од страна на изразито креативните студенти, било следено од непопуларност и нивно неприфаќање и од страна на врсниците и од страна на нивните професори, и покрај тоа што нивниот академски успех бил идентичен со тој на високоинтелигентните студенти (Sheldon, 1999).

Наодите од истражувањата за поврзаноста помеѓу експлицитното или имплицитното себепочитување и базичните фактори на личноста, согласно Моделот за големите пет, се конзистентни (Suls, Krizan, 2005). Прегледот на литературата покажува негативна поврзаност помеѓу *експлицитното себепочитување* и невротицизмот или негативната афективност, со просечна корелација од -0.50 (Judge et al, 1998, според Suls, Krizan, 2005) и послаба позитивна поврзаност на експлицитното себепочитување со

екстраверзијата или позитивната афективност, со корелација од 0.30 до 0.50 (Watson et al, 2002, според Suls, Krizan, 2005). Бројот на истражувањата за поврзаноста помеѓу *имплицитното себепочитување* и базичните фактори на личноста е значително помал. Со цел испитување на ваквата поврзаност, Салс и Кризан (2005) спроведуваат две истражувања, во кои, за мерење на имплицитното себепочитување се користени различни мерни инструменти. Во првото истражување учествувале 250 студенти. Наодите значајно се разликуваат од тие на Вотсон и сор, за врската помеѓу експлицитното себепочитување и базичните фактори. Поврзаноста помеѓу имплицитното себепочитување и невротицизмот била значително пониска ($r=-.13$, $p<.o5$), споредено со експлицитното себепочитување. Дополнително, била најдена позитивна поврзаност со факторот согласност ($r=.21$, $p<.05$), додека корелацијата помеѓу имплицитното себепочитување и останатите три базични фактори на личноста, се покажала како статистички незначајна. Во второто истражување, во кое учествувале 287 студенти, се покажало дека имплицитното себепочитување е во негативна корелација со невротицизмот ($r=-.18$), поврзаност која е помала во споредна со експлицитното себепочитување. Поврзаноста со останатите четири базични фактори се покажала како статистички незначајна.

Според Ивчевич и Мајер (2007), постојат два широки приоди во идентификување и организирање на личносните особини. Првиот приод има корени во *лексичката хипотеза*, според која најважните личносни особини се содржани во јазикот. Врз поставките на оваа хипотеза се заснова познатиот Модел за петте големи фактори на личноста. Вториот приод се заснова врз *функционалната хипотеза*, според која личноста може да се подели на дистинктивни области, согласно сетот на операции или функции кој секоја од нив го извршува, како и поведението кое резултира од севкупната активност на дадената област. Согласно вториот приод, личноста е поделена на четири широки области: *когниција, социјална област, емоции и мотивација и саморегулација*. Како дополнителна, петта област, се смета личноста во целина и истата соодветствува на првиот модел, Моделот на големите пет фактори на личноста. Според овие автори, двата приода се комплементарни и меѓусебно се подржуваат. Некои истражувања покажале

дека во однос на првиот приод, креативноста најчесто е поврзана со *отвореноста кон искуства* (Ivcevic, Mayer, 2007). Уметниците и научниците се поотворени за искуства, споредено со неуметниците и ненаучниците. Во однос на вториот приод, Ивчевич и Мајар известуваат за поврзаност на креативноста со секоја од четирите широки области на личноста. Креативните особи се внатрешно мотивирани. Тие се активни и творат поради задоволството кое произлегува од чинот на создавање и можноста за самоекспресија. Истрајни се и подготвени за долги и долги часови работа (Csikszentmihalyi, 1996; Amabile, 1996, според Ivcevic, Mayer, 2007). Понатаму, креативноста е поврзана со особината хипоманија, без разлика дали станува збор за креативни потенцијали или креативно поведение. Хипоманијата се определува како облик на расположение кое е поврзано со зголемена свесност/будност и зголемена ширина, флуентност и флексибилност во мислењето (Jamison, 1990, според Ivcevic, Mayer, 2007).

Во однос на когницијата, креативноста најчесто се поврзува со способноста за дивергентно мислење и продуцирањето бројни идеи (Chang, Runco, 1992; Guastello, Shissler, 1994; King et al, 1996, според Ivcevic, Mayer, 2007). Меѓутоа, подеднакво се важни и способностите за евалуација, од кои зависи соодветноста/применливоста на крајниот продукт. На пример, и за шизофрените пациенти и за уметниците е карактеристично генерирање невообичаени идеи, меѓутоа единствено идеите на уметниците се применливи, а авторот е способен да ја процени невообичаеноста и евентуалната применливост (Metren, Fischer, 1999, според Ivcevic, Mayer, 2007). Во некои лонгитудинални истражувања, врз основа на измереното дивергентното мислење во основното образование, можеле да се предвидат креативните достигнувања и професијата повеќе од дваесет години подоцна. Во однос на социјалната област, високо креативните индивидуи често се поврзуваат со одредени социјални улоги, односно професии од истражувачката област и уметноста. Креативноста е поврзана и со бројни социјални особини, како што се неконформизам, бунтовност, нетрадиционалност и индивидуализам. Интересно, успешните уметници и научници покажале високи вредности на скалите за психотицизам, широка особина определена преку бројни

поконкретни, како што се неконформизам и ниска инхибиција на импулсите (Wilson, 1990; Lubart, Stemberg, 1995, според Ivcevic, Mayer, 2007).

Кога станува збор за уметниците, една од функциите на саморегулацијата е да управува со процесот на создавање. Особина која била идентификувана кај уметниците, а се поврзува со саморегулацијата, е спремноста за превземање ризик (Friedman, Foerster, 2001, според Ivcevic, Mayer, 2007). Поголемиот број индивидуи одбираат индивидуално познати или стандардни опции во решавањето на проблеми или воопшто секојдневното функционирање. Меѓутоа, за уметниците е особено тоа што се склони кон нови и неконвенционални начини на дејствување, што понатаму води кон поголема оригиналност. Создавањето, освен спонтаност, подразбира и дисциплина, напорна работа и истрајност. Уметниците се истрајни во работењето и во случај на долготрајно отсуство на економска корист или позитивна критика.

Ивчевич и Мајер (2007) заклучуваат дека во истражувањата често се мери креативноста и со неа поврзаните личносни особини, без да се води сметка за областа (на пример, музика, сликарство, книжевност, природни или општествени науки, секојдневие и сл.). Ваквиот пристап е погрешен, особено ако се имаат во предвид поновите резултати од истражувања, според кои покрај генерална, постојат и видови креативност кои се специфични за одредена област. Секој од различните видови креативност е поврзан со различни личносни особини. За да одговорат на прашањето дали различните видови креативност се поврзани со разлики во личносните особини, Ивчевич и Мајер спровеле истражување во кое учествувале 416 студенти, од кои 116 биле од машки, а 300 од женски пол. Испитаниците биле на возраст од 17 до 22 години, а 95% од нив биле белци, припадници на средната класа. Споредбата на високо креативните со помалку креативни особи, покажала разлики во однос на отвореноста за искуства, хипоманијата како особина, интелектуалната љубопитност, истрајноста и завземање креативна социјална улога - особини нагласени кај високо креативните особи, без разлика на областа во која креативноста се манифестира. Се покажало дека кај изразито креативните индивуди наведените особини се нагласени, додека кај помалку креативните индивидуи овие

особини не се нагласени. Според тоа, може да се заклучи дека овие особини се поврзани со она што се определува како *генерална креативност*. Согласно наведеното, креативната особа може да се опише како имагинативна, сложена и иновативна (отвореност кон искуства), со големо количество на енергија, верување во сопствената уникатност и широки интереси (хипоманија) и склоност кон сложени задачи (интелектуална љубопитност и истрајност). Дополнително, доколку станува збор за уметници, се покажало дека нагласена особина кај нив е самоидентификацијата и себеопределувањето на себе си како уметник (креативна социјална улога).

Една делумно поинаква група на особини е забележана кај креативните особи кои се бават со наука. За научниците се карактеристични внатрешната мотивација, склоност кон превземање ризик и дивергентно мислење. Според тоа, научниците можат да се опишат како особи кои наоѓаат задоволство и предизвик во работата (внатрешна мотивација), спремни се за испробаат нови и непроверени начини на работење (превземање ризик), кога се соочени со проблем или задача, способни се да генерираат бројни и нови идеи (дивергентно мислење) (Sternberg, Lubart, 1995, според Ivcevic, Mayer, 2007). Ивчевич и Мајер нагласуваат дека особините кои се поврзани со генералната креативност, речиси без исклучок се нагласени кај сите особи кои покажале високи вредности на мерките за генерална креативност. Меѓутоа, особините од втората група се нагласени само кај дел од научниците, дури и во случај кога тие покажувале високи мерки на инструментите за мерење на креативноста. Некои истражувања (Gangestad, Snyder, 1985; Sternberg, Lubart, 1995; Bergman, 2000, според Ivcevic, Mayer, 2007) покажале неконзистентна поврзаност помеѓу мерките за креативноста и личносните особини и во други области. Според овие автори, поголемиот дел од истражувањата се фокусирани на разни димензии на креативноста (секоја од нив поврзана со конкретна област) и врската на тие димензии со личносните особини. Согласно, интерпретацијата на наодите е ограничена на поврзаноста на конкретната димензија или тип на креативност со конкретни личносни особини.

Во своето лонгитудинално истражување, Феист и Барон (Feist, Barron, 2003, според Charyton, Snelbecker, 2007) нашле дека креативните студенти од разни области се автономни, интровертни, отворени кон искуства, со висока самодоверба, се прифаќаат себе си и ги преиспитуваат социјалните норми. Кај оние студенти со највисоки мерки за креативноста, биле забележани висока самоконтрола, независност, спонтаност, одговорност, тенденција да остават добар впечаток врз другите и релативно ниски хипоманија и хостилност. Авторите забележуваат дека овие наоди не се во согласност со наодите од бројни претходни истражувања, според кои кај високо креативните научници се забележани хипоманија и хостилност.

Барон и Харингтон (Barron, Harrington, 1981, според Feist, 1998; Gelade, 2002) направиле преглед на литературата и анализарале повеќе од 80 истражувањата за личносните особини на креативните особини од разни области. Дошле до заклучок дека генерално, може да се каже дека креативните луѓе делат релативно стабилен сет од клучни/нагласени личносни особини. На пример: високо ги вреднуваат естетските доживувања, имаат широки интересирања, интуитивни се, ги привлекува сложеното, имаат високо ниво на енергија, автономни се и независни во мислењето и просудувањето. Креативните индивидуи имаат високо ниво на самодоверба и способност да се справат со спротивностите. Спротивните и конфликтни личносни особини успешно ги интегрираат во сликата за себе. Понатаму, имаат јасно доживување за себе како "креативни", односно нагласено себедоживување како творци, создавачи. Истражувањата кои ги прегледале Барон и Харингтон биле спроведени надвор од рамката определена од големите пет фактори на личноста, но Гелејд (Gelade, 2002) смета дека наведените особини многу лесно може да се поврзат со базичните фактори на личноста. Очигледна е поврзаноста со фасетите дел на отвореност за искуства, екстраверзија, совесност и невротицизам.

Феист (Feist, 1998) направил мета-анализа на дотогашните истражувања за личносните особини на креативните индивидуи, во која прави разлика помеѓу научна и уметничка креативност. Иако неговиот преглед вклучува истражувања во кое се

користени инвентари на личноста (NEO-PI-R, CPI, 16PF), дел од наодите и особено интерпретацијата на истите, можат да се поврзат со сликата за себе. На пример, значаен дел на сликата за себе се токму нагласените особини на личноста.

Во однос на Петфакторскиот модел на личноста, Феист нашол дека уметниците, во споредба со неуметници, се помалку претпазливи, помалку совесни, имаат пониска самоконтрола и се помалку организирани/уредни и доследни. Понатаму, уметниците се покреативни, оригинални и насочени кон естетиката, пољубопитни се и поимагинативни, отворени за искуства и чувствителни. Уметниците се помалку конвенционални и социјализирани, тврди Феист. Интересни се и неговите наоди, засновани на резултати од истражувања во кои се користел Калифорнија инвентарот нал (CPI), дека уметниците се неодговорни и оставаат лош впечаток. Односот помеѓу резултатите добиени на скалите од овој инструмент, го навел Феист на заклучокот дека уметниците се конфликтни, импулсивни, неконформисти, ги доведуваат во прашање општествените норми, скептични се, индивидуалисти и не водат многу сметка за должностите и обврските. Понатаму, уметниците постојано бараат промени и лесно се заморуваат од познатото, а себе си се доживуваат како талентирани и достојни. Во однос на 16 факторскиот модел на Кател, Феист заклучил дека наодите се слични на оние поврзани со претходните два инструмента, односно дека уметниците, во споредба со неуметниците се нападни и директни, независни, отворени за искуства, чувствителни, радикални и неконформисти. Во однос на овој инструмент, изненадува наодот дека уметниците се помалку импулсивни во споредба со неуметниците. Објаснувањето на Феист е дека всушност станува збор за разлика во терминологијата. Согласно кателовата определба на импулсивноста, Феист заклучува дека наместо помалку импулсивни, подобро е да се каже дека уметниците се помалку трезвени[6] и понесериозни во споредба со неуметниците. Во однос на EPQ, инвентарот на Ајзенк, уметниците од неуметниците се разликувале во резултатите добиени на скалата за психотицизам, што значи дека се агресивни, ладни (во социјалните односи), егоцентрични, импулсивни, антисоцијални, креативни и одлучни.

---

[6]Анг. *sober*

На крај, Феист прави резиме и тврди дека без разлика на тоа кој инструмент или таксономија била користена за проценување на личноста или креативноста, сепак може да се заклучи дека постојат особини заеднички за креативните индивидуи: тие се автономни, интровертни, отворени за искуства, ги доведуваат во прашање општествените норми, имаат висока самодоверба, се прифаќаат себе си, високо мотивирани се, амбициозни, доминантни, хостилни и импулсивни. Феист нагласува дека помеѓу креативните научници и уметниците постојат разлики во особините на личноста: уметниците се помалку емоционално стабилни и имаат нагласена потреба за индивидуалност, односно ги доведуваат во прашање или дури отфрлаат широко прифатените општествени норми.

Мартиндејл (Martindale, 1999) резимирајќи ги наодите од бројни истражувања, вклучително и оние од мета-анализата на Феист, особините нагласени кај уметниците ги организира во шест групи:

- Отвореност за искуства, ориентираност кон фантазирање и имагинативност
- Импулсивност и ниска совесност
- Анксиозност, склоност кон афективни растројства и емоционална преосетливост
- Висока мотивираност и амбициозност
- Независност, неконформизам и сомнеж во социјалните норми
- Хостилност, дистанцираност, непријатност и недостаток на топлина (во социјалните односи).

Значаен дел од наведените особини се однесуваат и на научниците. Споредно со научниците, уметниците се значително поанксиозни, бунтовни, емоционално лабилни и импулсивни, значително помалку социјализирани, конформирани и совесни. За ликовните уметници се карактеристични потешкотии во вербалните способности и воопшто способностите поврзани со левата хемисфера. На пример, ликовните уметници (со некои исклучоци) имаат посиромашен речник и ниска вербална флуентност, добри се во геометрија, но слаби во алгебра. Заедничко за уметниците и научниците е тоа што

професијата завзема централна позиција во сликата за себе и поседуваат висока мотивираност кога е во прашање работата и создавањето. Тврдат дека најзначајните нивни дела и идеи се должат првенствено на сопствените способности и знаењата.

Шелдон и сор. (2009) испитувале дали вредностите се поврзани со возраста. Во истражувањето биле вклучени студенти од прва и четврта година. Наодите покажале дека кај студентите од прва година, позастапени се екстринзички, компензаторски и помалку задоволувачки вредности (изглед, пари, слава и сл.), додека кај испитаниците од четврта година позастапени се интринзички, задоволувачки и себе-унапредувачки вредности (интимност, личен раст и развој, насоченост кон другите). Во едно друго истражување на Шелдон нашол дека постарите возрасни известувале за поголема генерабилност и тенденција кон интегритет, додека кај помладите возрасни најзастапени се стремежите кон постигнување личен идентитет.

Некои истражувања покажале изненадувачки мали полови разлики во однос на вредностите (Roccas, Sagiv, 2009). Одредени разлики, конзистентни низ разни културни групи, сепак постојат. Се покажало дека мажите во споредба со жените, стојат повисоко на вредностите за себе-унапредување и отвореност за промени. Спротивно, кај жените се забележани повисоки вредности на димезнијата себе-трансцедирање и насоченост кон другите. Во лонгитудинално истражување било најдено дека сложеноста на професијата е поврзана со вредностите. Посложените професии се во позитивна поврзаност со вредносната ориентираност автономија и само-управување, а помалку сложените професии се во позитивна поврзаност со ориентираноста кон конформизам. Во истражување на Луковиќ и Чизмиќ (2012) најдено е дека постои значајна позитивна поврзаност помеѓу вредносните ориентации и изборот на професија. Меѓутоа, станува збор за корелациона студија и останува нејасно која е насоката на влијание: дали вредностите влијаат врз изборот на професија; дали професијата има влијание врз формирањето на вредносните ориентации и животниот стил; или пак станува збор за трета, модератор варијабла.

Согласно *Теоријата за само-одредување*, постои позитивна поврзаност помеѓу вредностите и психолошката добросостојба. Вредностите се интринзички мотиватори и централни личносни својства, директно поврзани со потребата за само-актуализација. Понатаму, субјективната добросостојба директно зависи од остварувањето на поставените цели. А целите се операционализација, пројавување на системот на вредности. Постојат бројни емпириски наоди кои потврдуваат позитивна поврзаност на психолошката добросостојба со самоактуализацијата, односно со бројот и степенот на остварени цели (Roccas, Sagiv, 2009).

Кај социјалните групи со монотеистичка религија, забележана е конзистентна поврзаност на вредностите и религиозноста. Религиозноста се покажала како позитивно корелирана со конзерватизмот и традиционалноста, а негативно корелирана со отвореноста кон промени (Roccas, Sagiv, 2009). Интересни се наодите на Шелдон и сор. (2009) за односот помеѓу авторитарноста и вредностите. Иако изгледа парадоксално, емпириските наоди покажале дека, со зголемување на слободата на одлучување и дејствување која им се дава на луѓето, се зголемува веројатноста тие да го интернализираат системот на вредности кои авторитарната фигура им го нуди. И обратно, со зголемување на притисокот за усвојување на одредени вредности и ограничување на слободата на избор и одлучување, веројатноста за интернализирање на вредностите се намалува.

## 3.1. Истражувачки хипотези

Познат е и мошне раширен стереотипот за уметникот како поинаков, ексцентричен, импулсивен и конфликтен, “див и нерафиниран”, неконформист, егоцентричен, па дури и налудничав. Низ литературата, постојат и бројни анегдоти за истакнати уметници, според кои може да се изведе заклучок дека уметниците поседуваат такви особини. Повеќето теоретичари и истражувачи на сликата за себе се согласуваат дека во формирањето и развојот на сликата за себе од клучно значење се социјалните интеракции, особено оние со значајните други. Односно, сликата за себе настанува и се менува како резултат на интернализацијата на вреднувања и оценки од другите. Според тоа, доколку во општеството е присутен и раширен стереотипот за уметникот како општествен одметник, се претпоставува дека оценките и информациите за себе кои уметникот ги добива од другите (и истите ги интернализира), можат да бидат под влијаните на тој стереотип. Кога луѓето се опишуваат себе си, често се повикуваат на генерализирани и стабилни верувања за себе, кои се релативно независни од моменталното или ситуациски условеното себедоживување. Во академски контекст, од големо значење за сликата за себе е социјалната споредба. Перцепирањето на и споредувањето со особините и способностите на врсниците, заедно со мислењето кои тие го имаат за особата, се од клучно значење за развојот и менувањето на сликата за себе во овој период.

Постојат бројни емпириски наоди кои потврдуваат дека сликата за себе кај уметниците е специфична, и во однос на застапеноста и во однос на нагласеноста на одредени нејзини компоненти. Накусо, истражувањата покажале дека ликовните уметници се или се доживуваат како: автономни, независни, со високо ниво на самодоверба, високо ниво на енергија, егоцентрични, неконформисти, конфликтни, импулсивни и со ниско ниво на самоконтрола, помалку организирани и уредни, помалку претпазливи и совесни, интровертни, се прифаќаат себе си, со нагласена потреба за творење и успех во професијата, односно студирањето.

Во однос на вредносните ориентации, повторно во согласност со теоријата и некои емпириски наоди, уметниците се доживуваат и опишуваат како индивидуалисти, насочени првенствено кон себе и она што го прават, а помалку кон другите, како импулсивни, со ниска самоконтрола и склони кон разни зависности и уживања. Понатаму, за ликовните уметници од исклучителна важност и лично значење се уметноста и создавањето уметнички дела, односно творењето.

И за крај, сознанијата за ликовните уметници, стекнати низ скромното искуство на авторот во работењето со студенти по ликовни уметности, се во согласност со наведените теоретски поставки и емпириски наоди за тоа дека ликовните уметници навистина имаат специфична слика за себе. Хипотезите делумно се засноваат и на неформални разговори со студенти по ликовни уметници (но и на луѓе кои долги години работеле со студенти по ликовни уметности, пред се нивни професори), како и на претходно спроведеното пилот истражување.

## Хипотези:

**Хипотеза 1:** Студентите кои студираат ликовни уметности имаат посложена слика за себе од студентите кои студираат природно-математички науки.

**Хипотеза 2:** Кај студентите по ликовни уметности позастапени се категориите Психичко (П), Активност (А) и Квалитативно вреднување (В), а кај студентите по природно-математички науки позастапени се категориите Психичко (П), Социјално (С) и Надворешни, првенствено социјални збиднувања (М).

**Суб-хипотеза 2.1**: Кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастепена е поткатегоријата П1, дел од категоријата Психичко, а која се однесува на емоционални состојби и доживувања.

**Хипотеза 3:** Академската слика за себе кај студентите по ликовни уметности е поразвиена и попозитивна, споредено со студентите по природно-математички науки.

**Хипотеза 4:** Студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку емоционално стабилни од студентите по природно-математички науки.

**Хипотеза 5:** Студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку чесни или доверливи од студентите по природно-математички науки.

**Хипотеза 6:** Студентите по природно-математички науки се порелигиозни или спиритуални од студентите поликовни уметности.

**Хипотеза 7:** Студентите по ликовни уметности имаат попозитивен општ однос кон себе од студентите по природно-математички науки.

**Хипотеза 8:** Кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастапени се уметничката, индивидуалистичката и хедонистичката вредносна ориентација.

## Метод

### 3.2. Испитаници

За потребите на истражувањето, беа формирани два **намерни примероци**, секој од нив составен од по 70 испитаници: првите 70, студенти од трета и четврта година на Факултетот по ликовни уметности при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” од Скопје и вторите 70, студенти од трета и четврта година на Природно-Математичкиот Факултет при УКИМ од Скопје. Возраста на испитаниците се движи од 20 до 24 години (M=21,2).

Подолу, во *табела 1* и *табела 2* прикажан е составот според полот, насоката и годината на студии, на двете групи испитаници, односно студентите на Факултетот за ликовни уметности од Скопје и студентите на Природно-математичкиот факултет од Скопје.

*Табела 1. Број и процент на машки, женски и испитаници од трета и четврта година за секоја од насоките на ПМФ*

| | Година на студии | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Трета | Четврта | Машки | Женски | |
| Математика | 4 | 7 | 4 | 7 | 11 |
| Хемија | 5 | 10 | 5 | 10 | 15 |
| Биологија | 5 | 14 | 7 | 12 | 19 |
| Географија | 6 | 19 | 12 | 13 | 25 |
| Вкупно<br>% | 20<br>29% | 50<br>71% | 28<br>40% | 42<br>60% | 70<br>100% |

*Табела 2. Број и процент на машки, женски и испитаници од трета и четврта година за секоја од насоките на ФЛУ*

| | Година на студии | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Трета | Четврта | Машки | Женски | |
| Сликарство | 6 | 9 | 7 | 8 | 15 |
| Вајарство | 3 | 7 | 4 | 6 | 10 |
| Графика | 9 | 13 | 9 | 13 | 22 |
| Наставна | 12 | 11 | 8 | 15 | 23 |
| Вкупно<br>% | 30<br>43% | 40<br>57% | 28<br>40% | 42<br>60% | 70<br>100% |

## 3.3. Мерни инструменти

Испитувањето на сликата за себе во психологијата во целост се заснова врз техниките на самоизвестување и тоа или преку себеописите коииспитаникот ги дава или преку изборот на некои од понудените одговори. Според Такашманова-Соколовска (1998), сликата за себе во психологијата генерално се испитува на два начина: со помош на т.н техники на реактивна слика за себе или преку т.н. техники на спонтана слика за себе. Во првата група спаѓаат сите однапред подготвени (психометризирани) прашалници и скали. Втората група техники е сочинета од т.н. отворени техники, во кои се бара од испитаникот да се опише себе си, вообичаено преку одговарање на прашањето "Кој сум јас?".

Се смета дека првата група техники се повеќе насочени кон емоционално-вредносните аспекти на сликата за себе, а втората кон содржината и структурата на сликата за себе, што сепак не мора да биде строго правило. И едните и другите имаат свои предности и недостатоци. Со оглед на последново, во ова истражување ќе бидат застапени техники од двете групи. На тој начин би се надминале или барем ублажиле недостатоците на секоја техника, а во исто време би се добиле покомплетни и поисцрпни податоци за разни аспекти и области од сликата за себе.

### - **Техника "Кој сум јас"**

Техниката "Кој сум јас" во рамките на психологијата има долга историја на примена. Се применува во разни области од психологијата: во развојната и педагошката психологија, во клиничката и психологијата на личноста, во областа на личносниот развој. Може и се користи со разни цели и за разни намени, со разни категории на испитаници. Една е од најпознатите техники за испитување на сликата за себе. Станува збор за релативно едноставна техника, која има неколку варијатни, но во рамките на ова истражување е користена веројатно основната и најчесто користената варијанта: на

испитаниците им се дава едноставно упатство- да запишат околу 20 ставки/реченици, кои би биле одговор на прашањето “Кој сум јас?”[7].

## - Прашалник за Себеопис 3 (Self Description Questionnaire III или SDQ III)

Автор на овој прашалник е проф. д-р Херберт Марш (H. Marsh). Прашалникот има теоретска основа во моделот за сликата за себе на Шавелсон и сор. Во овој модел, сликата за себе е поделена на две широки области: академска слика за себе и неакадемска слика за себе. Согласно, прашалникот за себеопис 3 (SDQIII) содржи две широки субскали: една за мерење на *академската слика за себе* и една за мерење на *неакадемската слика за себе*. Прашалникот е констуиран за мерење на повеќе димензии на сликата за себе, првенствено кај студенти и млади возрасни, на возраст од 16 до 25 години. Основната форма од која се развил е SDQI- наменет за мерење на сликата за себе кај адолесценти (рана адолесценција), од кои подоцна се развиле SDQII (за мерење на сликата за себе кај деца) и SDQIII.

Инструментот е составен од 13 скали. Во нив се содржани вкупно 136 тврдења, кои се однесуваат на повеќе фактори или димензии на сликата за себе. За секој ајтем, на скала од ликертов тип, понудени се нумерички одговори од 1 до 8, од кои испитаникот треба да одбере еден одговор, при што вредноста 1 е еднаква на тврдењето *воопшто не се однесува на мене*, а вредноста 8 еднаква на тврдењето *во целост се однесува на мене*. Според наведеното, максималниот можен скор за целиот инструмент е 1088, а минималниот 136. Повисок скор на одредена субскала, упатува на поголема застапеност

---

[7] Оваа техника е користена во соседни држави и кај нас. Дел е од дипломски, магистерски и докторски трудови. Ја користеле:

- Јанаков, Б. (1991). *Самосвест и лексика. Покушај лексичког приступа себству. Развојно истраживање*. Необјавена докторска дисертација, Универзитет у Београду
- Пендаровски, М. (2005). *Застапеност на некои аспекти на реална, идеална и нормативна слика за себе кај луѓе кои практикуваат вежби за телесен развој.* Необјавен магистерски труд, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”
- Такашманова- Соколовска, Т. (1998). *Когнитивниот развој и сликата за себе.* Скопје: Графохартија

на соодветната димензија на сликата за себе и обратно. Субскалите се огранизирани на следниов начин:

- **Неакадемската слика за себе**се мери со осум субскали:

1. *Физички способности*: составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

2. *Физички изглед*: составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

3.*Односи со врсниците од истиот пол*: составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

4. *Односи со врсниците од спротивниот пол*:составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

5. *Однос со родителите*: составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

6. *Емоционална стабилност*:составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 96, а минималниот 12.

7. *Чесност или Доверба*: составена од 12 ајтеми, максималниот можен скор е 96, а минималниот 12.

8. *Религиозност или Спиритуалност*:составена од 12 ајтеми, максималниот можен скор е 96, а минималниот 12.

Субскалите Физички способности и Физички изглед заедно ја сочинуваат скалата која го мери *Физичкото јас*, субскалите Односи со врсниците од ист и од различен пол и Однос со родителите ја сочинуваат скалата за мерење на *Социјалното јас*, а субскалите Емоционална стабилност, Чесност/Доверба и Религиозност/ Спиритуалност се групирани во скала која го мери *Емоционалното јас*;

- **Академската слика за себе** се мери со четири субскали:

1. *Вербални способности*:составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

2. *Математички способности*, составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

3. *Решавање проблеми*:составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

4. Општ академски успех:составена од 10 ајтеми, максималниот можен скор е 80, а минималниот 10.

- **Општиот однос кон себе,** односно **себепочитувањето,** се мери со една субскала, составена од 12 ајтеми. Максималниот можен скор е 96, а минималниот 12. Повисок скор укажува на попозитивен општ однос кон себе или повисоко себепочитување и обратно.

SDQIII е еден од најчесто користените инструменти за мерење на сликата за себе и убедливо најмногу користениот инструмент за мерење на сликата за себе кај возрасни. Користен е во Австралија, Јужна Америка, САД, Кина и десетина европски земји, меѓу кои Велика Британија, Шпанија, Италија, Германија, Данска, Хрватска и Србија.Последните десетина години постојано се работи на негова валидизација. Поседува солидни метриски карактеристики. Тринаесетте субскали мерат тринаесет аспекти или димензии на сликата за себе, кои биле одвоени со факторска анализа. Авторот на инструментот (Marsh, 1984; 2005), врз основа на неколку студии,известува за виска *medianalpha= 0,89* и ниска корелација помеѓу факторите (*r=0,09*). Конструкт валидноста, преку експланаторна и конфирматорна факторска анализа била потврдена и во истражување во САД (Byrne, 1988). Фариа (Faria, 1996) известува за висока интерна конзистентност на инструментот, добиена во истражувања врз португалски примерок. Маги (Maggi, 2011), врз основа на

спроведени истражувања во Италија и Англија, известува за високи релијабилност и валидност на интрументот.

Прашалникот е превземен од интернет страната на Центарот за истражување на сликата за себе, за што претходно од авторот беше обезбедена согласност и дозвола за користење. Преведен е за потребите на истражувањето и кај нас досега не е користен, односно се користи прв пат. По барање на авторот на инструментот, на испитаниците им беше задаван комплетниот прашалник со сите 13 сускали. Меѓутоа, во истражувањето се искористени дел од добиените податоци, а согласно поставените хипотези и кои се однесуваат на: *академска слика за себе*, некои аспекти на неакадемската слика за себе, поточно*емоционално јас* (емоционална стабилност, чесност/ доверба, религиозност/ спиритуалност) и *општ однос кон себеили себепочитување*.

## -Скала за мерење на претпочитаните животни стилови

Оваа скала се применува за мерење на вредносните ориентации, операционализирани преку преферирани животни стилови. Инструментот се заснова на оригиналната Скала за мерење на начини на живеење на Морис (Osgoogetal. 1961)и претставува прилагодување на истата, а согласно поновиот теоретски модел за вредностите на Шварц (2012). Прилагоден е од страна на проф. Д-р Драган Попадиќ (1995) и често е користен во Хрватска и соседна Србија.

Во инструментот се содржани описи на 10 стилови на живеење, а секој од нив претставува операционализација на соодветна вредносна ориентација. Описите се преземени и прилагодени од други инструменти (Скала за мерење на начините на живеење на Морис, Прашалник за лични вредности на Шварц, Скала за мерење на социјални вредности на Грисинген и Ливингстон) при што авторот водел сметка за тоа секој опис да операционализира една вредносна ориентација, описите да бидат изедначени по должина и што поедноставно формулирани. За потребите на ова истражување, додадена е и 11та, естетска вредносна ориентација, формулирана согласно

претходно опишаните критериуми, односно операционализирана преку кус и едноставен опис на соодветен животен стил.

Од испитаниците се бара да го изберат степенот на преференција (на скала од 1 до 5, при што 1 значи *воопшто не се однесува на мене*, а 5 *во целост се однесува на мене*) за секој од опишаните стилови. За секој од 11те животни стилови, максимален можен скор е 5, а минимален 1. Повисок скор укажува на поголема преференција на конкретен животен стил (а со тоа и на нагласеност на соодветната вредносна ориентација) и обратно. На крајот од инструментот, од испитаникот се бара да наведе кој од опишаните стилови на живеење најмногу му се допаѓа и за него е најприфатлив, а кој најмалку. На овој начин се доаѓа до податок за тоа кои се најмногу, а кои најмалку преферирани животни стилови кај одредена група испитаници.

Следуваат описите на единаесетте вредносни ориентации, односно животни стилови:

**Материјалистичка или утилитарна ориентација**: да се занимава со добро платена работа, која ќе носи многу пари и потполна материјална сигурност. Да се обезбеди богат и удобен живот.

**Сознајна ориенатција**: да се занимава со истражувања, да бара нови пронајдоци или изуми. Да стекне што повеќе знаења. Постојано да осознава нови нешта за светот, природата и човекот.

**Верска ориентација**: да верува во Господ и да живее во склад со учењето за својата вера. Да пронајде мир и вистина во верата. Да биде добар верник, да ги почитува верските празници и обичаи.

**Ориентација кон моќ**: за заземе раководно место во општеството. Да има голема моќ и да не мора да слуша други, туку другите да го слушаат.

**Индивидуалистичка ориентација:** да го уреди животот така да не мора да зависи од другите и да не мора да се грижи за туѓи проблеми. Да се грижи, пред се, за себе и својата добросостојба.

**Алтруистичка ориенатција**: да се занимава со нешто што е корисно за луѓето и заедницата. Да им помага на луѓето кога се несреќни или загрозени, дури и по цена на лично одрекување.

**Сентиментално-семејна ориентација**: да запознае особа која ќе ја сака, како и таа него, заедно да создадат семејство и целосно да се посветени на семејството. Смислата на животот да ја најде во семејството.

**Прометејски активизам**: силно да се залага за создавање подобри и поправични односи во својата средина и во општеството. Да се бори за долгорочни цели и идеи, дури и кога наидува на отпор од средината.

**Медиумска популарност**: да стане популарен и да биде познат во спортот, музиката или забавата. Да се појавува често на телевизија и во весници, да има многу обожаватели.

**Хедонистичка ориентација**: да го проживее животот што побезгрижно и повесело. Добро да се забавува, што повеќе да ужива во задоволствата кои ги нуди животот. Заработените пари премногу да не ги штеди, туку да ги троши на забава и разонода.

**Естетска или уметничка ориентација**: да биде насочен кон и да ужива во естетското и убавото. Да се интересира за уметноста и да создава уметнички дела. Да ја најде смислата на живеењето во и за уметноста.

### 3.3.1. Постапка на кодирање на податоците добиени со техниката *Кој сум јас*?

Сликата за себе е психички ентитет кој се пројавува посредно. Постојат повеќе начини на пројавување на сликата за себе, а еден од нив е преку говорот, односно

лексиката (други начини на пројавување се преку поведението, говорот на телото и др.). (Јанаков, 1990). Кога одговараат на прашањето Кој сум јас, испитаниците всушност даваат помалку или повеќе детализиран себеопис, односно ја опишуваат сликата за себе. Доколку зборовите содржани во себеописот се поделат во лексички категории, категориите би се однесувале на соодветен аспект на сликата за себе. Така на пример, зборовите: *личност, особа, емоционален, вознемирен,* би се вброиле во категоријата Психичко, а зборовите: *брат, студент, Македонец*, припаѓаат на категоријата Социјално. Техниката "Кој сум јас" е квалитативна и во суштина претставува интерву. Квантификацијата на податоците добиени со оваа техниката се прави преку распределување на зборовите во однапред дадени категории. *Единица на анализа* е **зборот**. Покрај *денотативното* или буквалното значење на зборот, во предвид се зема и неговото *конотативно* значење, односно контекстот во кој конкретен збор се јавува. Покрај авторот, препорачливо е во класифицирањето на зборовите да се вклучат уште двајца консултанти (пр. еден психолог и еден непсихолог), со цел зголемување на објективноста.

Зборовите се распоредуваат по категории, во случајов согласно категоризацијата на Б. Јанаков (1991), која соджи 16 категории:

**Г-** категорија која ја сочинуваат најопшти поими за човекот и зборови со кои се искажуваат најосновни податоци за себе (човек, млад, стар, дете, возрасен, живот, нормален, роден, развој, вработен, работа и др.)

**Б-** категорија на зборови чие значење во нашата култура на јасен начин укажува на биолошкото и/или телесното кај човекот (машко, женско, рака, нога, крв, ген, растење, тетовиран, црномурен, дебел, слаб, лузна и др.)

**С-** категорија на зборови чие значење се однесува на социјалното: социјални положби, улоги, социјални релации, професија, етничка, верска, класна припадност, социјални групи, институции и заедници (мажена, оженет, сопруг, сопруга, брат, семејство, православен, богат, работник, инженер, бравар, ССС, ВСС, Македонија, Македонец, група, тим и др.)

**П-** категорија на зборови чие значење се однесува на психичкото, на психичките процеси, состојби, својства, компоненти, области, функции и аспекти (гледа, чувствува, емоција, помнење, помни, страв, радост, искрен, вреден, депресивен, песимист, сангвиник, несвесно, карактер, душа, дух, личност и др.)

**А-** категорија на зборови чие значење се однесува на надворешните активности и однесувањето, вклучително и невербалната експресија. Овие зборови ја означуваат содржината или обликот на активноста и поведението на луѓето (зборува, кажува, дискутира, пее, игра, пишува, оди, заминува, мафта, се смее, насмеан, намрштен, одмара, работи, се труди, гледа, слуша, удира, милува, допира, допир, јаде, голта, бакнува, бакнеж и др.)

**М-** група на зборови кои означуваат надворешни, првенствено социјални збиднувања (екскурзија, забава, журка, авантура, трка, посета, патување, испит, берба и др.)

**О-** категорија на зборови кои на јасен начин го означуваат човекот и човечкото, но кои не е оправдано да се класифицираат во некоја од споменатите категории или кои можат да се класифицираат во две или повеќе категории (изглед, изгледа, ракопис, плата, дело, правда, слобода, постигнува, остварува, помага и др.)

**И-** категорија на личните имиња, презимиња и прекари (Весна, Марко, Марија, Иван, Стојанов, Крстева, Наумова, Славејот, Брзи и др.)

**Л-** категорија на лични и некои присвојни заменки (јас, ти, тој, таа, ние, мој, свој, наш, негов и др.)

**Д-** категорија на зборови кои означуваат производи на човековата индивидуална и колективна дејност (филм, песна, хумор, тест, задача, математика, философија, ручек, торта, храна, чорапи, марама, фустан, кошула, телевизор, автомобил, фудбал и др.)

**К-** категорија на зборови кои се однесуваат на физичкиот (првенствено микро) контекст и сегменти и аспекти на животниот свет на единката (соба, куќа, градина, претпријатие, фабрика, улица, пат, нива, околина, Скопје, Велес и др.)

**З-** категорија на зборови кои означуваат живи или измислени суштества, како и нивни делови и основни функции (гулаб, птица, јајце, клун, крила, лета, јаболка, јагода, чудовиште, бог и др.)

**Н-** категорија составена од зборови кои означуваат неживи објекти и појави (кои не се производ на човековата дејност) и поими за неживиот свет (вода, земја, воздух, предмет, објект, ѕвезда, космос и др.)

**В-** категорија на зборови кои се користат за вреднување (добар, лош, расипан, одличен, убав, згоден, привлечен, супер, извонреден, исклучителен, убавица, симпатичен, грд и др.)

**Х-** категорија на зборови, воглавно описни придавки, со кои се означуваат квалитатативни својства, аспекти, особености (кафеав, бел, црн, румен, гладко, нежно, светло, бистро, вредно, мирно и др.)

**Џ-** категорија на зборови со кои се означуваат квантитативни својства и релации (голем, мал, низок, висок, висина, тежок, лесен, тежина и др.)

Категориите Г, Б, С, М, А, П и О се *дескриптивни* категории од антрополошкиот речник, додека категориите И, Л и В се *недескриптивни* категории од антрополошкиот речник. Во споменатиот систем на класификација, составен од вкупно 16 категории, влегуваат уште и категориите Х, Џ, Д, К, Н и З. Категоријата В, понатаму е поделена на 4 поткатегориии: позитивно и негативно вреднување, естетско и социјално-етичко вреднување. За потребите на ова истражување, од категоријата П, издвоена е поткатегоријата Доживувања и емоционални состојби.

По распределувањето на зборовите по категории и пресметаните фреквенции, се пресметувапроцентуалната застапеност на секоја од категориите. Следи рангирање на

категориите на скала од 1 до 16. Поголема процентуална застапеност на одредена категорија, односно нејзин повисок ранг, упатува на поголема нагласеност на аспектот на сликата за себе на кој таа категорија се однесува и обратно.

Во ова истражување, техниката “Кој сум јас” се користи за мерење на варијалите *сложеноста* и *аспекти на сликата за себе*.

## 3.4. Операционална дефиниција на варијаблите во истражувањето

**Варијабла 1**: Сложеност на сликата за себе

Сложеноста на сликата за себе се определува како збир на *употребени и класифицирани зборови*[8], односно како збир на *разни зборови*, дадени како одговори на прашањето *КОЈ СУМ ЈАС* од истоимената техника.Според тоа, постојат два индикатора за сложеноста на сликата за себе. Првиот се однесува на вкупниот број на употребени и класифицирани зборови. Втор индикатор е бројот на разни зборови, содржани во себеописите. Колку што вкупниот број на употребени (класифицирани) зборови и бројот на разни зборови се поголеми, толку сликата за себе е посложена и обратно.

**Варијабла 2:** Аспекти на сликата за себе

Секоја од лексичките категории, вклучени во категоризација на зборовите употребени во техниката Кој сум јас, се однесува на соодветен аспект на сликата за себе. Според тоа, колку е пообемна одредена лексичка категорија, односно колку е поголем бројот на зборови кои припаѓаат во истата, толку соодветниот аспект на сликата за себе на кој таа лексичка категорија се однесува е поизразен/поразвиен и обратно. Бројот на зборови во одредена категорија е претставен преку фреквенции, врз основа на кои се пресметува процентуалната застапеност на секоја од категориите. Поголема процентуална застапеност на одреден категорија упатува на поголема нагласеност на соодветниот аспект на сликата за себе. Нагласеноста на одреден аспект, дополнително може да се утврди преку ранѓирање на лексичките категории, согласно нивната процентуална застапеност. Колку рангот на одредена категорија е повисок, толку нагласеноста на соодветниот аспект на сликата за себе е поголема и обратно

---

[8]Сврзниците (и, или), прилозите и предлозите (на, до, пред, веднаш, вчера) , како и некои глаголи (пр. сум, има, е, сме) не се касифицирани и не влегуваат во обработката на податоците

**Варијабла 3:** Академска слика за себе

Академската слика за себе е определена како збир на скоровите дадени како одговор на ајтемите содржани во четирите сускали: *математика, вербални способности, решавање проблеми и општа академска слика за себе*. Секоја од наведените скали соджи по 10 ајтеми, според што максималниот можен скор е 320, а минималниот 40. Повисок скор упатува на поразвиена и попозитивна академска слика за себе, а понизок скор на помалку развиена и понегативна академска слика за себе.

**Варијабла 4:** Неакадемска слика за себе

Во истражувањето, а согласно поставените хипотези, се очекуваат разлики помеѓу студентите по природно-математички науки и ликовни уметности само во однос на некои аспекти од неакадемската слика за себе. Поточно, очекуваните разлики се однесуваат на аспектот *Емоционално јас*, кој се мери преку три субскали: емоционална стабилност, чесност или доверба и религиозност или спиритуалност. *Емоционалната стабилност* е определена како збир на скоровите дадени како одговор на 10 ајтеми, составен дел на истоимената субскала. Максималниот можен скор е 80, а минималниот 10. При што повисок скор упатува на поголема емоционална стабилност, а понизок на помала. *Чесност или доверба* претставува збир на скоровите дадени како одговор на 12 ајтеми на истоимената субскала. Максималниот можен скор е 96, а минималниот 12, при што повисок скор упатува на поголема чесност или доверба, а понизок на помала. *Религиозност или спиритуалност* се определува како збир на скоровите дадени како одговор на 12 ајтеми од субскалата за религиозност. Максималниот можен скор е 96, а минималниот 12. Повторно, повисок скор упатува на поголема религиозност или спиритуалност и обратно.

**Варијабла 5:** Себепочитување или Општ однос кон себе

Во SDQIIIима посебна субскала за мерење на општиот однос кон себе. Оваа субскала содржи 12 ајтеми, за кои исто така е понудена скала на одговори од ликертов тип со вредности од 1 до 8. Општиот однос кон себе се операционализира како збир на скоровите дадени како одговор на 12те ајтеми содржани во субскалата Општ однос кон себе. Максималниот можен скор е 96, а минималниот 12. Повисок скор упатува на попозитивен општ однос кон себе или повисоко себепочитувањеи обратно.

**Варијабла 6**: Вредносни ориентации

Вредносните ориентации се определуваат како степен на преференција (од 1 до 5) на секој од единаесетте опишани стилови на живеење, содржани во Скалата за мерење на претпочитаните животни стилови, при што повисок скор на конкретен животен стил упатува на повисока застапеност на соодветната вредносна ориентација и обратно. Дополнително, животниот стил, кој на крајот од тестот е наведен како најмногу преферирaн, упатува на највисока нагласеност на соодветната вредносна ориентација. Животниот стил наведен како најмалку преферирaн, укажува на најмала нагласеност на соодветната вредносна ориентација.

Релевантни варијабли во истражувањето се: *пол, возраст, година на студирање, постојано место на живеење* и *етничка припадност*. Контролата на релевантните варијабли се обезбеди преку **константност на ефектите од релевантните варијабли,** поконкретно преку **балансирање**. Во двете групи се застапени ист број на машки и женски испитаници, сите на возраст од 20 до 24 години, сите трета или четврта година студии и сите од македонска национална припадност. Дополнително се направи балансирање помеѓу групите во однос на варијаблата постојано место на живеење и пол. На пример, бројот на женски испитаници од Скопје во првата група, е ист со бројот на женски испитаници од Скопје во втората група.

## 3.5. ПОСТАПКА

Истражувањето беше спроведено во два наврати, во месец декември, 2013 година и во месец март, 2014 година, во просториите на Природно-математичкиот и Факултетот за ликовни уметности од Скопје. Секоја од групите беше испитувана во просторија во која вообичаено работи.

Најпрво, од продеканите за настава на двата факултета, беше обезбедена писмена дозвола за тестирање во просториите на факултетите. Тестирањето по правило се изведуваше по завршување на предавањата или вежбите. За секоја од групите од двата факултета, беа обезбедени по два термина. Во првиот термин беше задаван Прашалникот за себеопис 3 (SDQIII), за што беа обезбедени 30 минути. Во вториот термин беа задавани техниката "Кој сум јас?" и Скалата за мерење на претпочитаните животни стилови, за што беа обезбедени 45 минути. Првите 30 минути беа одвоени за пополнување на техниката "Кој сум јас?", а останатите 15 за Скалата за мерење на претпочитаните животни стилови. Со пополнување на Скалата замерење на претпочитаните животни стилови се започна тогаш кога сите беа готови со пополнување на техниката "Кој сум јас?". И во двата термина, наведеното време се покажа како доволно и ниту еден студент не побара дополнително време за работа.

Покрај наведеното писмено упатство за работа, кое се наоѓа на секој од инструментите, на испитаниците им беше дадено дополнително усно објаснување за тоа како се пополнува секој од инструментите. Им беше оставен простор за поставување прашања за евентуално нејаснотии. Сите групи испитаници добија идентично усно упатство.

## 3.7. Резултати

### 3.7.1.Квантитативни податоци

#### 3.7.1.1. Резултати за првата и втората хипотеза

На техниката за себеопис "Кој сум јас", студентите на Природно-Математичкиот факултет од Скопје (N=70) употребиле вкупно **6 897** зборови. Од нив, категоризирани се **4242**, што претставува **61,5%** од вкупниот број употребени зборови. Бројот на разни зборови кај студентите на ПМФ изнесува **1 233.**

На истата техника, студентите на Факултетот за ликовни уметности од Скопје (N=70), употребиле вкупно **6 705** зборови. Од нив, категоризирани се **4 209,** што претставува **62,8%** од употребените зборови. Бројот на разни зборови кај студентите на ФЛУ изнесува **1 411.**

***Хипотеза 1*: **Студентите кои студираат ликовни уметности имаат посложена слика за себе од студентите кои студираат природно-математички науки.

Резултати покажуваат дека дека и покрај разликата во бројот на употребени зборови помеѓу двете групи испитаници, процентите на категоризирани зборови кај двете групи се слични: 61,5% кај студентите по природно-математички науки и 62,8% кај студентите по ликовни уметности. Студентите по ликовни уметности употребиле **192** зборови помалку од студентите по природно-математички науки. Бројот на *категоризирани зборови* кај студентите по ликовни уметности е помал за **33** зборови. Меѓутоа, бројот на *разни зборови* кај студентите по ликовни уметности е поголем за **178** зборови.

Согласно операционализацијата на варијалата *сложеност на сликата за себе,* колку што вкупниот број на употребени (и категоризирани) зборови и бројот на разни

зборови, содржани во себеописната техника “Кој сум јас?” е поголем, толку сликата за себе е посложена и обратно. *Хипотеза 1* предвидува дека сликата за себе кај студентите по ликовни уметности е посложена, споредено со студентите по природно-математички науки. Односно, се очекува вкупниот број на употребени (и категоризирани) и бројот на разни зборови, кај студентите по ликовни уметности да биде поголем. Од погоре наведените резултати, може да се забележи дека бројот на употребени и категоризирани зборови кај студентите по ликовни уметности, споредено со студентите по природно-математички науки, е помал, што е спротивно на очекуваното. Меѓутоа, бројот на разни зборови, кај студентите по ликовни уметности, споредено со студентите по природно-математички науки, согласно хипотезата, е поголем. Според тоа, првата хипотеза **делумно се прифаќа**.

***Хипотеза 2*:** Кај студентите по ликовни уметности позастапени се категориите Психичко, Активност и Квалитативно вреднување, а кај студентите по природно-математички науки позастапени се категориите Психичко, Социјално и Надворешни, првенствено социјални збиднувања.

*Табела 3.* ги покажува фреквенциите на зборови и процентулната застапеност на секоја од 16-те категории, за двете групи студенти. Категориите се подредени согласно процентуалната застапеност, почнувајќи од највисокиот процент, односно фреквенција. Во *табела 3*, вметната е дополнителна 17та категорија, означена како **Нег**. Во оваа категорија се класифицирани зборови кои јасно укажуваат на некаков облик на негирање (пр. не сакам, не можам, не сум и слично). Оваа категорија, како дополнителна, се наоѓа на дното од табелата, а не на позицијата која и ја обезбедува нејзината процентуална застапеност.

*Табела 3. Фреквенции и процентуална застапеност на лексички категориите*

| Насока на студирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Природно-математички факултет** | | | **Факултет за ликовни уметности** | | |
| **Категорија** | Фреквенции | Процент | **Категорија** | Фреквенции | Процент |
| **П** | 1248 | 29,41 | **П** | 1589 | 37,80 |
| **О** | 567 | 13,37 | **А** | 560 | 13,30 |
| **С** | 412 | 9,74 | **О** | 550 | 13,06 |
| **Л** | 411 | 9,69 | **Л** | 271 | 6,44 |
| **А** | 320 | 7,56 | **С** | 231 | 5,50 |
| **В** | 194 | 4,58 | **В** | 203 | 4,82 |
| **Г** | 193 | 4,54 | **Д** | 196 | 4,60 |
| **Д** | 187 | 4,40 | **Г** | 133 | 3,16 |
| **М** | 126 | 3,00 | **Н** | 105 | 2,50 |
| **К** | 116 | 2,72 | **К** | 46 | 1,08 |
| **Н** | 95 | 2,23 | **З** | 42 | 1,00 |
| **Џ** | 79 | 1,86 | **М** | 39 | 1,00 |
| **Б** | 37 | 0,87 | **Х** | 37 | 0,87 |
| **Х** | 28 | 0,66 | **Џ** | 35 | 0,80 |
| **З** | 12 | 0,30 | **Б** | 14 | 0,33 |
| **И** | 3 | 0,04 | **И** | 4 | 0,08 |
| **Нег.** | 214 | 5,03 | **Нег.** | 154 | 3,66 |
| Вкупно | 4242 | 100 | Вкупно | 4209 | 100 |

*Табела 4.Фреквенции на класифицирани зборови (f) и број на разни зборови* за секоја од лексичките категории

| Категорија | Класифицирани зборови | | Разни зборови | |
|---|---|---|---|---|
| | ПМФ (f) | ФЛУ (f) | ПМФ | ФЛУ |
| **П** | 1248 | 1589 | 230 | 370 |
| **П1** | 154 | 469 | 51 | 122 |
| **А** | 320 | 560 | 148 | 228 |
| **С** | 412 | 231 | 210 | 96 |
| **М** | 126 | 39 | 54 | 28 |
| В | 194 | 203 | 34 | 28 |
| | | | | |
| О | 567 | 550 | 161 | 213 |
| Л | 411 | 271 | 90 | 73 |
| Г | 193 | 133 | 48 | 32 |
| Д | 187 | 196 | 66 | 94 |
| К | 116 | 46 | 32 | 21 |
| Н | 95 | 105 | 33 | 23 |
| Џ | 79 | 35 | 26 | 18 |
| Б | 37 | 14 | 20 | 10 |
| Х | 28 | 37 | 18 | 26 |
| З | 12 | 42 | 9 | 26 |
| И | 3 | 4 | 3 | 4 |
| Вкупно | 4242 | 4209 | 1233 | 1411 |

Во *табела 4,* направена е споредба помеѓу фреквенциите на класифицирани и бројот на разни зборови, содржани во себеописите на двете групи испитаници. Во првиот дел од табелата се наоѓаат петте категории (и една поткатегорија) кои се содржани во *Хипотеза 2*. Во вториот дел од табелата се наоѓаат останатите категории. Во првиот дел од табелата, болдирани или задебелени се категориите помеѓу кои постои забележителна разлика во фреквенциите на класифицирани и бројот на разни зборови, помеѓу двете групи испитаници.

Врз основа на *табела 3,* може да се направи споредба помеѓу ранговите на категориите кај двете групи испитаници. Меѓутоа, за полесно следење на разликите помеѓу двете групи испитаници, во *табела 5* подолу, направена е директна споредба помеѓу ранговите и согласно, фреквенциите и процентуалната застапеност на категориите. Покрај процентуалната застапеност на соодветната категорија, нејзиниот ранг е јасен показател за нагласеноста која конкретен аспект ја има структурата на сликата за себе. Освен разликите во процентуалната застапеност на одредена категорија кај двете групи студенти, евентуалните разлики во рангот на таа категорија нудат дополнителна можност за дискусија. *Табела 5* е поделена на два дела. Во првиот дел од табелата се наоѓаат петте категории кои се содржани во *Хипотеза 2*. Во вториот дел од табелата се наоѓаат останатите категории. Во првиот дел од табелата, болдирани или задебелени се категориите и ранговите помеѓу кои постои забележителна разлика помеѓу двете групи испитаници.

*Табела 5. Споредба на рангот, фреквенциите и процентуалната застапеност на лексичките категории*

| Категорија | Ранг | | Фреквенции | | Проценти | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПМФ | ФЛУ | ПМФ | ФЛУ | ПМФ | ФЛУ |
| **П** | 1 | 1 | 1248 | 1589 | 29,41 | 37,80 |
| **П1** | / | / | 154 | 469 | 12,3 | 19,5 |
| **А** | **5** | **2** | 320 | 560 | 7,56 | 13,30 |
| **С** | **3** | **5** | 412 | 231 | 9,74 | 5,50 |
| **М** | **9** | **12** | 126 | 39 | 3,00 | 1,00 |
| В | 6 | 6 | 194 | 203 | 4,58 | 4,82 |
| | | | | | | |
| О | 2 | 3 | 567 | 550 | 13,37 | 13,06 |
| Л | 4 | 4 | 411 | 271 | 9,69 | 6,44 |
| Г | 7 | 8 | 193 | 133 | 4,54 | 3,16 |
| Д | 8 | 7 | 187 | 196 | 4,40 | 4,60 |
| К | 10 | 10 | 116 | 46 | 2,72 | 1,08 |
| Н | 11 | 9 | 95 | 105 | 2,23 | 2,50 |
| Џ | 12 | 14 | 79 | 35 | 1,86 | 0,80 |
| Б | 13 | 15 | 37 | 14 | 0,87 | 0,33 |
| Х | 14 | 13 | 28 | 37 | 0,66 | 0,87 |
| З | 15 | 11 | 12 | 42 | 0,30 | 1,00 |
| И | 16 | 16 | 3 | 4 | 0,04 | 0,08 |
| | | Вкупно: | 4242 | 4209 | 100 | 100 |

Статистичката анализа покажа дека ниту една од разликите во процентуалната застапеноста на категориите П, А, С, М и В, кај двете групи испитаници, не е статистички значајна. Според тоа, Хипотеза 2, во која се тврди дека кај студентите по ликовни уметности позастапени се категориите Психичко, Активност и Квалитативно вреднување, а кај студентите по природно-математички науки позастапени се категориите Психичко, Социјално и Надворешни, првенствено социјални збиднувања, **се отфрла.**

**Суб-хипотеза 2.1**: Кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастепена е поткатегоријата П1, дел од категоријата Психичко, а која се однесува на емоционални состојби и доживувања.

Кај студентите по природно-математички науки, во поткатегоријата П1 се категоризирани **154** зборови, што претставува **12,3** проценти од зборовите во категоријата Психичко (П). Кај студентите по ликовни уметности, во поткатегоријата П1 се категоризирани **469** зборови, што претставува **19,5** проценти од зборовите во категоријата Психичко(П). Разликата од 315 зборови или 7,2 проценти е статистички значајна ($p<0.01$). Според добиените резултати, *Суб-хипотезата 2.1*. **се прифаќа.**

## 3.7.1.2. Резултати за третата, четвртата, петтата, шестата и седмата хипотеза

Хипотезите 3, 4, 5, 6 и 7 се однесуваат на академска слика за себе, емоционална стабилност, чесност/доверба, религиозност/спиритуалност и општ однос кон себе. Овие варијабли се мерени со Прашалникот за себеопис 3. Во табела 6 и табела 7 подолу, прикажани се дескриптивните статистици за овие наведените варијабли, кај двете групи испитаници.

*Табела 6. Дескриптивни статистици за аспектите на себеописот кај примерокот студенти на ПМФ*

| | M | σ | Најнизок скор | Највисок скор |
|---|---|---|---|---|
| Академска слика за себе | 214,69 | 32,17 | 146 | 291 |
| Емоционална стабилност | 52,86 | 13,07 | 28 | 75 |
| Чесност/Доверба | 71,47 | 9,83 | 47 | 94 |
| Религиозност/Спиритуалност | 50,34 | 16,05 | 16 | 84 |
| Општ однос кон себе | 70,71 | 12,69 | 42 | 92 |

*Табела 7. Дескриптивни статистици за аспектите на себеописот кај примерокот студенти на ФЛУ*

| | M | σ | Најнизок скор | Највисок скор |
|---|---|---|---|---|
| Академска слика за себе | 225,10 | 28,03 | 155 | 278 |
| Емоционална стабилност | 46,49 | 11,14 | 27 | 71 |
| Чесност/Доверба | 69,10 | 8,74 | 46 | 85 |
| Религиозност/Спиритуалност | 44,03 | 16,94 | 16 | 90 |
| Општ однос кон себе | 76,46 | 11,73 | 44 | 95 |

-Резултати за ***Хипотеза 3***: Академската слика за себе кај студентите по ликовни уметности е поразвиена и попозитивна, споредено со студентите по природно-математички науки.

*Табела 8. Вредности на M, σ и D за варијаблата академска слика за себе*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Академска слика за себе | Природно-математички факултет | 70 | 214,69 | 32,17 | 3,84 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 225,10 | 28,,3 | 3,35 |

*Табела 9. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за академска слика за себе кај примерокот студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Академска слика за себе | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| | -2,042 | 138 | **0,043*** |

Од резултатите прикажани во *табела 9* може да се види дека вредноста на *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значајна: $t$ (138)=-2,042, $p$<.005. Според тоа, *Хипотеза 3*, која тврди дека академската слика за себе кај студентите по ликовни уметности е поразвиена и попозитивна, споредено со студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**.

-Резултати за ***Хипотеза 4:*** Студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку емоционално стабилни од студентите по природно-математички науки.

*Табела 10. Вредности на M, σ и D за варијаблата емоционална стабилност*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Емоционална стабилност | Природно-математички факултет | 70 | 52,86 | 13,07 | 1,56 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 46,49 | 11,14 | 1,33 |

*Табела 11. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за емоционална стабилност кај примерокот студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Емоционална стабилност | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| | 3,104 | 138 | **0,002**** |

Резултатите содржани во *табела 11,* кои се однесуваат на варијаблата емоционална стабилност, покажуваат дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значаен: $t(138)= 3{,}104$, $p<.001$). Согласно добиените резултати, заклулокот е дека *Хипотеза 4*, која тврди дека студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку емоционално стабилни од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**.

-Резултати за ***Хипотеза 5:*** Студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку чесни или доверливи од студентите по природно-математички науки.

*Табела 12. Вредности на M, σ и D за варијаблата чесност/доверба*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Чесност/Доверба | Природно-математички факултет | 70 | 71,47 | 9,83 | 1,76 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 69,10 | 8,74 | 1,04 |

*Табела 13. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за чесност/доверба кај примерокот студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Чесност/Доверба | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| | 1,508 | 138 | **0,134** |

Добиеното *p* во *табела 13* покажува дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* не е статистички значаен: $t(138)= 1,508$, $p>.005$. Според тоа, *Хипотеза 6*, која тврди дека студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку и помалку чесни/доверливи од студентите по природно-математички науки, **се отфрла**.

-Резултати за ***Хипотеза 6***: Студентите по природно-математички науки се порелигиозни или спиритуални од студентите по ликовни уметности.

*Табела 14. Вредности на M, σ и D за варијаблата религиозност/спиритуалност*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Религиозност/ Спиритуалност | Природно-математички факултет | 70 | 50,34 | 16,05 | 1,92 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 44,03 | 16,94 | 2,03 |

*Табела 15. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за религиозност/спиритуалност кај примерокот студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Религиозност/ Спиритуалност | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| | 2,264 | 138 | **0,025*** |

Резултатите од *табела 15.* покажуваат дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значаен: *t*(138)= 2,224, *p*<.005, што значи дека *Хипотеза 6*, според којастудентите по ликовни уметности се помалку религиозни или спиритуални од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**.

-Резултати за ***Хипотеза 7***: Студентите по ликовни уметности имаат попозитивен општ однос кон себе од студентите по природно-математички науки.

*Табела 16. Вредности на M, σ и D за варијаблата оптшт однос кон себе/себепочитување*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Општ однос кон себе/себепочитување | Природно-математички факултет | 70 | 70,71 | 12,69 | 1,52 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 76,46 | 11,73 | 1,40 |

*Табела 17. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за оптшт однос кон себе/себепочитување кај примерокот студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| Општ однос кон себе/себепочитување | *t* | *df* | ***p*** |
| | -2,781 | 138 | **0,006**** |

*Табела 17* покажува дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значаен: $t(138)= -2{,}781$, $p<.001$. Врз основа на овие наоди, следува дека *Хипотеза 7*, која тврди дека студентите по ликовни уметности имаат попозитивен општ однос кон себе од студентите по природно-математички науки од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**.

3.7.1.3. Резултати за ***Хипотеза 8:*** Кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастапени се уметничката, индивидуалистичката и хедонистичката вредносна ориентација.

*Хипотеза 8* претпоставува дека постојат разлики во вредносните ориентации помеѓу студентите по ликовни уметности и природно-математички науки. Се очекува поголема застапеност на уметничката/естетска, хедонистичката и индивидуалистичката вредносна ориентација кај ликовните уметници. Во табелите подолу се содржани вредностите на t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини, заедно со нивоата на статистичка значајност.

*Табела 18. M, σ и D за естетска/ уметничка вредносна ориентација кај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Естетска/Уметничка вредносна ориентација | Природно-математички факултет | 70 | 2,13 | 0,96 | 0,11 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 4,49 | 0,79 | 0,09 |

*Табела 19. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за естетска или уметничка вредносна ориентација кај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| Естетска/Уметничка вредносна ориентација | -15,813 | 138 | **0,000**** |

Резултатите содржани во *табела 19.* покажуваат дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значаен: $t(138) = -15{,}813$, $p < .001$.

*Табела 20. . M, σ и D за индивидуалистичка вредносна ориентацијакај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуалистичка вредносна ориентација | Природно-математички факултет | 70 | 3,50 | 1,16 | 0,14 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 3,64 | 1,02 | 0,12 |

*Табела 21. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за индивидуалистичка вредносна ориентацијакај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | t-тест за значајноста на разлики помеѓу аритметички средини | | |
|---|---|---|---|
| Индивидуалистичка вредносна ориентација | *t* | *df* | ***p*** |
| | -0,772 | 138 | **0,442** |

Резултатите содржани во *табела 21* покажуваат дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* не е статистички значаен: $t(138) = -0{,}772$, $p > .005$.

*Табела 22. . M, σ и D за хедонистичка вредносна ориентацијакај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| | Насока на студирање | N | M | σ | D |
|---|---|---|---|---|---|
| Хедонистичка вредносна ориентација | Природно-математички факултет | 70 | 3,21 | 1,14 | 0,14 |
| | Факултет за ликовни уметности | 70 | 3,64 | 0,95 | 0,11 |

*Табела 23. t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметички средини за хедонистичка вредносна ориентација кај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Хедонистичка вредносна ориентација | *t-тест* | | |
|---|---|---|---|
| | *t* | *df* | ***p*** |
| | -2,417 | 138 | **0,017*** |

Резултатите содржани во *табела 23* покажуваат дека *t-тестот за значајност на разлики помеѓу аритметички средини* е статистички значаен $t(138)= -2{,}417$, $p<.005$.

Според наведените резултати во *табела 19 (p<.001), табела 21 (p>.005) и табела 23* ($p<.005$), *Хипотеза 8,* во која се тврди дека кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастапени се уметничката, индивидуалистичката и хедонистичката вредносна ориентација, **делумно се прифаќа**. Поконкретно, се прифаќа во однос естетската или уметничка и хедонистичката вредносна

ориентација, но се отфрла во однос на индивидуалистчката вредносна ориентација. Поинаку кажано, кај студентите по ликовни уметности позастапени се естетската или уметничка вредносна ориентација, но не и индивидуалистичката.

На крајот од *Скалата за мерење на претпочитаните животни стилови*, од испитаникот се бара да наведе кој од опишаните стилови на живеење најмногу му се допаѓа и најмногу му одговара, а кој најмалку. Подолу, во *табела 24, 25, 26 и 27*, наведени се најмногу и најмалку посакуваните стилови на живеење, претставени преку соодветните вредносни ориентации, за двете групи испитаници.

*Табела 24. Ранг, фреквенции (f) и проценти (%) за* ***најмногу*** *посакуваните вредносни ориентации кај студенти по природно-математички науки*

| Ранг | Вредносна ориентација | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Сентиментално-семејна | 40 | 57,5 |
| 2 | Материјалистична или Утилитарна | 9 | 12,5 |
| 3 | Сознајна | 7 | 10 |
| **4** | **Хедонистичка** | 7 | 10 |
| **5** | **Индивидуалистичка** | 4 | 5,5 |
| 6 | Моќ | 2 | 3 |
| **7** | **Естетска или уметничка** | 1 | 1,5 |
| | Вкупно | 70 | 100 |

Од *табела 24.* се гледа дека најпосакувана вредносна ориентација кај студентите по природно-математички науки е Сентиментално-семејната. Дури 40 испитаници (57,5%) одговориле дека животен стил кој најмногу им одговара и најмногу го посакуваат, е оној кој ја операционализира сентиментално-семејната вредносна ориентација.

Болдирани или задебелени се ранговите на и вредносните ориентации содржани во *Хипотеза 8*. Хедонистичката ориентација има ранг 4, индивидуалистичката ранг 5 и естетската или уметничка вредносна ориентациија има најнизок или ранг 7.

*Табела 25. Ранг, фреквенции (f) и проценти (%) за **најмалку** посакуваните вредносни ориентации кај студенти по природно-математички науки*

| Ранг | Вредносна ориентација | *f* | *%* |
|---|---|---|---|
| 1 | Религиозност | 23 | 32,5 |
| 2 | Моќ | 18 | 25 |
| 3 | Медиумска популарност | 15 | 22,5 |
| 4 | Естетска или уметничка | 7 | 10 |
| 5 | Прометејски активизам | 7 | 10 |
| | Вкупно | 70 | 100 |

*Табела 26. Ранг, фреквенции (f) и проценти (%) за **најмногу** посакуваните вредносни ориентации кај студенти по ликовни уметности*

| Ранг | Вредносна ориентација | *f* | *%* |
|---|---|---|---|
| **1** | **Естетска или уметничка** | 28 | 40 |
| **2** | **Хедонистичка** | 11 | 16 |
| 3 | Сентиментално-семејна | 10 | 14 |
| 4 | Алтруистичка | 7 | 10 |
| **5** | **Индивидуалистичка** | 5 | 7,5 |
| 6 | Материјалистичка | 3 | 5 |
| 7 | Прометејски активизам | 4 | 5 |
| 8 | Сознајна | 2 | 2,5 |
| | Вкупно | 70 | 100 |

Од *табела 26.*се гледа дека најпосакувана вредносна ориентација кај студентите по ликовни уметности е естетската или уметничката. Вкупно 28 испитаници (40%) одговориле дека животен стил кој најмногу им одговара и најмногу го посакуваат, е оној кој ја операционализира оваа вредносна ориентација. На второ место е хедонистичката

вредносна ориентација, која најмногу им одговара на 11 испитаници (16%). Индивидуалистичката е на 5 место според посакуваноста. Повторно, во *табела 26,* болдирани или задебелени се ранговите на вредносните ориентации содржани во *Хипотеза 8*, а тоа се естетската или уметничка, хедонистичката и индивидуалистичката ориентација.

*Табела 27. Ранг, фреквенции (f) и проценти (%) за* ***најмалку*** *посакуваните вредносни ориентации кај студенти по ликовни уметности*

| **Ранг** | **Вредносна ориентација** | ***f*** | ***%*** |
|---|---|---|---|
| 1 | Религизност | 26 | 37,5 |
| 2 | Моќ | 25 | 35 |
| 3 | Медиумска популарност | 19 | 27,5 |
| | Вкупно | 70 | 100 |

*Хипотеза 8*, покрај *t-тестот за значајност на аритметички средини*, може да се тестира и преку значајност на разлики помеѓу проценти. За таа цел, во *табела 28* подолу, споредени се фреквенциите (број на луѓе кои за одговориле дека една од трите вредносни ориентации содржани во Хипотеза 8, најмногу им одговара), како и процентуалната застапеност на секоја од трите вредносни ориентации од *Хипотеза 8*, кај двете групи испитаници.

*Табела 28. Фреквенции (f), проценти (%) и ниво на значајност на разликата помеѓу проценти (p) кај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Вредносна ориентација | Природно-математички факултет | | Факултет за ликовни уметности | | *p* |
|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* | |
| естетска/уметничка | 1 | 1,5 | 28 | 40 | < .001 |
| индвивидуалистичка | 4 | 5,5 | 5 | 7,5 | > .005 |
| хедонистичка | 7 | 10 | 11 | 16 | > .005 |

Од табелата може да се забележи дека разликата во процентите е статистички значајна само во однос на естетската вредносна оринтација ($p$<0,01). Според тоа, студентите по ликовни уметности почесто ја одбирале естетската или уметничка вредносна ориентаација, како ориентација или животен стил кој најмногу им се допаѓа или најмногу им одговара.

## 3.7.2. Резултати од квантификација на квалитативните податоци

Категоризацијата на зборовите содржани во себеописите дадени како одговор на прашањето *Кој сум јас,* ги прави податоците добиени со оваа техника подобни за квантитативна анализа. Меѓутоа, податоците добиени со оваа техника се погодни и за квалитативна анализа. Подолу, во табели, содржани се најфреквентните зборови и најзастапените зборови за секоја категорија, кај двете групи испитаници.

*Табела 29. Најфреквентни зборови (и соодветна категорија на која и припаѓаат) во себеописите кај студентите по природно-математички науки*

| **Ранг** | **Збор** | **Фреквенција** | **Категорија** |
|---|---|---|---|
| 1 | Јас | 160 | Л |
| 2 | Сака(м) | 112 | П |
| 3 | Личност | 82 | П |
| 4 | Луѓе(то) | 56 | С |
| 5 | Добар (добро) | 54 | В |

*Табела 30. Најфреквентни зборови (и соодветна категорија на која и припаѓаат) во себеописите кај студентите по ликовни уметности*

| **Ранг** | **Збор** | **Фреквенција** | **Категорија** |
|---|---|---|---|
| 1 | Сака(м) | 184 | П |
| 2 | Јас | 169 | Л |
| 3 | Може (можам) | 68 | П |
| 4 | Добар (добро) | 48 | В |
| 5 | Мисли(мислам) | 42 | П |

*Табела 31. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Психичко (П)*** *кај студентите по природно-математички науки*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Сакам(м) | 112 |
| 2 | Личност | 82 |
| 3 | (се) чувствува | 16 |
| 4 | Потреба | 12 |
| 5 | Самодоверба | 12 |

*Табела 32. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Психичко (П)*** *кај студентите по ликовни уметности*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Сака(м) | 184 |
| 2 | Може (можам) | 68 |
| 3 | Мисли(мислам) | 42 |
| 4 | Среќа (среќен) | 16 |
| 5 | -доживување<br>-ужива | 13<br>13 |

Од споредбата на *табела 29, 30, 31 и 32*, може да се забележи:

- личната заменка ***јас*** и зборот ***добар*** или ***добро***, како дел од петте најфреквентни зборови, се јавуваат и кај двете групи испитаници;
- кај студентите по природно-математички науки, **два збора** од најфреквентните во категоријата *Психичко* (*табела 31*), се наоѓаат во најфреквентни пет збора во себеописите на ова група испитаници (*табела 29*)
- кај студентите по ликовни уметности, **три збора** од најфреквентните во категоријата *Психичко* (*табела 32*), се наоѓаат во најфреквентни пет збора во себеописите (*табела 30).*

- кај студентите по природно-математички науки, во петте најфреквентни зборови, се јавува зборот ***луѓе***, кои и припаѓа на *категоријата Социјално.*

*Табела 33. Најфреквентни зборови во категоријата **Социјално (С)** кај студентите по природно-математички науки*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Луѓе(то) | 56 |
| 2 | Другите | 41 |
| 3 | Пријател(и) | 27 |
| 4 | Судент | 19 |
| 5 | -друштво<br>-семејство | 16<br>16 |

*Табела 34. Најфреквентни зборови во категоријата **Социјално (С)** кај студентите по ликовни уметности*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Луѓе(то) | 13 |
| 2 | Уметник | 12 |

Од *табела 33* и *табела 34* може да се забележи дека и кај двете групи испитаници, во *категоријата Социјално*, на прво место како најзастапен, се наоѓа зборот ***луѓе***. Меѓутоа, очигледна е разликата во фреквентноста на овој збор, помеѓу двете групи испитаници: *f*=56 кај студентите по природно-математички науки и *f*=13 кај студентите по ликовни уметности.

Во *табела 33* се содржани пет збора, додека во *табела 34* се содржани два збора. Главната причина за тоа е поголемиот број на употребени ***разни зборови*** во себеописите на студентите по ликовни уметности, споредено со студентите по природно-математички науки. Во себеописите на студентите по ликовни уметности, во *категоријата Социјално,* постојат голем број на зборови кои се јавуваа два или три пати. Меѓутоа, поради

поголемиот број на *разни зборови* кај ликовните уметници, не е можно да се издвојат повеќе од два збора, кои имаат фреквентност поголема од три. По два или три пати се јавуваат голем број зборови, како на пример: општество, заедница, партнер, пријател, Македонија и др.

*Табела 35. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Активност (А)*** *кај студентите по природно-математички науки*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Кажува | 26 |
| 2 | Прави | 22 |
| 3 | Се труди | 17 |
| 4 | Зборува | 13 |
| 5 | Насмеан | 8 |

*Табела 36. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Активност (А)*** *кај студентите по ликовни уметности*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Прави | 22 |
| 2 | Се труди | 17 |

Разликата во бројот на зборови содржани во *табела 35* и *табела 36,* повторно е поврзана со разликата во бројот на *разни зборови* категоризирани во *категоријата Активност,* кај двете групи испитаници. Кај ликовните уметници, поврзано со поголемиот број на разни зборови, по најмногу два или три пати се јавуваат голем број зборови: реализира, истражува, оди, се смее, плаче, слика, споделува, се обидува и др.

*Табела 37. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Квалитативни вреднувања (В)*** *кај студентите по природно-математички науки*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Добар (добро) | 56 |
| 2 | Лош(о) | 17 |
| 3 | Позитивно | 10 |
| 4 | Негативно | 8 |

*Табела 38. Најфреквентни зборови во категоријата* ***Квалитативни вреднувања (В)*** *кај студентите по ликовни уметности*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Добар (добро) | 48 |
| 2 | Убав(о) | 17 |
| 3 | Лош(о) | 10 |
| 4 | Позитивно | 8 |
| 5 | Негативно | 4 |

И кај двете групи испитаници, во категоријата *Квалитативни вреднувања,* најзастапени се исти четири зборови: *добро, лошо, позитивно и негативно.* Разлика прави единствено зборот ***убав*** или ***убаво***, кој во категоријата *Квалитативни вреднувања*, во себеописите на студентите по ликовни уметности, се јавува 17 пати и има ранг 2.

*Табела 39. Најфреквентни зборови во категоријата Надворешни,* ***првенствено социјални збиднувања (М)*** *кај студентите по природно-математички науки*

| Ранг | Збор | Фреквенција |
|---|---|---|
| 1 | Дружење | 21 |
| 2 | Патување | 14 |
| 3 | Излегување | 11 |

Во себеописите на студентите по ликовни уметности, во категоријата *Надворешни, првенствено социјални збиднувања (М),* содржани се вкупно 39 зборови. Некои од нив се јавуваат само еднаш, а дел од нив се јавуваа по два пати. Меѓутоа, ниту еден збор не се јавува зачестено и нема фреквентност поголема од два. Некои зборови кои се јавуваат по два пати се: излегување, патување и прошетка.

Студентите по природно-математички науки употребиле повеќе ***негации***, односно разни облици на неѓирања (пр. не сум, не знам, не можам, не сакам, не ми се допаѓа и сл.) од студентите по ликовни уметности. Подолу е прикажана таквата разлика.

*Табела 40. Фрекфенци (f) и процентуална застапеност (%) на зборови кои укажуваат на разни облици на* ***неѓирања*** *кај студентите по природно-математички науки и ликовни уметности*

| Природно-математички Факултет | | Факултет за ликовни уметности | |
|---|---|---|---|
| ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** |
| 214 | 5,03 | 154 | 3,66 |

Од табелата се гледа дека студентите по природно-математички науки, споредено со студентите по ликовни уметности, употребиле 60 негации повеќе, односно кај нив процентуалната застапеност на оваа категорија на зборови е поголема за 1,37 проценти.

Во себеописите на студентите по ликовни уметности, често се јавуваат некои зборови кои укажуваат на нагласеност на одреден аспект на сликата за себе. Истите зборови во себеописите на студентите по природно-математички науки се јавуваат знатно поретко или не се јавуваат воопшто и обратно. Следуваат некои примери:

- Зборот ***неправда*** во себеописите на студентите по ликовни уметности се јавува 12 пати, а во себеописите на студентите по природно-математички науки не јавува ниту еднаш;
- Зборот ***семејство*** во себеописите на студентите по природно-математички науки се јавува 16 пати, а зборот ***родители*** 6 пати. За споредба, во себеописите на студентите по ликовни уметности, зборот родители се јавува само еднаш, а зборот семејство ниту еднаш;
- Зборот ***христијанин/ка*** во себеописите на студентите по природно-математички науки го има 6 пати, а во себеописите на студентите по ликовни уметности овој збор го нема. Слично, зборот ***религиозен/а*** и ***верник*** кај студентите на ПМФ се појавуваат по два пати, а во себеописите на студентите на ФЛУ овие зборови ги нема;
- Зборот ***самоконтрола*** во себеописите на студентите по ликовни уметности го има 8 пати, а во себеописите на студентите по природно-математички овој збор отсуствува;
- Зборот ***самодоверба*** во себеописите на студентите по природно-математички науки го има 12 пати, а зборот ***себепочитување*** 8 пати. За споредба, во себеописите на студентите по ликовни уметности, зборот самодоверба се јавува 2 пати, а зборот себепочитување не се јавува воопшто;
- Зборот ***музика*** во себеописите на студентите по ликовни уметности го има 9 пати, а во себеописите на студентите по природно-математички науки го нема.

Помеѓу двете групи испитаници, постојат разлики и во однос на застапеноста на *лични и просвојни заменки од прво лице еднина*. Во *табела 41* подолу, прикажана е разликата помеѓу овој вид на зборови, кај двете групи испитаници.

*Табела 41. Фреквенции (f) и проценти на лични и присвојни заменки кај студентит по ликовни уметности и студентите по природно-математички науки*

| Природно-математички факултет | | | | | | | Факултет за ликовни уметности | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **јас** | **мене** | **себе** | **мој** | **свој** | **Σ (f)** | **%** | **јас** | **мене** | **себе** | **мој** | **свој** | **Σ (f)** | **%** |
| 160 | 25 | 32 | 52 | 2 | 271 | 6,38 | 169 | 49 | 56 | 58 | 12 | 344 | 8,17 |

Помеѓу двете групи испитаници, разлики постојат и во застапеноста на зборови кои укажуваат на емоционални состојби и доживувања. Во себеописите на студентите по ликовни уметности, почесто се јавуваат зборови кои укажуваат на ***позитивни и негативни емоционални состојби и доживувања*** (*категорија П, субкатегорија П1*), како и зборови кои укажуваат на нивна ***експресија*** (*категорија А*). Таквата разлика е особено нагласена помеѓу зборовите *среќа/среќен-тага/тажен* и *се смее-плаче*.

*Табела 42. Фреквенции (f) на зборовите среќа/среќен, тага/тажен,се смее и плаче кај студентите по ликовни уметности и природно-математички науки*

| **среќа/среќен** | | **тага/тажен** | | **се смее** | | **плаче** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПМФ | ФЛУ | ПМФ | ФЛУ | ПМФ | ФЛУ | ПМФ | ФЛУ |
| 13 | 32 | 6 | 14 | 5 | 22 | 5 | 9 |

Кај студентите по природно-математички науки, споредено со студентите по ликовни уметности, *категоријата К* е позастапена. Во нивните себеописи, позастапени се зборови кои укажуваат на **физички (првенствено микро) контекст:**

- *Природно-математички факултет*, во себеописите на студентите по природно-математички науки се јавува 15 пати. За споредба, во себеописите на студентите по ликовни уметности, *Факултет за ликовни уметности*, не се јавува ниту еднаш;
- Кај студентите по природно-математички науки, по еднаш се јавуваат имиња на 4 средни училишта, како и имиња на некои градови, села или населби: Лондон, Њујорк, Париз, Куманово, Пехчево, Карпош, Автокоманда, Бардовци и др., а зборот Скопје се јавува 12 пати. За споредба, во себеописите на студентите по ликовни уметности нема имиња на средни училишта, градови или населби;
- Споредено, во себеописите на студентите по ликовни уметности, позастапени се зборови кои укажуваат на социјален и така да се нарече, макро контекст: Европа, свет, Македонија, Македонци, заедница, општество и сл.

Во себеописите на студентите по ликовни уметности се јавуваат некои зборови или изрази, кои укажуваат на специфични особини, тенденции, интересирања или активности, припаѓање на одредена група или заедница, а кои отсуствуваат од себеописите на студентите по природно-математички науки. Следуваат некои такви зборови и изрази, заедно со фреквенциите со кои се јавуваат дадени во заграда:

- Пушач (5)
- Љубител на животни (4)
- Вегетаријанец (4)
- Уживател на алкохол (3)
- Уживател/корисник на лесни дроги (2)
- Обожавател на чоколада (2)
- Металец (2)
- Вулгарен (2)

КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

Од себеописите на студентите по ликовни уметности, подолу се издвоени неколку реченици или искази, кои недвосмислено укажуваат на негодување и отпор кон пишувањето:

- Откако напишала неколку нешта кои многу и се допаѓаат и ги сака, една студентка од четврта година, од насоката сликарство, напиша: *"Не сакам да пишувам"*
- Слично, студент од трета година на насоката вајарство, речениците кои ги напишал, јасно ги одвоил во два дела. Во првот дел се содржани негови позитивни особини, доблесни и нешта и активности кои ги сака. Во вториот дел, пишувал за сопствените мани, недостатоци и нешта и активности кои не ги сака и не му се допаѓаат. Во вториот дел, се наоѓа реченицата: *"Мразам да пишувам. Многу"*.
- Студентка од четврта година, на насоката графика, себеописот го започнува вака: *"Која сум јас? Хм, да динтреаше да се нацртам, лесно. Ми се чини дека не сум пишувала од трето оделение..."*, а го завршува со реченицата: *"Би можела за пишувам уште, ама ме мрзи"*.

Себеописите на студентите по природно-математички науки не содржат реченици или искази кои укажуваат на негодување или отпор кон пишувањето.

Во себеописите на двете групи испитаници се наоѓаат искази кои отсликуваат разни облици на вреднувања. Кај студентите по природно-математички науки, чести се вреднувања кои се однесуваат на социјалниот контекст или академскиот успех. Кога пишуваат за себе или другите, вообичаено наведуваат зборови со позитивен предзнак:

- *Добар човек на кој може да се потпрете*

(студент по хемија, четврта година)

- Успешен студент, со добри оценки

(студентка по математика, четврта година)

Во себеописите на студентите по ликовни уметности, често се среќаваат искази со кои се укажува на ценење и позитивно вреднување на естетското и убавото, особено на убавото во секојдневието:

- *Уживам во мали, секојдневни и убави нешта*

(студентка по вајарство, четврта година)

- *Многу убавина има во обичните предмети кои секој ден ги среќаваме*

(студентка графика, трета година)

Кога пишуваат за општеството, заедницата или другите луѓе, студентите по ликовни уметности често користат искази кои содржат негативни вреднувања:

- *Не сакам лоши и злобни луѓе*

(студентка по сликарство, трета година)

- *Не сакам неправда. Лоши работи се случуваат насекаде околу нас*

(студент по вајарство, трета година)

Во себеописите на двете групи испитаници, содржани се искази за социјалната улога студент, односно за професијата. Меѓутоа, постои забележителна разлика во формулациите со кои се укажува на насоката на студирање или професијата. Студентите по природно-математички науки ја наведуваат областа или насоката на студирање, во облик на социјална улога на која се посветени, најчесто во почетниот дел од себеописот, како дел од изнесувањето генерални или општи податоци за себе (вклучително возраст, пол, етничка припадност и слично):

- *Јас сум студент на Природно-матеметичкиот факултет од Скопје*

(студентка по хемија, четврта година)

- *Студирам билогија на Природно-матеметичкиот факултет од Скопје*

(студент по биологија, трета година)

- *Студентка по математика*

(студентка по математика, четврта година)

За споредба, ниту еден од студентите по ликовни уметности не напишал формулација во која кажува дека е студент по ликовни уметности или студент на Факултетот по ликовни уметности од Скопје. Наместо просто изнесување генерален податок за себе со кој се укажува на социјална улога студент, формулација на речениците кај нив е поинаква и упатува на идентификација со таа социјална улога или професијата:

- *Уметник. Најважно нешто во животот ми е уметноста*

(студент на насоката сликарство, трета година)

- *Уметник, вајар*

(студент на насоката вајарство, трета година)

- *Уметник по професија*

(студентка на насоката графика, четврта година)

- *Јас сум некој кој е уметник и цел живот бил тоа*

(студентка на насоката сликарство, четврта година)

Студентите по природно-математички науки, во дел од себеописите пишуваат за академската слика за себе, односно за делот од сликата за себе кој може да се нарече *Јас како студент.* Наведуваат бројни особини поврзани со или дел од овој аспект на сликата за себе:

- *....организиран и посветен, човек кој секогаш навремено си ги извршува работните задачи. Додуша и факултетот не ни остава многу простор за одложување*

(студент по хемија, четврта година)

- *Сакам кога темелно им се посветувам на обврските (академски)*

(студент по биологија, трета година)

- *Задачите никогаш не ги оставам за утре. Ако редовно се работи, успехот не изостанува*

(студентка по математика, четврта година)

## Резиме на наодите добиени со техниката *Кој сум јас*

Квантификацијата на квалитативните податоци и квалитативната анализа на податоците добиени со техниката *Кој сум јас*, покажаа дека постојат одредени сличности, но и некои разлики во однос на сликата за себе кај студентите по ликовни уметности и природно-математилки науки. Себеописите на студентите по природно-математички науки се пообемни и содржат повеќе зборови, но не може да се каже и дека се и подетални. Тие почесто се опишуваат себе си наведувајќи генерални или општи податоци, како што се пол, возраст, област и година на студии, место на живеење, со кого живеат, каде израснале, каде завршиле средно и основно образование и слично. Пишувале и за најважните луѓе и клучните социјални релации. Во себеописите на студентите по ликовни уметности, вакви податоци скоро потполно отсуствуваат. Себеописите на студентите по ликовни уметности се кратки и концизни. Се добива впечаток дека пишувале за она што сметаат дека е клучно или најнагласено кај нив.

Постојат одредени впечатливи разлики во однос на најзастапените или најфреквентни зборови со себеописите кај двете групи испитаници. Зборот *сака*, се јавува

во најфреквентите пет збора од себеописите и кај двете групи испитаници, но кај ликовните уметници има повисок ранг и се наоѓа на првото место. Во себеописите, овој збор се однесува на разни желби, потреби, стремежи, тенденции, склоности и слично. Ваквите наоди може да се поврзат со квантитативните наоди за поголема застапеност на хедонистичката вредносна ориентации кај ликовните уметници. Во првите пет најфреквентни зборови кај ликовните уметници се наоѓа и зборот *може (можам),* кој укажува на свесност за или верувања за поседување одредени способности (во случајот, првенствено уметички), вештини и знаења, но и на себеувереност и спремност за дејствување. Ваквите наоди се конзистентни со квантитативните наоди за попозитивна академска слика за себе и попозитивен општ однос кон себе кај ликовните уметници. Од најфреквентите пет зборови во категоријата Активност, кај студентите по природно-математички науки, дури три се однесуваат на вербална или невербална комуникација, што не е случај кај уметниците. Кај нив, аспектот Активност, првенствено се однесува на творењето, создавањето и бавењето со уметност.

Забележлива разлика помеѓу двете групи испитаници постои и во однос на користењето негации. Разните облици на неѓирања се позастапени во себеписите на студентите по природно-математички науки. Според тоа, студентите по природно-математички науки се повеќе насочени кон оние особини кои не ги поседуваат или ги поседуваат, но не сакаат да ги поседуваат; кон она што го немаат или не сакаат да го имаат; кон она што не го сакаат, им пречи и не ги исполнува; кон она што не можат или не сакаат и слично. За споредба, ликовните уметници се повеќе насочени кон она што го имаат, сакаат, им се допаѓа, ги исполнува, кон она што го ценат и вреднуваат и слично. Добиените наоди за поголема склоност кон неѓирања и насоченост кон негативнотот и недостатоците кај студентите по природно-математички науки, можат да се доведат во позитивна поврзаност со квантитативните наоди за понегативна академска слика за себе и понегативен општ однос кон себе, измерени кај нив.

## 4. ДИСКУСИЈА

***Хипотеза 1*** предвидува дека сликата за себе кај студентите по ликовни уметности е послoжена, споредено со студентите по природно-математички науки. Согласно операционалната определба на варијалата *сложеност на сликата за себе*, колку што вкупниот број на употребени и категоризирани зборови во себеописната техника *Кој сум јас* е поголем, односно колку е поголем бројот на разни зборови во себеописите, толку сликата за себе е послoжена и обратно. Резултатите покажуваат дека вкупниот број на употребени и категоризирани зборови кај студентите по ликовни уметности е помал, но бројот на разни зборови кај нив е поголем. Според тоа, *Хипотеза 1* **делумно се прифаќа**.

Делумното отфрлање на *Хипотеза 1,* поврзано со помалиот број употребени или категоризирани зборови кај студентите по ликовни уметности, имплицира дека тие, споредено со студентите по природно-математички науки, поседуваат помалку развиена, посиромашна, поедноставна или помалку сложена слика за себе. Ваквите наоди можат да се доведат во позитивна поврзаност со наоди од некои поранешни истражувања, но се неконзистетни со поголем дел од наодите во литературата. Линвил (Linville, 1987, според Rafaeli-Mor et al, 1999) нашла дека сложеноста на сликата за себе е во позитивна поврзаност со емоционалната стабилност, а во негативна поврзаност со флуктуации во расположението, чести и екстремни евалуации и емоционални реакции. Слично, во ова истражување, кај студентите по ликовни уметности се најдени помалку сложена слика за себе, а во исто време и помала емоционална стабилност (*Хипотеза 4*) во споредба до студентите по природно-математички науки. Делумното прифаќање на хипотезата, односно поголемиот број на разни зборови и според тоа поголемата сложеност на сликата за себе кај ликовните уметници, е согласно со наоди на Емонс и Кинг (Emons , King, 1989, според Koch, Shepperd, 2004). Овие автори известуваат за негативна поврзаност помеѓу сложеноста на сликата за себе и емоционалната стабилност. Слично, во ова истражување, себеописите на студентите по ликовни уметности содржат поголем број на разни зборови, што води кон делумно прифаќање на *Хипотеза 1* и заклучок за послoжена слика за себе кај ликовните уметници. Во исто време, најдена е и помала емоционална

стабилност кај оваа група испитаници (*Хипотеза 4*). Делумното прифаќање на *Хипотеза 1* е согласно и со наоди на Донахју и сор. (Donahue, 1993, според Ryan et al, 2005), според кои сложеноста на сликата за себе е во умерена негативна поврзаност со психолошката добростојба. Доколку измерената ниска емоционална стабилност кај студентите по ликовни уметности се земе како еден од индикаторите на психолошката добросостојба, ваквите резултати можат да се поврзат со поголема сложеност на сликата за себе, односно со поголемиот број на разни зборови во себеописите на студентите по ликовни уметности.

Кои се можни објаснувања за делумното отфрлање на *Хипотеза 1*? Основно и клучно е тоа што пишувањето не е вообичаениот начин на кој ликовните уметници се изразуваат. За нив, вообичаено е да се изразуваат преку цртање, сликање, вајање и слично. Некои автори (Martindale, 1999), тврдат дека за тоа постои дури и неврофилизолошка основа, во психологијата операционализирана како особини поврзани со левата и десната хемисфера. Некои истражувања (Feist, 1998, според Martindale, 1999) потврдиле дека кај уметниците се присутни нагласени особини поврзани со десната хемисфера, а ненагласени се некои особини поврзани со левата. На пример, за уметниците е карактеристична нагласена имагинативност и тие се добри во визуелизирање и активности кои бараат спацијални способности. Во исто време, поседуваат слаби вербални способности, а често и сиромашен речник и ниска вербална флуентност.

Личноста, вклучително и сликата за себе, се пројавува на бројни и разни начини. Дејствувањето и производите на дејноста е еден од начините, особено карактеристичен за студентите по ликовни уметности. Дела на ликовните уметници се цртежи, слики, графики, скулптури, а не пишани текстови. Често, за пројавување на личноста, особено емоционални доживувања, најбитен не е крајниот исход - делото, туку процесот, самата активност, дејствувањето. А за создавањето на едно уметничко дело не е најбитен интелектот, мислењето, когницијата, туку доживувањата, чувствата, емоциите. За да се изрази и да создаде дело, за уметникот не е клучно да поседува богат речник. Спротивно,

можеби секојдневно, студентите по природно-математички науки се срекаваат со вербален материјал или задачи. Од читање на разни текстови, преку дискусии и разни кажувања на предавања, до пишување домашни задачи и полагање испити. Дела на студентите по природно-математички науки се разни текстови: есеи, семинарски и разни домашни задачи, колоквиуми и испити. Усмени или писмени. За создавање на вакви дела, клучен е интелектот, мислењето. Пишувањето во значаен дел е резултат на когнитивни процеси. Накратко, за студентите по природно-математички науки е крајно вообичаено вербално да се изразуваат.

Самата истражувачка постапка, но и квалитативната анализа на содржината од техниката *Кој сум јас*, потврдуваат дека пишувањето не е вообичениот начин на изразување кај студентите по ликовни уметности. Еден едноставен, но директен индикатор, содржан во самата постапка, односно задавањето на инструментите, е податокот дека скоро ниеден од студентите по ликовни уметности, со себе немаше пенкало. Кога го слушнаа упатството и разбраа дека треба да пишуваат (ова особено се однесува на техниката *Кој сум јас*), дел од нив гласно негодуваа. Во поглавјето резултати, во делот за квалитативни наоди, содржани се искази на студенти по ликовни уметности, од разни насоки, кои јасно укажуваат на неспремност, дури и отпор кон пишување. За споредба, ниту еден студент по природни-математички науки не напишал реченица во која се изнесува негодување или неспремност за пишување.

Во упатството на техниката *Кој сум јас,* од студентите се бара да напишат дваесетина реченици или искази кои би биле одговор на прашањето *Кој или каков сум јас?* Кај поголемиот дел од студентите по природно-математички науки, себеописот всушност претставува целина и има форма на расказ или се состои од дваесетина реченици, често поставени една под друга. За споредба, себеописите на десетина студенти по ликовни уметности, се состојат од просто набројување на особини, за кој сметаат дека ги поседуваат, наспроти упатството кое од нив бара за наведат реченици или искази. Тоа знатно го намалува вкупниот број на зборови употребени во себеописот и покрај можноста тие да изнеле клучни податоци за себе.

Некои наоди од квалитативната анализа на податоците од себеописите, исто така потврдуваат дека студентите по природно-математички науки се посклони кон вербално комуницирање и вербално изразување. Најфреквентен или прво рангиран збор во *категоријата А* кај студентите по природно-математички науки е зборот ***кажува***. Во прво рангираните пет збора според фреквентноста од оваа категорија, со ранг 4, се наоѓа и зборот ***зборува*** *(табела 35)*, што јасно укажува на склоноста кон вербално изразување кај студентите по природно-математички науки.

Постои можност делумното неприфаќање на хипотезата да е поврзано со еднострана операционализација на варијаблата *сложеноста на сликата за себе* во ова истражување. Според Линвил, сложеност на сликата за себе се однесува и на бројот на составки од кои е сликата за себе составена, но и на нивното непреклопување. Во операционализацијата на оваа варијабла, во ова истражување, не е вклучено непреклопувањето на составките. Како индикатор за преклопување на составките, може да се земе процентуалната застапеност на **категоријата О**, во која, меѓу другото, се категоризирани и зборови кои можат да се класифицираат во две или повеќе категории. Од вкупниот број категоризирани зборови кај студентите по природно-математички науки, на **категоријата О** и припаѓаат **567** зборови или **13,37** проценти. На оваа категорија, кај студентите по ликовни уметности и припаѓаат **550** зборови или **13,06** проценти. Поголемата застапеноста на зборови кои можат да се категоризираат во повеќе од една категорија, кај студентите по природно-математички науки, упатува на поголемо преклопување на составките на сликата за себе, а со тоа и на помала сложеност. Меѓутоа, во кокретниот случај, не може да се извлече сигурен заклучок, поради тоа што станува збор за разлика која е ненагласена.

Понагласен, а со тоа и посигурен индикатор за поголема сложеност на сликата за себе кај студентите по ликовни уметности, претставува процентуалната застапеност на дескриптивните категории на антрополошкиот речник, претставен преку категориите Г, Б, С, М, А, П и О. Кај студентите по природно-математички науки, дескриптивните категории на антрополошкиот речник се застапени во вкупно **2 903** зборови или **68,43** проценти. Кај

студентите по ликовни уметности, дескриптивните категории на антрополошкиот речник се застапени со **3 116** зборови или **74,03** проценти, што е за 213 зборови или за 5,6 проценти повеќе. Во дескриптивните категории на антрополошкиот речник се содржани зборови кои се, така да се каже, порелевантни за сликата за себе, односно упатуваат на понагласени нејзнини делови или аспекти. Според тоа, поголемата процентуална застапеноста на овие категории кај студентите по ликовни уметности, укажува на поголема сложеноста на сликата за себе.

Делумното прифаќање на *Хипотеза 1*, се должи на поголемиот број на разни зборови содржани во себеописите на студентите по ликовни уметности. Студентите по ликовни уметности употребиле вкупно **1 411 разни зборови**, а студентите по природно-математички науки **1 233 разни зборови**, што е за **178 зборови помалку**. Застапеноста на поголем број на разни зборови во себеописите на студентите по ликовни уметности, директно укажува на поголема сложеност на сликата за себе кај оваа група испитаници.

**Според** ***Хипотеза 2,*** кај студентите по ликовни уметности позастапени се *категориите Психичко, Активност* и *Квалитативно вреднување*, а кај студентите по природно-математички науки позастапени се *категориите Психичко, Социјално* и *Надворешни, првенствено социјални збиднувања*. Статистичката обработка на податоците, покажа дека разликата во процентуалната застапеност на наведените категории, кај двете групи испитаници, не е статистички значајна, што значи дека хипотезата **се отфрла.** Покрај статистичката незначајност на разликите во процентуалната застапеност на категориите кај двете групи испитаници, подолу се наведени податоци и показатели во прилог на прифаќање на хипотезата.

Како главна причина за отфлање на хипотезата, не се покажа малата или недоволна разлика во процентуалната застапеност на наведените категории кај двете групи испитаници, туку големината на примерокот. Статистичката обработка на податоците покажа дека помеѓу категориите наведени во *Хипотеза 2*, постојат разлики во нивната процентуална застапеност кај двете групи испитаници и тоа во очекуваната

насока (освен во однос на *категоријата В*). Меѓутоа, таквата разлика е статистички незначајна, главно поради стандардна грешка поврзана со големината на примерокот. Во истражувањето и двата примерока се состојат од по 70 испитаници, што се покажа како недоволен број за постигнување разлика која ќе биде статистички значајна. Ограниченоста на примерокот е директно поврзана со бројот на студенти кои во една година се запишуваат на Факултетот за ликовни уметности. Односно, во една генерација, на сите насоки заедно, се запишуваат околу 50 студенти, но во подоцнежните студиски години нивниот број се намалува. Во истражувањето се вклучени студенти од трета и четврта година, а користен е намерен примерок. Со оглед на тоа дека инструментите беа задавани во два термина и дојде до осипување на примерокот, а дополнитено дел од студентите одбија да соработуваат, вкупниот број на испитаници од Факултетот за ликовни уметности се сведе на 70. Согласно и за Природно-математичкиот факултет, бројот на испитаници изнесува 70. Поинаку кажано, доколку се пресмета разлика во постоечката процентуалната застапеност на категориите наведени во *Хипотеза 2*, но за N>70 (на пример, за N=150 или N=200), со што би се намалила стандардната грешка поврзана со големината на примерокот, за истата процентуална застапеност се добива разлика која е статистички значајна.

Помеѓу процентуалната застапеност на лексичките категории содржани во *Хипотеза 2*, кај двете групи испитаници, не постојат статистички значајни разлики, но разлики во процентите сепак постојат и тоа во очекуваната насока. ***Категоријата П,*** во која беа класифицирани зборови кои се однесуваат на аспектот Психичко (психички процеси, состојби, својства, компоненти, области и сл.), кај студентите по ликовни уметности е застапена со **37,8** проценти, а кај студентите по природно-математички науки со **29,41** процент, што е за 8,39 проценти помалку. Ваквите наоди упатуваат на поголема нагласеност на *категоријата Психичко*, што значи дека дека студентите по ликовни уметности се повеќе насочени кон сопствениот внатрешен свет, поседуваат поголема свесност за своите особини и доживувања. Добиените резултати се конзистентни со наодите од претходни истражувања. Шелдон (1999) и Феист (1999), нашле дека високо креативните индивидуи поседуваат нагласена способност за препознавање и прифаќање

на сопствените потреби и доживувања. Хелсон (2006) нашла дека за креативните индивидуи се карактеристични интуитивност, приемчивост и инвестирање во внатрешниот живот. Чаритон и Снелбекер (2007) известуваат за наоди според кои студентите по уметност се интровертни и се прифаќаат себе си.

Во *табела 5* во поглавјето Резултати, споредени се ранговите на категориите содржани во *Хипотеза 2*. И кај двете групи испитаници, ***категоријата П*** има ранг 1, односно и кај двете групи, најголем дел од категоризираните зборови и припаѓаат на оваа категорија: **29,41** процент кај студентите на ПМФ и **37,8** проценти кај студентите на ФЛУ. И кај двете групи испитаници, најнагласен е овој аспект на сликата за себе. Според тоа и студентите по природно-математички науки и студентите по ликовни уметности, кога се опишуваат себе си, првенствено наведуваат зборови кои се однесуваат на психички особини, процеси, состојби и слично. Според Вилијам Џејмс (James, 1891, според Greenwald, Pratkins, 1984; O'Conor, 2006; Robinson, Sedikides, 2009) емпириското себството или она што денеска се нарекува слика за себе, е составено од три дела: материјално или физичко, социјално и духовно јас. Според добиените резултати и согласно теоријата на Џејмс, кај двете групи испитаници, доминантен дел на емпириското себство е духовното јас, односно оној дел од сликата за себе кој се однесува на сопствените психички особини, состојби, процеси и сл. Дополнително, резултатите покажуваат дека *категоријата П* кај студентите по ликовни уметности, споредено со студентите по природно-математички науки, има поголема процентуална застапеност, што укажува на уште поголема нагласеност на духовното јас кај ликовните уметници. Социјалното јас, во определбата на Џејмс, а согласно добиените разултати за поголема процентуална застапеност на *категоријата С* кај студентите по природно-метематички науки, укажува на нагласеност на овој аспект кај нив. Кај двете групи испитаници, најмалку нагласено е материјалното или физичко јас. Џејм смета дека кај сите луѓе, себството е составена од овие три аспекти, но разлики постојат особено во поглед на нивната нагласеност. А таквите разлики, помеѓу другото, се поврзани со *мотивите на сликата за себе* (пр. себепотврдување или мотивот за унапредување на сликата за себе), но и со *општиот однос кон себе*, кој Џејмс го нарекува *љубов кон себе*.

***Категоријата А,*** која се однесува на надворешни активности и збиднувања, вклучително невербална експресија, поведение и дејственост, кај студентите по природно-математички науки е застапена со **7,56** проценти, а кај студентите по ликовни уметности со **13,3** проценти, што е за 5,74 проценти повеќе. Тоа укажува на поголема нагласеност на соодветниот аспект. Според тоа, студентите по ликовни уметности се доживуваат како поактивни и продуктивни, како луѓе кои се склони кон разни облици на дејствување и кои поголем дел од времето го поминуваат во разни и бројни активности.

Кај студентите по природно-математички науки, второ рангирана е ***категоријата О,*** во која се влкучени зборови кои на јасен начин го означуваат човекот и човечкото, но кои не е оправдано да се класифицираат во некоја од споменатите категории или кои можат да се класифицираат во две или повеќе категории. На оваа категорија и припаѓаат **13,37** проценти од категоризираните зборови. Кај студентите по ликовни уметности, второ рангирана е ***категоријата А,*** која се однесува на надворешните активности и однесувањето, вклучително и невербалната експресија. На оваа категорија и припаѓаат **13,30** проценти од категоризираните зборови. *Категоријата О* не е содржана во *Хипотеза 2*, но овде е наведена за да се илустира впечатливата разлика во процентите помеѓу прво рангираната категорија (*категоријата П* и кај двете групи) и второ рангираните категории (*категоријата О* кај студентите по природно-математички науки и *категоријата А* кај студентите по ликовни уметности). Заклучок е дека и кај двете групи испитаници, убедливо најнагласен е аспектот на сликата за себе означен како *Психичко* и на кој се однесува лексичката *категорија П*. Но, втора по нагласеност (под услов да не се земат во предвид податоците за *категоријата О*, која не е содржана во *Хипотеза 2* и во која се класифицирани зборови кои се, условно кажано, помалку релевантни за сликата за себе) кај студентите по ликовни уметности е *категоријата А*, а кај студентите по природно-математички науки, *категоријата С*.

Кај студентите по ликовни уметности, *категоријата А*, со застапеност од **13,3** проценти, е **второ рангирана**. За споредба, кај студентите по природно-математички науки, оваа категорија, со застепеност од **7,56** проценти, е дури **петто рангирана**.

Разликата во ранговите јасно укажува на поголема нагласеност на *категоријата А* кај студентите по ликовни уметности. Ваквите наоди се конзистенти со наоди од претходни истражувања. Во истражување на Слаткин (според Reynolds, 2003) било најдено дека ликовните уметници поседуваат високо ниво на енергија и во исто време известувале за силна потреба за творење и создавање дела. Ваквите наоди се слични со оние содржани во мета-анализата на Феист (1998), а поврзани со Моделот на Големите Пет. Односно, кај високо креативните индивидуи, вклучително и кај уметниците, нагласена е димензијата Екстраверзија, а особено нејзиниот аспект кој се однесува на високо ниво на енергија. Ивчевич и Мајер (2007) известуваат за наоди според кои високо креативните индивидуи се внатрешно мотивирани, што ги поттикнува кон активност, создавање и разни облици на себеизразување. Активноста е поврзана и со особината истрајност и спремноста за долги часови работа. Добиените резултати во однос на *категоријата А* во ова истражување, се согласни и со наоди на Барон и Харингтон (Barron, Harrington, 1981, според Feist, 1998) и Гелејд (2002), според кои уметниците имаат јасно доживување за себе си како активни, творци и создавачи. Добиените резултати, за нагласеност на аспектот на сликата за себе кој се однесува на активноста на индивидуата, се согласни со теоретските поставки на Сеченов кој тврди дека за сликата за себе, од клучно значење се процесите на интернализација и активноста на единката, односно она што таа го прави (Gecas, Schwalbe, 1983; Такашманова-Соколовска, 1998). Гекас и Швалбе (1983), дополнувајќи го концептот за *социјално огледало* на Кули, тврдат дека сликата за себе, освен врз оценките кои особата ги добива од другите, во голем дел се заснова и врз себепроценките, кои пак се директно зависни од дејствата и активностите кои индивидуата ги изведува. Дури, сметаат овие автори, проценката на резултатите од сопственото дејстување има клучна улога во формирањето и развојот на сликата за себе. Резултатите за нагласеност на *категоријата А* кај ликовните уметници, укажува на тоа дека себепроценките за сопственото дејствување (првенствено, бавењето со уметност) имаат нагласена позиција во нивната слика за себе.

Според наодите од квалитативната анализа (*табела 30* и *табела 32*), трето рангиран збор, согласно фреквентноста со која се јавува, во себеописите на студентите по

ликовните уметници е зборот ***може*** или ***можам.*** Истиот збор, во табелата на најфреквентни зборови во *категоријата П* кај оваа група испитаници, има ранг два. Според теоретскиот модел на Бурлесон и сор. (2005), покрај силната идентификација со социјалната улога уметник, знаењата и верувањата за сопствените уметнички вештини и способности, имаат нагласена позиција во сликата за себе на ликовните уметници. Добиените наоди можат да се поврзат и со теоретски поставки на Бандура, според кои клучен дел на себството е *верувањето во личната ефикасност*, поим кој се однесува на убеденост во сопствените способности за организирање и извршување акции кои би довеле до постигнување на поставените цели (Zimmerman, 2000). Бандура тврди дека соогственото поведение и дејствување се набљудуваат и проценуваат, често споредувајќи се со одредени стандарди. Доколку оценките се позитивни, следуваат позитивни реакции и исходи, како што се позитивна слика за себе или висок академски успех. Теоретските поставки на Бандура можат да се поврзат со наоди од ова истражување: нагласеност на *категоријата А*, висок ранг на заборот *можам* во квалитативната анализа или измерените попозитивна академска слика за себе и попозитивен општ однос кон себе кај студентите по ликовни уметности. Според тоа, може да се заклучи дека верувањето во личната ефикасност кај ликовните уметници, споредено со студентите по природно-математички науки, е понагласно.

Квалитативната анализа, согласно наоди од некои истражувања (Martindale, 1999, Reynolds, 2003; Ivcevic, Mayer, 2007), покажува дека себеперцепирањето како активни и дејствени, кај ликовните уметници воглавно се однесува на бавењето со уметност (пр. сликање, цртање, творење и сл.). Ивчевич и Мајер (2007), по направениот преглед на литературата, заклучуваат дека една од особините на високо креативните индивидуи е тоа што се доживуваат како изразито активни и како творци. Главен мотив им е создавањето и можноста за самоекспресија. Интересна е споредбата помеѓу најфреквентните зборови во *категоријата А* кај двете групи испитаници (*табела 35* и *табела 36* од податоците за квалитативна анализа). Кај студентите по природно-математички науки, прво рангиран збор според фреквентноста е зборот ***кажува,*** а кај студентите по ликовни уметности зборот ***прави.*** Навистина, постои преклопување на

зборовите *прави* и *се труди*, односно тие како дел од најфреквентните зборови се јавуваат и кај двете групи испитаници, но главната разлика се состои во тоа што кај ликовните уметници со најголема фреквентност се јавуваат токму овие два збора, а голем број други разни зборови во себеописите се јавуваат со далеку помала зачестеност. Кај студентите по природно-математички науки, освен овие два збора, како најфекфентни се јавуваат и зборови кои јасно укажуваат на вербална или невербална (фацијална) експресија, што не се случај со ликовните уметници.

Роџерс (Rogers, 1977, според Nye, 2000) тврди дека секој човек се однесува согласно субјективното доживување на себе и светот. Според тоа, освен погоре наведената насока на поврзаност, преку која се имплицира дека ликовните уметници се поактивни и тоа се пресликува во нивната слика за себе, можен е и друг облик на поврзаност. Бавењето со уметност подразбира пројавување, создавање, дејствување. Да се биде уметник, значи да се биде активен. Самоидентификацијата со професијата, во тој поглед, може да доведе до поголема активност - Јас сум уметник, а уметниците се активни и создаваат. Во крајна линија, тоа е и општествено очекување. Заклучокот е дека, една можност е објективно поголемата активност на ликовните уметници да е пресликана во нивната слика за себе. Но во исто време и субјективното доживување на себе како творец и дејственик, води кон поголема активност.

Во ***категоријата С*** или ***Социјално***, се вбројуваат зборови кои укажувааат на социјалниот аспект на сликата за себе: социјални положби, улоги, социјални релации, професија, етничка, верска, класна припадност, социјални групи, институции и заедници и слично. Кај студентите по ликовни уметности, оваа категорија е застапена со **5,5** проценти, а кај студентите по природнио-математички науки, со **9,74** проценти или со 4,24 проценти повеќе, што укажува на поголема нагласеност на соодветниот аспект на сликата за себе. Поголемата нагласеност на *аспектот Социјално* кај студентите по природно-математички науки го потврдува и рангот на *категоријата С*. Кај студентите по природно-математички науки, *категоријата С,* со застапеност од **9,74** проценти, е **трето рангирана**. Кај студентите по ликовни уметности, оваа категорија е застапена со **5,5** проценти и има **ранг**

**5.** Разликата во ранговите, укажува на поголема нагласеност на *категоријата Социјално*, кај студентите по природно-математички науки. Ниска социјална инволвираност, ненасоченост кон социјалното, но и бунтовност и неконформизам, се најдени во претходни истражувања. Барон и Харингтон (Barron, Harrington, 1981, според Sheldon, 1995) нашле дека високо креативните индивидуи се доживуваат како нагласено автономни, односно одлучуваат и дејствуваат независно од средината. Слични резултати се добиени и во истражувањето на Рејнолдс (2003), според кои, ликовните уметници се доживуваат како независни од разни социјални влијанија. Долинџер (2007) нашол дека креативноста е во нагласена негативна поврзаност со конзерватизмот. Шелдон (1999) известува за нагласен неконформизам кај високо креативните индивидуи. Ивчевич и Мајер (2007) нашле дека високо креативните индивидуи делат сет од, така наречени, социјални особини, кој покрај нагласениот неконформизам и неприфаќање или преиспитување на социјалните норми, вклучува и бунтовност, нетрадиционалност и индивидуализам. Феист и Барон (Feist, Barron, 2003, според Charyton, Snellecker, 2007) нашле дека креативните индивидуи од разни области, вклучително и ликовни уметници, се автономни и независни, интровертни и ги преиспитуваат социјалните норми. Во наодите од спроведената мета-анализа, Феист (1998) известува за неконформизам, неконвенционалност и ниска социјализираност на високо креативните индивидуи. За слични резултати известува и Мартиндејл (1999), врз основа на направениот преглед на бројни истражувања за личносни особини кај кретаивни индивидуи.

Нагласеноста на *категоријата С* кај струдентите по природно-математички науки, заедно со наодите од квалитативната анализа, укажува на тоа дека тие се доживуваат како луѓе кои се посветени на социјалните улоги и функции кои ги имаат. Важна им е заедницата на која припаѓаат (верска, етничка) и особено им се важни семејството и релациите кои ги имаат со најблиските. Ги нагласуваат односите со врсниците, како што се колеги и пријатели. Особено се насочени и им е важен односот кој го имаат со партнерот. Аспектот од сликата за себе кој се однесува на социјалното, е понагласен кај студентите по природно-математички науки, но не и во делот кој се однесува на професијата. Квалитативната анализа покажува дека тие професијата ја изразуваат преку социјалната

улога студент. Поинаку кажано, ниту еден студент по природно-математички науки не напишал дека е математичар, (иден) професор по математика, биолог, хемичар итн. По правило, кога пишуваат за овој аспект од сликата за себе, наведуваат формулации со кои укажуваат дека се студенти на некоја од насоките на ПМФ (пр. *Студент по математика, Студирам биологија* и слично). Кај студентите по ликовни уметности, социјалната улога студент е подредена на професијата, со која постои силна идентификација. Споредено со студентите по природно-математички науки, ниту еден од студентите по ликовни уметности не напишал дека е *студент* на некоја од насоките на ФЛУ, туку наведуваат формулации со кои директно се укажува на професијата: *Јас сум уметник; Уметник, вајар; Сликар* и слично. Наведеното укажува на силна идентификација со професијата (особено ако се знае дека станува збор за студентни, кои формално сеуште не се уметници по професија), односно на тоа дека професијата или *Јас како уметник*, завзема нагласена, дури централна позиција во сликата за себе. Слично, Ивчевич и Мајер (2007), истражувајќи ги личносните особини кај високо креативни лица, нашле дека кога станува збор за ликовни уметници, кај нив особено се нагласени самоидентификацијата и себеопределувањето на себе си како уметник, што овие автори го определуваат како посветеност на креативна социјална улога. Бурлесон и сор. (2005) нашле дека идентификувањето на себе како уметник подразбира потполно инвестирање на себе си во областа и таквата самоидентификација има нагласена позиција во сликата за себе.

Согласни со наодите за поголема процентуална застапеност на *категоријата С* кај студентите по природно-математички науки се и некои наоди од квалитативната анализа. Од споредбата на *табела 29* и *табела 30*, може да се види дека кај студентите по природно-математички науки, во петте најфреквентни зборови во себеописите, со ранг 4, е зборот ***луѓе***, класифициран во *категоријата С.* За споредба, во петте најфреквентни зборови во себеописите на студентите по ликовни уметности, нема ниту еден збор од *категоријата С.* Споредбата на податоците од *табела 33* и *табела 34*, покажува дека и кај двете групи испитаници, најзастапен збор во *категоријата С* и со тоа прво рангиран е зборот ***луѓе***, но неговата фреквентност кај студентите по природно-математички науки е знатно поголема (*f*=56 наспроти *f*=13). Кај ликовните уметници, со висока фреквентност се

јавува уште и зборот ***уметник,*** а други зборови кои укажуваат на социјални улоги, функции, положби, релации и слично, се јавуваат по најмногу два или три пати. Споредено, во *категоријата С*, кај студентите по природно-математички науки, освен зборот ***луѓе***, со висока фреквентност (*f>15*) се јавуваат и зборовите *другите, пријатели, студент, друштво* и *семејство.* Интересни се наодите за тоа дека зборот ***семејство*** во себеописите на студентите по природно-математички науки се јавува 16 пати, а зборот ***родители*** 6 пати. Кај студентите по ликовни уметности, зборот ***семејство*** не се јавува ниту еднаш, а зборот ***родители***, се јавува само еднаш. Зборот ***неправда***, во себеописите на ликовните уметници се јавува 12 пати, а кај студентите по природно-математички науки не се јавува ниту еднаш. Освен тоа, квалитативната анализа покажува дека кога студентите по ликовни уметности пишуваат за заедницата, општеството или другите луѓе, често користат негации, негативни вреднувања и воопшто искази со кои се искажува несогласување, незадоволство или желба за поправедни социјални норми и релации. Од наведеното, може да се заклучи дека студентите по природно-математички науки се повеќе насочени кон социјалните улоги кои ги извршуваат, а социјалните релации и (некои) други луѓе имаат нагласена позиција во нивната слика за себе.

Олпорт, наместо себство или слика за себе, го воведува поимот *проприум*, со значење: особено, лично. Проприумот се состои од оние аспекти на личноста, кои особата ги доживува како особено лични, блиски и есенцијални и има големо влијание во живеењето на индивидуата. Поседува бројни особини или атрибути, а некои од нив се показатели за развојот на проприумот. Една таква особина е *екстензија на егото* или *идентификација на себе зад границите на телото* (Такашманова-Соколовска, 1998; Boeree, 2006). Квалитативната анализа покажа дека кај студентите по ликовни уметности постои проширување на себството, преку силна идентификација со она што тие го прават-создавањето и бавењето со уметност. За споредба, екстензијата или проширувањето на себството, кај студентите по природно-математички науки најчесто е поврзана со значајните други (семејството, партнерот, блиските пријатели). Во сликата за себе на студентите по ликовни уметности, другите луѓе и значајните други (вклучително партнер или членови на семејството) и релациите со нив, немаат нагласена позиција. *Јас како*

*уметник,* во нивната слика за себе, има поцентрална позиција, отколку *Јас како син/ќерка, брат/сестра, партнер/партнерка* и слично.

Една друга особина која, според Олпорт, укажува на развиеност на проприумот е поголема *мотивираност за зголемување на тензијата*, отколку за нејзино намалување, како и *ширење на свесноста* (вклучително и себесвесноста) и барањето предизвици. Квалитативната анализа на себеописите на ликовните уметници покажува дека тие се опишуваат за зборови кои укажуваат на таква особина, како што се на пример: немирен дух, авантурист, ескпериментатор, љубопитен и слично. Во исто време, од *табела 42* во поглавјето за квалитативни податоци, издвоени се најфреквентните од често застапените зборови, кои укажуваат на емоционални доживувања кои се конфликтни или спротивни по валентност (пр. среќен-тажен, смирен-возменирен, радост-болка и сл.). Со тенденцијата кон зголемување на тензијата, наспроти мирување и тежнеење кон *status quo*, можат да се поврзат и согласни се наодите од квантитативната анализа, според кои кај студентите по ликовни уметности понагласени се *категоријата Активност* и *поткатегоријата Емоционални состојби и доживувања*. Развиеноста на проприумот, може да се поврзе со сложеноста на сликата за себе. Согласни со погоре наведените наоди и теоретските поставки на Олпорт за показатели за развиеност на проприумот, се и наодите за делумно прифаќање на *Хипотеза 1*, односно наодите за поголем број на разни зборови во себеописите на ликовните уметници, како индикатор за посложена слика за себе.

Според Кронк (2008), во социјалниот интеракционизам, нагласено е сфаќањето согласно кое за формирањето и развојот на сликата за себе, од клучно значење се социјалните улоги на кои е посветена особата. Меѓутоа, некои социјални улоги се поважни од другите и за личноста се од круцијално значење. Квалитативната анализа покажа дека социјалната улога *струдент по ликовни уметности* за студентите на Факултетот по ликовни уметности е од големо значење. Дополнително, резултатите од *табела 26* покажуваат дека кај студентите по ликовни уметности, прво рангирана (како најмногу посакуван животен стил) е естетската или уметничка вредносна ориентација. Да

се биде уметник не значи само посветеност на социјалната улога. Уметникот не е само творец, смета Ватимо (Vattimo, 1997, според Bruno, 2000). Тој е многу повеќе од тоа: уметник е уште и начин, стил на живеење. Студентите по ликовни уметности се посветени на и се идентификуваат со оваа социјална улога и според тоа, аспектот на сликата за себе кој може да се нарече *Јас како уметник*, завзема централна позиција во сликата за себе. Основните механизми, сметаат социјалните конструкционисти, преку кои социјалните улоги и воопшто социјалните интеракции влијаат врз личноста и сликата за себе, се социјалното учење и процесите на интернализација. Според тоа, тврдат тие, природата на сликата за себе е рефлексивна и ги отсликува мислењето, доживувањата и оценките кои другите (особено значајните други) ги имаат за индивидуата. Многу автори, смета Баумајастер (2011), се согласуваат дека сликата за себе има социјално потекло. Еден извор на информации за себе, сметаат Робинсон и Седикидес (2009) се стереотипите. Иако изгледа навидум парадоксално, сметаат овие автори, луѓето почесто се повикуваат на генерални и стереотипски утврдени знаења за себе, токму кога наведуваат поопшти и постабилни свои особини и се опишуваат во општи термини и независно од конкретни ситуации. Слично, Мекадамс (2008) тврди дека *наративното себство* многу повеќе зависи од социјалниот контекст, отколку од генетиката на пример. Мекадамс општеството го определува како матрица која нуди бројни наративни форми, од кои луѓето одбираат и на тој начин го осмислуваат своето живеење. Стереотипот за уметникот е една од наративните форми присутни во социјалниот простор. Според тоа, се очекува во себеописите на студентите по ликовни уметности да бидат застапени особини присутни по општествено раширениот и прифатен стереотип за уметникот како особа со богат внатрешен, душевен живот. Согласни со последново се наодите за поголема процентуална застапеност на *категоријата Психичко* кај ликовните уметници. Понатаму, согласни со стереотипот за уметникот како внатрешнпо мотивиран и истраен, активен, творец и создавач се наодите за нагласеност на *категоријата Активност* кај ликовните уметници. Неконформизмот, ексцентричноста, ниската социјална компетенстност и бунтовноста се едни од најчесто споменуваните особини најдени во истражувањата за уметниците, кои во исто време се и дел од стереотипот за уметникот. Овие особини

можат да се доведат во позитивна поврзаност со наодите за ненагласеност на *категориите Социјално* и *Надворешни, првенствено социјални збиднувања,* најдени кај уметниците во ова истражување. Со последново, согласни се и некои наоди од квалитативната анализа, опишани погоре. Слично, квалитативната анализа покажува специфични и нетипични склоности и интересирања кај ликовните уметници. Од наодите од квалитативната анализа, може да се извлече заклучок дека ликовните уметници се доживуваат како социјално неразбрани и неприфатени, дека социјалните норми и правила се селективни и за нив и други луѓе неповолни. Овие наоди, во комбинација со наодите за високо рангирање на *алтруистичката вредносна ориентација* кај ликовните уметници, дури и пред *индивидуалистичката ориентација* (*табела 26*) укажуваат на тоа дека ликовните уметници не ги прифаќаат воспоставените општествени норми и се залагаат за поправедни општествени односи, во кои им се помага на луѓето кои се отфрлени, неприфатени или загрозени. Стереотипот за уметникот, но и некои истражувања во литературата, уметниците ги опишуваат како ладни во социјалните односи и социјално изолирани и некомуникативни, односно како асоцијални, па дури и како антисоцијални. Наодите од квалитативната анализа (пр. ранг 1 на зборот *луѓе* во *категоријата С*, висока фреквентност на зборот *неправда*- но не само кон себе, туку и кон другите и сл.) заедно со релативно високиот ранг на *алтруистичката вредносна ориентација,* упатуваат на поинаков заклучок. Квалитативната анализа покажува дека негативните вреднувања поврзани со социјалниот контекст, по правило се однесуваат на општествениот систем и општественото уредување, но не и на другите луѓе од секојдневието.

Средината ги доживува уметниците како нагласено емотивни, конфликтни и емоционално нестабилни. Некои истражувања (Feist, 1998; Sheldon, 1999; Reynolds, 2003; Koch, Sheperd, 2004 и др.) потврдиле дека значаен дел од уметниците поседуваат конфликтни особини, се одликуваат со силни емоционални доживувања и емоционална турбулентност и лабилност. Согласно со овие наоди се и резултатите за *Субхипотезата 2.1.* за нагласена емоционалност кај ликовните уметници, како и наодите за ниска емоционална стабилност измерена со *Прашалникот за себеопис 3*, но и некои наоди од

квалитативната анализа, според кои во себеописите на студентите по ликовни уметности почесто се застапени конфликтни и спротивни емоционални состојби и доживувања (*табела 42*). Секако, не е исклучена и обратната насока на поврзаност. Освен влијанието кое стереотипот за уметникот го има врз себезнаењето и себедоживувањето на уметниците , постои можност истиот тој стереотип, барем делумно, да е реално заснован. Оправдано е верувањето дека можеби значаен дел од уметниците навистина поседуваат особини содржани во стереотипот за уметникот, па така истиот и настанал. Истражувањата (пр. мета-анализите на Феист или Мертидејл) потврдуваат дека уметниците навистина поседуваат особини слични на тие содржани во стереотипот за уметникот.

***Категоријата М,*** која се однесува на надворешни, првенствено социјални збиднувања (екскурзија, забава, журка, авантура, трка, посета, патување и слично), кај студентите по ликовни уметности е застапена со **1** процент, а кај студентите по природно-математички науки со **3** проценти. Споредувањето на рангот на оваа категорија кај двете групи испитаници, исто така покажува нејзина поголема нагласеност кај студентите по природно-математички науки. *Категоријата М,* кај студентите по природно-математички науки, има **ранг 9**, додека кај студентите по ликовни уметности има понизок ранг и се наоѓа на **12-тото место**. Според тоа, нагласеноста на оваа категорија кај студентите по природно-математички науки е поголема.

Наведените наоди, кои укажуваат на поголема нагласеност на *категоријата М* кај студентите по природно-математички науки, можат да се доведат во позитивна поврзаност со наодите за *категоријата С*. Квалитативните податоци од *табела 39*, покажуваат дека во себеописите на студентите по природно-математички, со висока фреквентност се јавуваат зборовите *дружење, патување* и *излегување.* Во себеописите на студентите по ликовни уметности, во *категоријата М,* нема зборови со фреквенција поголема од три. Нагласеноста на овој аспект на сликата за себе, укажува на тоа дека студентите по природно-математички науки почесто практикуваат и се вклучени во разни социјални настани и збиднувања. Посетуваат кино или театар. Чести се разни патувања,

прошетки и излети. Почесто излегуваат и се среќаваат со врсниците, најчесто во некое кафуле или навечер во клубови и дискотеки, односно далеку најзастапени се разни облици на излегувања и дружења, во кои се вклучени повеќе луѓе, најчесто врсници од ист или спротивен пол и партнерот. Студентите по ликовни уметности не се склони кон излегувања и дружења со врсници. Поретко се дел од разни социјални настани и случувања. Исклучок претставува посетувањето изложби.

Некои истражувања (пр. Feist, 1998) нашле ниска социјална компетентност кај ликовните уметници, а често во литературата се среќаваат и описи за уметникот како самотник и индивидуалец. Разликите во застапеноста на оваа категорија кај двете групи испитаници можат да се поврзат со насоките на студирање. Студентите на Природно-математичкиот факултет често работат во групи или тимови, што не е случај со студентите по ликовни уметности. Дури и кога работат индивидуално, студентите по природно-математички науки почесто се консултираат, разменуваат белешки, знаења, материјали и слично. Наедноставно кажано, почесто се среќаваат и за време на наставата, но и надвор од просториите на факултетот. Создавањето на едно уметничко дело, речиси по правило бара изолираност и целосна посветеност. Инспирација поретко може да се најде во групата или надвор од себе, а почесто доаѓа од внатре и е поврзана со сопствените емоционални состојби и доживувања. Самото создавање на делото често бара часови и часови работа и подразбира целосна посветеност, што во исто време би значело и отсуство од разни социјални настани и збиднувања. Истражувањата (Sheldon, 1999; Feist, 1999) покажуваат дека уметниците се посветени на она што го работат и известуваат за силна потреба да творат и создаваат. Според тоа, разликите во застапеноста на оваа категорија, се поврзани и со мотивацијата. Мотивите кои можеме да ги наречеме *социјални*, кај ликовните уметници се подредени на мотивите за творење и себеизразување, првенствено преку создавање дела. Во конкретниов случај, со оглед на тоа дека станува збор за студенти, нагласен е и мотивот за себепотврдување како уметник.

Процентуалната застапеност на ***категоријата В*** или квалитативни вреднувања, е слична кај двете групи испитаници, што укажува на подеднаква нагласеност на содветниот аспект на сликата за себе, кај двете групи. Кај студентите по природно-математички науки *категоријата В* е застапена со **4,58** проценти, а кај студентите по ликовни уметности со **4,82** проценти. Спротивно на очекуваната поголема нагласеност на оваа категорија кај ликовните уметници, разликата во процентуалната застапеност на оваа категорија кај двете групи испитаници, не се покажа како статистички значајна. Дополнително, рангирањето на категориите, покажува дека оваа категорија, кај двете групи испитаници има **ранг 6.** Непотврдувањето на хипотезата може да се објасни преку возраста на испитаниците. Со оглед на тоа што се работи за студенти, кои се наоѓаат некаде на преминот помеѓу доцна адолесценција и млади возрасни, за двете групи испитаници, од големо значење се оценките и вреднувањата кои ги добиваат од другите, особено оние од значајните други. На надворешно оценување, а со тоа и субјективни вреднувања, особено се подложни нивните академски активности. Наведеново укажува на рефлексивна природа на сликата за себе (Wilson, Dunn, 2004), особено нагласена во симболичкиот интеракционизам (Schwanzer, 2002). Во овој развоен период, сликата за себе се одликува со релативна нестабилност и менување. Нејзината содржина се обогатува, а некои нејзини делови се преиспитуваат и менуваат, што значи дека се подложни на разни вреднувања. Покрај сликата за себе, во овој период се формира (создава, дополнува, менува) и светогледот. Разните и бројни социјални појави, општествени норми и стандардни, културни и научни практики, знаења и убедувања, се преиспитуваат и вреднуваат: засновани ли се? Оправдани се или неоправдани? Влијаат позитивно или негативно? Какви се луѓето? Каква е нивната природа, добра или лоша? Можам ли да им верувам? и слично. Значаен дел од квалитативните вреднувања се однесуваат на делот од сликата за себе кој може да се нарече *Јас како студент*, особено на тоа дали се доживуваат како успешни или неуспешни студенти.

Квалитативната анализа потврдува дека во себеописите на двете групи испитаници се застапени разни облици на вреднувања. Студентите по ликовни уметности, кога зборуваат за општественото уредување, склони се кон употреба на негативни (социјални)

вреднувања (лоши случувања, негативни луѓе, неправда, обесправеност и сл.). Но, често употребуваат позитивни естетски вреднување (извонредно, убаво, убавина, прекрасно и сл.). Кај студентите по природно-математички науки, не се застапени естетски вреднувања, а често се јавуваат позитивни социјални вреднувања (добар човек, ред, чесност и сл.).

***Суб-хипотезата 2.1,*** според која кај студентите по ликовни уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастепена е *поткатегоријата П1,* дел од *категоријата Психичко,* а која се однесува на емоционални состојби и доживувања, **се прифаќа.** Тоа значи дека кај студентите по ликовни уметности почесто се јавуваат бројни и разни емоционални состојби и доживувања или барем дека се тие поотворени и свесни за, односно насочени кон доживувањата и емоционалноста во целина. Покрај поголемата процентуална застапеност на оваа поткатегорија кај ликовните уметници, квалитативната анализа покажува дека во *категоријата А*, кај оваа група испитаници, значаен дел од зборовите се однесуваат на експресија на разни емоционални доживувања (пр. се смее, насмеан, плаче и др.).

Ваквите наоди се конзистентни со наоди од бројни претходни истражувања. Шелдон (1998) и Феист (1999) нашле дека уметниците поседуваат нагласена способност за препознавање и прифаќање на сопствените потреби и доживувања. Хелсон (2006) нашла дека високо креативните особи се поинтуитивни и приемчиви, поемотивни и почесто и поотворено ги покажуваат своите емоционални доживувања. Ивчевич и Мајер (2007) нашле дека уметниците високо ги вреднуваат доживувањата и се мошне склони кон нивно пројавување, особено во облик на уметничко творење. Феист (1998) нашол дека високо креативните особи се интровертни, отворени за искуства и почувствителни.

Добиените резултати за нагласеност на емоционалните состојби и дожувувања кај студентите по ликовни уметности можат да се поврзат со некои теоретски поставки на Роџерс, како и со наоди за други хипотези од ова истражување. Роџер (Rogers, 1977,

според Nye, 2000) прави поврзување помеѓу себството и општата тенденција за актуализација, воведувајќи го поимот за самоактуализација. Овој поим, едноставно кажано, се однесува на тенденцијата за одржување и унапредување на себството и се пројавува првенствено преку потребите за почитување и себепочитување. Некои особини и аспекти на сликата за себе кај ликовните уметници, најдени во ова истражување, се слични и можат да се поврзат со особини на висиоко актуализирани особи кои ги опишале Роџер и други хуманистички психолози (пр. Абрахам Маслов). Една таква особина е себесвесноста, односно отвореност за сопствените потреби и емоционални доживувања. За себеактуализираните луѓе е карактеристичен и позитивен општ однос кон себе, кој е релативно независен од конкретни ситуации (првенствено социјални) и исходи од дејствувања. Слично, во ова истражување, кај студентите по ликовни уметности, измерен е попозитивен општ однос кон себе (*Хипотеза 7*) , споредено со студентите по природно-математички науки. За себеактуализираните особи карактеристична е и насоченост кон естетското и уживање во убавото. Во ова истражување, кога се во прашање вредносните ориентации, кај студентите по ликовни уметности прво рангирана е естетската или уметничка вредносна ориентација (*Хипотеза 8*).

Во ***Хипотеза 3****,* се претпоставува дека академската слика за себе кај студентите по ликовни уметности е поразвиена и попозитивна, споредено со студентите по природно-математички науки. Според добиените резултати, хипотезата **се прифаќа**. Академската слика за себе е мерена со една од субскалите на *Прашалникот за себеопис 3*. Кај студентите по ликовни уметности, забележана е попозитивна академска слика за себе, делумно операционализирана преку повисок академски успех, споредено со студентите по природно-математички науки. Ваквите резултати, може да се поврзат со наоди од техниката *Кој сум јас*. Квалитативната анализа упатува на заклучокот за нагласената идентификација со социјалната улога студент, кај испитаниците од Факултетот за ликовни уметности. Интересно е да се разгледа и спореди формулацијата на речениците со кои студентите по природно-математички науки и ликовни уметности ја искажуваат насоката на студирање. Студентите по природно-математички науки ја наведуваат областа или насоката на студирање, во облик на социјална улога на која се посветени, најчесто во

почетниот дел од себеописот, како дел од изнесувањето генерални или општи податоци за себе (вклучително возраст, пол, етничка припадност и слично). Меѓутоа, ниту еден од студентите по ликовни уметности не напишал формулација во која кажува дека е студент по ликовни уметности или студент на Факултетот по ликовни уметности од Скопје. Наместо просто изнесување генерален податок за себе со кој се укажува на социјална улога, самата формулација на речениците кај нив јасно упатува на силна идентификација со таа социјална улога.

Во истражувањето не беа обезбедени податоци за тоа дали навистина, објективно, академскиот успех на студентите по ликовни уметности е повисок од академскиот успех на студентите по природно-математички науки. Соодветната субскала во *Прашалникот за себеопис 3* го мери субјективното доживување за успешноста на себе си како студент. Според тоа, наодите отсликуваат една од две можни ситуации. Прва, во која студентите по ликовни уметности навистина се поуспешни како студенти и имаат повисок академски успех или повисоки оценки и втора, во која не постојат разлики во академскиот успех или уметниците дури имаат пониски оценки, но тие субјективно се доживуваат како успешни студенти. Меѓутоа, со оглед на тоа дека предмет на истражување во овој текст е сликата за себе, од мало значење е која од двете можни ситуации ја отсликуваат добиените резултати. Роџерсовски кажано, побитна е сујективната реалност, а не објективната. Со оглед на тоа дека се истражува сликата за себе, клучно е доживувањето на испитаникот за сопствената успешност како студент, а не академскиот успех сам по себе.

Неоспорно е дека високите оценки се во позитивна поврзаност со способностите, кои како личносни особини, често се дел од сликата за себе. Оправдано е да се претпостави дека академскиот успех на студентите по природно-математички науки во поголем степен зависи од когнитивните способности, а академскиот успех на студентите по ликовни уметности да биде поврзан со *уметнички*, односно психомоторни способности. Меѓутоа, не може да се каже дека академскиот успех на студентите по природно-математички науки, во најголем дел или исклучиво зависи од нивните когнитивни способности, иако влијанието на истите е значајно. Не е оправдено да се

очекува дека најспособните имаат највисок академски успех. Квалитативнта анализа на податоците од техниката *Кој сум јас*, упатува на заклучокот дека студентите по природно-математички науки сопствениот академски успех често го поврзуваат со поинакви особини од когнитивните способности. Тие академскиот успех го поврзуваат со организираноста на системот и тоа што од нив се бара континуитет во работењето, со сопствената организираност, одговорност, темелност и посветеност. Наведените особини немаат нагласена поставеност во нивната слика за себе и се добива впечаток дека академскиот успех е пропратен и очекуван резултат, нешто што неминовно би следело.

Кај студентите по ликовни уметности, од клучно значење се поинакви способности: психомоторни. Делот од сликата за себе, кој може да се нарече *Јас како уметник*, во голем дел се заснова токму врз нивните способности за цртање, сликање, вајање и слично. Ова особено важи за уметниците-студенти, најмногу поради тоа што нивното работење се оценува. Според тоа, постигнатиот успех (во случајов, академски), тие не го поврзуваат со периферни особини или надворешни фактори, туку во најголем дел го припишуваат на сопствените способности. Согласни со последново се наодите од квалитативната анализа, според кои зборот ***можам,*** како трето рангиран, се јавува во најфреквентните зборови во нивните себеописи. Дополнително и релативно едноставно објаснување кое ги поврзува способностите и академскиот успех е следново. И покрај тоа што и на Природно-математичкиот факултет постојат примени испити, селекцијата на кандидати кои ги запишува Факултетот за ликовни уметности е далеку построга. Делумно поради тоа што бројот на студенти кои се примаат (околу 50 студенти на сите четири насоки вкупно) е знатно помал споредено со Природно-математичкиот факултет. Клучен критериум се психомоторните способности, а се одбираат најдобрите. Согласно наведеното и ако дополнително се има во предвид дека успешноста во најголемиот академски предмети е директно поврзана со споменатите способности, очекувано е академскиот успех на студентите по ликовни уметности да биде повисок. Меѓутоа, погрешно е да се заклучи дека академскиот успех зависи исклучиво од *уметничките* способности. Некои истражувања (Feist, 1998; Martindale, 1999) покажале дека уметниците се високо мотивирани и амбициозни. Според наодите на Ивчевич и Мајер

(2007), уметниците се истрајни, внатрешно мотивирани и според тоа подготвени за долги часови работење. Внатрешната мотивираност е потрајна од надворешната и се однесува на задоволството кое произлегува од самиот процес и чин на создавање, од можноста за самоекспресија. Не е тешко внатрешната мотивираност, истрајноста, амбициозноста и задоволството до творењето да се поврзат со висок академски успех.

Академскиот успех може да се поврзе со мотивите на сликата за себе, особено со мотивот за потврдување, но и за унапредување на сликата за себе (Baumeister, 2011). Себепотврдувањето како уметник има клучна улога во одржување на позитивна слика за себе кај студентите по ликовни уметности. А успешноста како уметник во голем дел се преклопува со успешноста како студент. Поинаку кажано, себепотврдувањето како уметник делумно се однесува на успешноста како студент, што понатаму е операционализирано преку висок академски успех, односно добри оценки. Повторно, со оглед на тоа дека недостасуваат податоци за објективниот академски успех, постојат две можности. Во првата, мотивите за одржување и унапредување на сликата за себе, покренуваат активности кои водат кон повискот академски успех. Односно, постигнатиот академски успех е следен со задоволување на овие мотиви. Во вторатата ситуација, повторно под влијание на мотивите на сликата за себе, постигнатиот академски успех се перцепира како висок и понатаму таквата перцепција води кон задоволување на мотивите за потврдување и унапредување на сликата за себе (дури и под претпоставка дека академскиот успех на ликовните уметници, објективно, е само просечен). Без разлика за која од двете можности станува збор, и двете упатуваат на нагласеност на мотивите за потврдување и унапредување на сликата за себе, што укажува на тоа дека себепотврдувањето како уметник има нагласена позиција во сликата за себе.

*Хипотеза 3* тврди дека студентите по ликовни уметности имаат поразвиена и попозитивна академска слика за себе од студентите по природно-математички науки. Позитивна академска слика за себе не е идентично на висок академски успех, иако во значаен дел се однесува и на академскиот успех. Дел до ајтемите содржани во субскалата за мерење на академската слика за себе се однесуваат на субјективното доживување за

сопствената успешност како студент, а дел на преференцијата и личната вредност која и се припишува на одбраната област на студирање. Очекувано, попозитивната академска слика за себе кај ликовните уметници е поврзана со личната вредност која тие и ја придаваат на уметноста, односно со истакнатата позиција која таа ја има во нивниот систем на вредности. На едноставен начин кажано, тие го студираат она што особено го ценат и има огромно личносно значење. За голем, можеби за поголемиот дел од нив, бавењето со уметност е најважното нешто во животот, а *Јас како уметник* е најнагласениот дел од сликата за себе.

Јанос (Janos, 1990, според Litster, 2004) тврди дека во периодот на студирање, споредувањето со способностите и воопшто особините на врсниците, се од клучно значење за академската, но и за сликата за себе воопшто. Слично, Бурлесон и сор. (2005) тврдат дека клучен аспект на сликата за себе кај уметниците се знаења и верувања за сопствените уметнички способнсоти. Добиените наоди за попозитивна академска слика за себе кај ликовните уметници може да се поврзат со теоретскиот концепт за *ефект на мала риба во голем сад* на Бурлесон и сор. Односно, откако талентирани индивидуи ќе влезат во средина на еднакви или подобри од себе (запишување на факултет или прва година студии), споредувањето со врсниците води кон пад на себепочитувањето и се случуваат негативните промени во сликата за себе. Меѓутоа, по првичните негативни промени во сликата за себе, делумно поради механизмите на идентификација, високо селектираната средина може да има поттикнувачки ефекти и да води кон позитивни промени и попозитивна слика за себе, особено во однос на делот *Јас како студент*. Со оглед на тоа дека во ова истражување се вклучени студенти од трета и четврта година, попозитивната академска слика за себе, но и попозитивниот општ однос кон себе, можат да се објаснат преку конструктивно надминување на *ефектот мала риба во голем сад*.

***Хипотеза 4,*** според која студентите по ликовни уметности се доживуваат како помалку емоционално стабилни од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**. Ваквите наоди се конзистентни со наоди од претходни истражувања. Ниската емоционална стабилност кај уметниците е можеби еден од најконзистентните наоди

присутни во литературата, кој во исто време се одликува со солидна теоретска заснованост. Во истражување на Хамер (според Sheldon, 1999), во кое биле вклучени студенти по уметност, најдени се висока конфликтност и нагласена емоционална турбулентност. Колку испитаниците биле поталентирани и поуспешни како студенти, толку овие две особини биле понагласени. Шелдон (1999) известува за нагласена емоционална турбулентност кај ликовните уметници. Во ова истражување, квалитативната анализа (*табела 42*) покажува дека во себеописите на студентите по ликовни уметности, чесно се јавуваат зборови кои укажуваат на спротивни по валентност емоционални состојби и доживувања (пр. среќа-тага, смирен-вознемирен, се смее-плаче и сл.). Слични резултати се добиени и во истражувањето на Џуд и сор. (Judge et al, 1998, според Suls, Krizan, 2005), според кои кај уметниците биле забележани високи мерки на димензијата Невротицизам или негативна афективност. Наодите од *Хипотеза 4* се согласни со наодите од Мета-анализата на Феист (1998), која покажала дека високо креативните индивидуи се чувствителни, конфликтни и емоционално нестабилни. Во однос на Петфакторскиот модел за личноста, Феист известува за присуство на особини поврзани со факторот Невротицизам. Мартиндејл (1999) направил резимирање на наодите од повеќе истражувања во кои биле вклучени високо креативни индивидуи и помеѓу другото заклучува дека тие се емоционално преосетливи, анксиозни и склони кон афективни растројства.

Добиените наоди можат да се објаснат со теоретскиот, типолошки модел на Ранк (Rank, 1989, според Cohen, Ambrose, 1999; Sheldon, 1999), во кој се опишани три типа или три стадиуми во развојот на личноста: конформистички, конфликтен и креативен тип. За конфликтниот тип се карактеристични подвоеност во личноста и уште повеќе, несогласност помеѓу личноста и окружувањето. Ваквата особа ги отфрлила социјалните вредности, верувања, норми и стандарди, со цел формирање сопствени. Меѓутоа, не успеала до крај да се ослободи од општествените влијанија, а личните цели, вредности, норми и слично, се нејасни и во меѓусебна несогласност. Како резултат на наведеното, за конфликтниот тип се карактеристични чести и интензивни емоционални доживувања и намалена емоционална стабилност. Согласно теоријата на Ранк, кога се во прашање

уметниците, оваа, конфликтна меѓуфаза може да се поврзе со периодот на студирање, кога студентите започнале да се ослободуваат од срединските ограничувања, но сеуште не постигнале целосна автономност и сеуште не се изградени како уметници- творци или создавачи. Во истражување на Шелдон (1995) е потврдено дека идните создавачи, по фазата на недиференциран конформизам, влегуваат во конфликтна меѓуфаза, која му претходи на стадиумот на креативност, автономија и само-одредување.

Квалитативните податоци од *табела 42*, потврувaат дека во сликата за себе на студентите по ликовни уметности се застапени спротивни по валентност емоционални состојби и доживувања. Овие наоди, заедно со наодите за поголема процентуална застапеност на *субкатегоријата П1*, како и поголемиот број на разни зборови во оваа категорија, јасно укажува на нагласеност и поголема застапеност на емоционални состојби и доживувања во сликата за себе кај ликовните уметници. Интересни се наодите од квалитативната анализа, според кои, во себеописите на студентите по природно-математички науки, во однос на *субкатегоријата П1*, доминираат зборови кои укажуваат на ***позитивни*** емоционални состојби и доживувања. Во себеописите на студентите по ликовни уметности, застапени се зборови кои укажуваат ***и на позитивни и на негативни***, често и на спротивни по валентност емоционални состојби и доживувања. Наведеново не значи дека студентите по природно-математички науки немаат негативни и непријатни доживувања. Поверојатно е дека негативните состојби и доживувања не се присутни во сликата за себе, првенствено како резултат помалата себесвеснот или затвореност за истите. Или пак, едноставно, студентите по природно-математички науки не се премни да ги пројават или споделат таквите состојби и доживувања.

Наодите за поврзаноста помеѓу *сложеноста на сликата за себе* и *емоционалната стабилност,* присутни во литературата, се неконзистентни. Несогласноста воглавно се должи на различната определба или операционализација на емоционалната стабилност како психичка појава, како и поврзувањето на сложеноста со појави блиски или знатно поинакви од емоционалната стабилност (пр. невротицизам, чести флуктуации во расположението, психолошка добросостојба, среќа и слично). Во ова истражување,

поголемата сложеност на сликата за себе кај ликовните уметници е во негативна поврзаност со емоционалната стабилност, мерена со соодветната субскала од SDQ III. Ниската емоционална стабилност е определена воглавно како негативна афективност, а помалку како конфликтност или флуктуации во расположението. Од добиените наоди во ова истражување, следува дека теоретската претпоставка на Линвил за позитивна поврзаност на сложеноста на сликата за себе со умерени емоционални реакции, изразена првенствено преку *ефектот на прелевање*, се отфрла.

***Хипотеза 5***, според која судентите по ликовни уметности се помалку чесни или доверливи од студентите по природно-математички науки, **се отфрла**. Ваквите наоди се неконзистентни со наоди од претходни истражувања. Во истражување на Шелдон (1995), кај високо креативните индивидуи се забележани висока автономија и нагласена внатрешна мотивираност. За нив се карактеристични нагласено само-одредување и раководење од внатрешни, а не надворешни мотиви и стандарди, во исто време покажуваат отпор кон било каков облик на надворешно одредување. Феист (1999) нашол дека за уметниците не е од големо значење добивањето одобрување од другите и често пројавуваат ставови кои според нив се основани, но се општествено неприфатливи. Феист (1998) дополнително известува за ниска самоконтрола и импулсивност, пониска совесност и доследност, кај ликовните уметници. Најдени се уште и неконформизам, преиспитување на социјалните норми, неводење сметка на обврските и дека оставаат лош впечаток. Мартиндејл (1999) исто така нашол ниска совесност, но и непријатност, дистанцираност и недостаток на близина во социјалните односи. Сликата за ликовните уметници заснована на ваквите наоди од претходни истражувања, е согласна со наодите од *Хипотеза 2* од ова истражување, според кои ликовните уметници се помалку насочени кон и кај нив социјалниот аспект на сликата за себе е ненагласен. Со оглед на тоа дека чесноста и доверливоста се општествени норми и стандарди, се очекуваше кај уметниците тие да бидат помалку нагласени во споредба со студентите по природно-математички науки, но тоа не се потврди. Добиените резултати се несогласни и со наоди од квалитативната

анализа за *категоријата В*, според кои кај ликовните уметници се позастапени негативни социјални вреднувања. Според тоа, се очекува негативното вреднување и отфрлањето на општествените вредности и ненасоченоста кон другите, да биде во негативна поврзаност со вредностите за чесност и доверба, но резултатите не ја потврдија очекуваната релација.

Едно можно објаснување за непотврдување на хипотезата е нејзината изразената подложност на давање социјално пожелни одговори. Живееме во општество во кое чесноста и довербата се високо вреднувани човечки квалитети. Иако нашето општество континуирано се доближува до т.н. Модерни западни општества, одредени негови сегменти сеуште можат да се окарактеризираат како традиционални. Индивидуалноста во нашето општество не е нагласена како во западните земји. Системот на општествени вредности не се одликува со флексибилност. Стигматизацијата дека некој е нечесен и дека не може да му се верува, е нешто со што ретко кој би можел да се носи. Нечесните луѓе се неценети, ниско вреднувани, дури социјално отфрлени. А со оглед на тоа дека *Прашалникот за себеопис 3* е техника на самоизвестување, испитаникот има целосна контрола врз своите одговори и може свесно и намерно да одбере што ќе напише.

***Хипотеза 6***, во која се претпоставува дека студентите по ликовни уметности се помалку религиозни од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**. Добиените резултати се во согласност со наоди од некои претходни истражувања, но се неконзистентни со наоди од други. Некои истражувања (Dollinger, 2007), чија примарна истражувачка цел била конзерватизмот, нашле ниска религиозност кај ликовните уметници. Меѓутоа, добиените резултати во ова истражување, се несогласни со дел од наодите во литературата, од причина што ликовните уметници се споредени со студенти на природно-математички науки. Истражувањата во кои се бара поврзаност на личносните особини со нагласена креативност, најчесто се спроведуваат врз уметници и научници. Ивчевич и Мајер (2007), прегледале голем број вакви истражувања и заклучуваат дека и за уметниците и за научниците е карактеристично тоа што не се

религиозни. Ниската религиозност се наведува како особина која е заедничка за овие две групи испитаници.

Скалата за мерење на религиозноста или духовноста, дел од *Прашалникот за себеопис 3*, нуди можност за субјективна интерпретација на ајтемите, кои често се двосмислени, Не е јасно, дали наведеното тврдење се однесува на и ја мери религиозноста, како посветеност и верба во конкретен религиски систем или пак се однесува на насоченост кон духовноста во поширок смисол и независно од конкретни религиски верувања или системи (пр. Христијанство, Ислам и сл.). На пример, еден ајтем се однесува на тоа дали родителите на испитаникот се религиозни луѓе, а друг ајтем од оваа скала се однесува на важноста која испитаникот му ја придава на духовниот или спиритуален развој. Со тоа, постои можност разликите во резултатот во одреден дел да се должат на поинаквата интерпретација и доживување на ајтемите содржани во оваа скала.

Добиените наоди за пониска религиозност кај ликовните уметници се согласни со наоди од квалитативната анализа. Во себеописите на студентите по ликовни уметности, неколку пати се појавува зборот *атеист.* Во исто време, во себеописите на студентите по природно-математички науки се јавуваат и зборовите *христијанин/ка, религиозен/а* и *верник*. Овие зборови во себеописите на студентите по ликовни уметности ги нема.

Научниците се мошне насочени кон откривање на вистината, објективната стварност. А религијата е сложен систем на верувања, во кој се нудат одговори на некои од клучните прашања на кои човештвото се обидува да одговори. Постмодернизмот јасно укажа дека науката не е семоќна, а сликата која за неа ни се претставува е лажна. Поседува бројни слабости и недостатоци. Директен доказ за последното е тоа што науката не успеа да одговори на некои од накрупните и најважни прашања. Постмодернистите предлагаат плуларизам во научниот пристап и повеќестран систем на знаења, во кој научните нема да доминираат. Познато е дека кон крајот од животот, Ајнштајн се насочил кон религијата. Го нагласил нејзиното значење и тоа дека религијата може да помогне во откривањето на вистината. Некои автори прават поврзување на основните поставки на будизмот, со најновите откритија од квантната физика, според кои квантумот е основен

градбен материјал на се што постои. За споредба, кај уметниците од првенствено значење не е објективната, туку субјективната вистина. Кај нив не се доминантни интелектот, мислењето, верувањата. Кај уметникот далеку понагласени се доживувањата. За него не е клучно откривањето на објектината и универзална вистина, туку создавање на иројавување на својата, субјективната.

***Хипотеза 7***, според која студентите по ликовни уметности имаат попозитивен општ однос кон себе од студентите по природно-математички науки, **се прифаќа**. Добиените резултати, за позитивна слика за себе, односно попозитивен општ однос кон себе кај ликовните уметници, се конзистентни со наоди од бројни претходни истражувања. Феист (1999) известува за измерени високо себепочитување и себеприфаќање кај креативните индивидуи. Рејнослдс (2003) нашол дека уметниците се одлукуваат со високо ниво на самодоверба. За висока самодоверба и себеприфаќање кај нагласено креативни студенти известуваат и Чаритон и Снелбекер (2007), Феист (1998) и Гелад (2002).

Ликовните уметници се доживуваат како талентирани, дури и надарени или натпросечни (Feist, 1998). Доживувањето (и лично и од средината) за тоа дека поседуваат специфични способности, кои се општествено вреднувани и кои ги прават поинакви и препознатливи и нив како индивидуи, може да се поврзе со измереното позитивно себедоживување. О'Конор (2006) известува за истражување во кое е најдено дека сликата за себе кај студенти по уметност, е под силно влијание на тоа дали испитаникот се доживува како успешен студент или не. Поинаку кажано, верувањето во сопствената вредност како студент имало силно влијание врз сликата за себе, особено врз себепочитувањето. Најбитно за студентите по уметност, во период на студирање, според О'Конор е постигнувањето и докажувањето на себе си како студент. Слично, Бурлесон и сор. (2005) и Ивчевич и Мајер (2007) сметаат дека верувањето во сопствените уметнички способности и себевреднувањето на себе си како уметник (или студент), има клучна улога во генералното себедоживување и себевреднување. Според тоа, добиените резултати за *Хипотеза 7*, се согласни и со наодите за *Хипотеза 3* од ова истражување. Измерениот

позитивен однос кон себе, е во позитивна поврзаност со позитивната академска слика за себе и доживувањето на себе си како успешен студент.

Некои истражувања (O'Conor, 2006), кои го проверувале теоретскиот концепт за "*ефект на мала риба во голем сад*", покажале дека е погрешно верувањето за неминовни негативни промени во сликата за себе кај уметниците, по влегување во високо селектиран академски контекст или помеѓу вресници со слични или повисоки способности. Кај значаен дел од студентите, споредувањето на сопствените способности со тие на врсниците и влегувањето во селектиран академски контекст, по евентуалните првични негативни промени во сликата за себе, имало поттикнувачки ефекти и водело кон позитивни промени, вклучително себепотврдување како уметник, поголемо задоволство од работењето и од себе, зголемување на себепочитувањето и слично.

Попозитивниот општ однос кон себе кај ликовните уметници може да се поврзе со *уметничките* способности кои тие ги поседуваат. Луѓето со нагласени уметнички способности претставуваат мал дел од популацијата. Студирањето уметност, значи дека тие се дел од селектирана група на луѓе, која на некој начин е поинаква од останатите, првенствено во позитивен смисол. Заснована е претпоставката дека можеби студентите по ликовни уметности се доживуваат како елитна група млади луѓе, кои се слични меѓу себе, но се поинакви од другите; кои поседуваат извонредни способности: ретки и општествено ценети; кои не го губат времето во обични и секојдневни активности, туку создаваат. Попозитивниот општ однос кон себе кај ликовните уметници може да се поврзе и со наодите за нагласеност на *категоријата А* кај нив. Во оваа категорија, кај студентите по природно-математички науки, најзастапени се зборови кои укажуваат на вербална и невербална/фацијална експресија и комуникација (пр. *кажува, вели, зборува, насмеан* и сл.). Кај студентите по ликовни уметности, позастапени се зборови кои укажуваат на дејствување, првенствено уметничко (пр. *создава, твори, се обидува, слика, црта* и слично). Неоспорно е дека комуникацијата и односите со другите луѓе се битни и се извор на разни позитивни доживувања и состојби (особено ако станува збор за значајни други). Меѓутоа, споменатите наоди за содржината на *категоријата А* кај

ликовните уметници и наодите за силна идентификација со она што го работат, упатува на заклучокот дека можноста за самоекспресија, заедно со задоволството од самиот процес на творењето, како и крајниот исход дека нешто се создава (уште повеќе, дека тоа нешто е поврзано со и произлегло од себе), е поврзана со лична исполнетост, позитивни емоционални доживувања и воопштo, позитивно себедоживување и себеценење.

***Хипотеза 8***, во која се тврди дека кај студентите по ликови уметности, во споредба со студентите по природно-математички науки, позастапени се естетската или уметничка, индивидуалистичка и хедонистичка вредносна ориентација, **делумно се прифаќа**. Резултатите за значајност на разлики помеѓу аритметички средини, покажаа дека хипотезата се прифаќа во однос на естетската или уметничка и хедонистичката вредносна ориентација, но не и во однос на индвивидуалистичката.

Мошне интересни наоди се добиени во *табела 24* и *табела 26*. Во нив е направено рангирање на вредносните ориентации, согласно бројот на испитаници кои одговориле дека даден животен стил најмногу им се допаѓа или најмногу им одговара. Кај студентите по природно-математички науки, прво рангирана е сентиментално-семејната вредносна оринетација. Вкупно **40** студенти, односно **57,5** проценти или повеќе од половина од од студентите на ПМФ, одговориле дека оваа ориентација најмногу им одговара. Согласно описот на животниот стил, кој е операционализација на оваа вредносна ориентација, студентите по природно-математички науки, најмногу сакаат да запознаат особа која ќе ја сакаат и која нив ќе ги сака, заедно да создадат семејство и целосно да се посветат на семејството; смислата на животот да ја најдат во семејството. Ваквите наоди лесно можат да се поврзат со возраста на испитаниците и развојниот период во кој тие се наоѓаат. Преодот од доцна адолесценција кон рана зрелост, е период кога партнерските, романтични врски се од големо значење за особата. Во овој период, значаен дел од младите се (или барем биле) во релативно трајни партнерски врски. Со оглед на тоа дека станува збор за студенти на завршни студиски години, не е изненадување што значаен дел од студентите, како социјално условен след на нештата, го

наведуваат и нагласуваат формирањето семејство. Ваквите наоди се неконзистентни со наодите на Мартиндејл (1999), за тоа дека професијата, кај уметниците и научниците, завзема централна позиција во сликата за себе. Ако се имаат во предвид овие наоди, се очекува кај студентите по природно-математички науки, на прво или барем на второ место, да биде сознајната вредносна ориентација. *Табела 24* покажува дека сознајната вредносна ориентација има ранг 3, што можеби и не изгледа како низок ранг, меѓутоа само 7 испитаника или 10 проценти, навеле дека најмногу сакаат да се бават со и да бидат посветени на науката: да се занимаваат со истражувања, да стекнат што повеќе знаења, постојано да осознаваат нови нешта за светот, природата и човекот. Интересен е и наодот дека второ рангирана е материјалната вредносна ориентација, што значи дека значаен дел од студентите по природно-математички науки сакаат да се занимаваат со добро платена работа, која ќе им обезбеди потполна материјална сигурност, богат и удобен живот.

Согласно *Хипотеза 8, табела 26* покажува дека прво рангирана вредносна ориентација кај студентите по ликовни уметности е естетската или ументичката. Вкупно **28** испитаника или **40** проценти од нив, навеле дека естетската ориентација најмногу им одговара. Согласно опишаниот животен стил кој ја операционализира естетската или уметничка вредносна ориентација, за студентите по ликовни уметности, најважно е да се бават со уметност: да бидат насочени кон и да уживаат во естетското и убавото; да се интересираат за уметноста и да создаваат уметнички дела; да ја најдат смислата на живеењето во и за уметноста. Ваквите резултати се согласни со наоди од претходни истражувања (Martindale, 1999; Reynolds, 2003; Ivcevic, Mayer, 2007), според кои, за уметниците е многу важно да се бават со уметност, да творат и создаваат. За нив, уметноста е највисока вредност. Хедонистичка ориентација, определена преку животен стил опишан како безгрижно и весело живеење, често забавување и уживање во задоволствата кои ги нуди животот, кај студентите по ликовни уметности е второ рангирана. Ваквите резултати се согласни со наоди од квалитативната анализа. Зборот ***ужива***, се наоѓа во петте најфекфентни зборови во *категоријата Психичко* и заедно со зборот доживување, имаат ранг 5. Во поглавјето за квалитативни податоци, наведени се

специфични тенденции, интересирања кај ликовните уметници. Значаен дел од нив директно укажуваат на склоност кон хедонизам: трошач на пари, пушач, уживател на лесни дроги и алкохол, обожавател на чоколада и слично. Добиените наоди од рангот на хедонистичката ориентација, се согласни со наоди од претходни истражувања. Во мета-анализата на Феист (1998) е најдено дека уметниците се несериозни, импулсивни и со ниска самоконтрола, склони кон разни облици на уживања, дури и злоупотреба на супстанци.

Кај студентите по ликовни уметности, трето рангирана е сентиментално-семејната вредносна ориентација, што слично со наодите за студентите може да се поврзе со развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците. Резултатите за значајност на аритметички средини, за индивидуалистичката вредносна ориентација, кај двете групи испитаници, не покажаа статистичка значајност, со што се конзистентни и наодите од рангирањето на најмногу посакувани вредносни ориентации. Од *табела 26* може да се види дека индивидуалистичката вредносна ориентација е дури петто рангирана. Меѓутоа, мошне се интересни наодите за алтруистичката ориентација, која поседува повисок ранг, односно е четврто рангирана. Наместо очекуваниот индивидуализам, наодите покажаа дека за студентите по ликовни уметности е поважно да се занимаваат со нешто што е корисно за луѓето и заедницата; да им помагаат на луѓето кога се несреќни или загрозени, дури и по цена на лично одрекување. Ваквите наоди се неконзистентни со резултатите од техниката *Кој сум јас*, за ненагласеност на *Социјалниот аспект* на сликата за себе. Несогласни се и со наоди од квалитативната анализа. Од *табела 41*, може да се види дека во себеописите на студентите по ликовни уметности, позастапени се *лични* и *присвојни заменки од прво лице еднина* (*мене, себе, мој, свој*), а далеку помалку се застапени заменики како што се *ние, наш* и слично, што јасно укажува на насоченост кон себе. Добиените резултати се несогласни и со наоди од претходни истражувања (Sheldon, 1995; Feist, 1998), кои нашле дека високо креативните особи, вклучително уметниците, се индивидуалисти, нагласено автономни и самодоволни. Ваквите наоди се уште поинтересни, ако се земе во предвид дека 5 проценти од студентите по ликовни уметности (*табела 26*), како вредносна ориентација која најмногу им одговара, дури и

пред уметничката, го навеле прометејскиот активизам. Соодветниот животен стил е опишан како силно залагање за создавање подобри и поправични односи во својата средина и во општеството; посветеност на долгорочни цели и идеи, дури и кога се наидува на отпор од средината.

Добиената разлика помеѓу аритметичките средини за индвивиуалистичката вредносна ориентација кај двете групи испитаници, се покажа како статистички незначајна. Во исто време, оваа ориентација и кај двете групи испитаници е петто рангирана. Отфрлањето на хипотезата во однос на поголема застапеност на индивидуалистичката вредносна ориентација кај студентите по ликовни уметности може да се поврзе со возраста на испитаниците од двата примерока. Индивидуалистичката ориентација, делумно е операционализирана како автономност и независност од другите. Со оглед на тоа дека во ова истражување се вклучени студенти, и кај двете групи испитаници, на оваа возраст, мошне е нагласен мотивот за независност. Во овој развоен период, се јавува нагласена тенденција кон осамостојување (првенствено психолошко или емотивно и материјално). Според тоа, не е изненадување што студентите од двете групи, подеднакво ја вреднуваат индивидуалистичката ориентација.

Во застепеноста и рангирањето на вредносните ориентации, кои двете групи испитаници ги одбрале како најпосакувани или кои најмногу им одговараат, постојат разлики. Меѓутоа, резултатите од *табела 25* и *табела 27* јасно покажуваат дека постои нагласено преклопување во застепеноста и рангирањето на дел од најмалку посакуваните вредносни ориентации кај двете групи испитаници. И студентите по природно-математички науки и студентите по ликовни уметности, најниско ги вреднуваат и за нив се најмалку посакувани религиозната ориентација (ранг 1), ориентацијата кон моќ (ранг 2) и медиумската популарност (ранг 3). Прометејскиот активизам, кај студентите по ликовни уметности се појавува во најмногу посакуваните, а кај студентите по природно-математички науки во најмалку посакуваните вредносни ориентации. Интересно е тоа што квалитативната анализа покажа дека алтруистичката и прометејската вредносна

ориентација, како најпосакувани, претежно се јавуваат во инструменти пополнети од испитанички од женски пол.

Добиените резултати за ранг 1 на религиозната ориентација како најмалку посакувана и кај двете групи испитаници, на прв поглед изгледаат неконзистентни со измерената поголема религиозност кај студентите по природно-математички науки (*Хипотеза 6*). Меѓутоа, доколку се земат во предвид резултатите за религиозноста обезбедени со двата инструмента, може да се изведе заклучок дека и студентите по природно-математички науки и студентите по ликовни уметности не се насочени кон и не ја вреднуваат религиозноста и живеењето согласно религиско учење, односно овој аспект нема нагласена позиција во нивната слика за себе и не е нагласена вредност. Меѓутоа, иако кај двете групи е забележана ниска религиозност, едноставно кажано, ликовните уметници се (уште) помалку религиозни од студентите по природно-математички науки.

## 3.7. Скица на сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по природно-математички науки

Врз основа на резултатите добиени со два инструменти за мерење на сликата за себе и еден инструмент за мерење на вредносните ориентации користени во ова истражување, како и наодите од квантитативната и квалитативна анализа и нивното поврзување со наоди од релевантни истражувања и некои теоретски сфаќања, може да се извлече заклучок за тоа какви се сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по природно-математички науки. Во кусиот и концизен опис на сликата за себе подолу, често се користени зборови или реченици извадени од себеописите.

Студентите по природно-математички науки, споредено со студентите по ликовни уметности имаат помалку сложена, поедноставна и помалку детализирана слика за себе. Кога пишуваат за себе, се повикуваат на генерални податоци: кој пол се, колку години имаат, каде се родиле и израснале, каде и со кого живеат, каде и во кое училиште завршиле основно или средно образование, што студираат и слично.

Се доживуваат како вербално флуентни. Склони се кон вербално изразување и вербална комуникација, особено со врсници и членови на семејството. Своите емоционални состојби и доживувања ги пројавуваат првенствено во рамки на социјалните релации. Кога се опишуваат себе си, најмногу се повикуваат на свои психички особини, особено црти. Насочени се кон когнитивното: мислењето, интелектот и знаењата, а помалку кон емоционалноста. Социјалните релации, особено оние со значајните други, имаат нагласена позиција во сликата за себе. Насочени се кон и посветени на социјалните улоги, функции и задачи кои ги имаат. Особено им се важни членовите на семејството, партнерот и врсниците (колеги и пријатели). Социјалната улога студент е застапена во сликата за себе, но нејзината позиција не е нагласена. Често се дел од разни социјални настани и случувања. Се доживуваат како луѓе кои имаат многу пријатели, со кои имаат блиски и отворени релации. Често излегуваат и се дружат, посетуваат кино и театар, разни кафулиња и дискотеки. Сакаат да патуваат.

Себе си, другите и релациите со нив, ги опишуваат првенствено со позитивни термини. Се доживуваат како емоционално стабилни. Немаат чести и нагласени флуктуации во расположението, ретко доживуваат негативни емоционални состојби и претежно се во позитивно расположение. Не се многу насочени кон сопствените емоционални состојби, а доживувањата за нив немаат големо значење. Сметаат дека се добри студенти и имаат добри оценки. Во однос на студирањето се доживуваат како одговорни, работливи и темелни. Не постапуваат нечесто, не земаат работи кои не им припаѓаат и ретко лажат. Другите можат да сметаат на нив, доверливи се и ги исполнуваат ветувањата. Умерено се религиозни, но важен им е духовниот развој. Се идентификуваат со религиската заедница на која и припаѓаат. Меѓутоа, ретко одат во црква или се дел од религиски настани. Позитивно се вреднуваат и се ценат себе си. Се прифаќаат онакви какви што се, иако известуваат за повремен пад во себепочитувањето и негативни менувања во сликата за себе.

Особено им е важно да имаат во животот лице кои ќе го сакаат и кое нив ќе ги сака и со него да формираат семејство на кое ќе бидат целосно посветени. Високо ја вреднуваат материјалната сигурност и независност. Сакаат да имаат добро платена работа, која ќе им обезбеди богат и удобен живот. Сакаат да се бават со наука, да истражуваат и постојано да стекнуваат нови знаења. Воопшто не сакаат да го посветат животот на Бога или да живеат во согласност со некое верско учење. Не сакаат за бидат на раководни места во општеството или да бидат доминантни и да даваат наредби. Не сакаат да станат познати, да се појавуваат во медиуми и да имаат обожаватели.

## 3.8. Скица на сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по ликовни уметности

Студентите по ликовни уметности имаат посложена и подетализирана слика за себе. Кога се опишуваат себе си, не користат голем број на зборови, но се опишуваат со бројни разни зборови, кои се клучни или релевантни за сликата за себе. Ретко наведуваат општи податоци за себе, како што се пол, возраст или место на живеење. Не се склони кон вербално изразување, дури имаат отпор кон пишувањето. Не се придржуваат кон упатства и насоки дадени од други, дури и кога станува збор за авторитетни особи.

Нивните себеописи во најголем дел се состојат од психички особини, состојби, компоненти, функции и слично. Насочени се кон сопствениот внатрешен свет. Поседуваат нагласена свесност, имаат увид во и ги препознаваат сопствените доживувања и емоционални состојби. Известуваат и за позитивни и за негативни, често и за конфликтни и меѓусебно спротивставени емоционални доживувања. Се доживуваат како нагласено емоционални и ги вреднуваат доживувањата. Честите и интензивни емоционални доживувања се поврзани со емоционална нестабилност и турбулентност. Кон когнитивното не се многу насочени. Социјалните случувања и настани не ги интересираат многу. Општеството го доживуваат како туѓо, често опресивно. Сметаат дека општествениот систем има бројни недостатоци, а најмногу им пречи тоа што сметаат дека кон нив и други луѓе е направеден. На светот гледаат како на убаво, интересно и предизвикувачко место за живеење, но во него често се случуваат лоши работи. Особено кога е во прашање добросостојбата на луѓето. Кон другите луѓе не се особено насочени. Менталните репрезентации на Значајните Други се дел од сликата за себе, но релациите со нив немаат нагласена позиција. Во нивните себеописи едвај да се споменуваат дури и релациите со членовите на семејството. Понагласени се насоченоста кон себе и кон уметноста. Силно се идентификуваат со професијата и она што го работат. Се определуваат себе си како како уметници. Делот на сликата за себе кој може да се нарече *Јас како уметник*, во нивната слика за себе има централна позиција. Сопствените уметнички тенденции, интересирања, знаења, способности и вештини, како и

себедоживувањето и себеопределувањето како уметник, им се особено важни. Сметаат дека да се биде уметник е многу повеќе од студирање уметност. Уметноста е начин на живеење.

Поседуваат нагласени перцептивни и способности за набљудување. Љубопитни се. Наоѓаат убавина насекаде околу нив, а најмногу во секојдневието. Насочени се кон и го ценат убавото. Се доживуваат како активни и полни со енергија. Истрајни се и посветени на она што го работат. Подготвени се за долги часови работа и често тоа го прават. Бавењето со уметност, творење и создавањето ги исполнува. Најмногу затоа што им нуди можност за самоекспресија. Мотивацијата почесто ја наоѓаат во себе, а поретко надвор од себе. Често се сами и склони се кон индивидуални активности: прошетка во природа, посета на некое блиско место и секако, цртање, сликање или вајање. Ги сакаат животните и природата. Не се доживуваат како друштвени или комуникативни. Не сакаат случувања каде има голем број на луѓе. Исклучок претставува посетувањето изложби. Ретко одат на забави, во кафулиња или дискотеки. Сметаат дека имаат мал број на пријатели, но со нив имаат блиски релации. Најмногу, речиси исклучиво се дружат со други уметници. Склони се кон позитивни естетски вреднувања и негативни социјални вреднувања.

Се доживуваат како успешни студенти. Амбициозни се и посветени. Позитивната академска слика за себе која ја имаат, генерално ја поврзуваат со сопствените способности или со тоа што студираат во областа која најмногу ги привлекува и го претставува она што за нив најважно- уметноста. Мотивот за себеунапредување и особено мотивот за себепотврдување (првенствено како уметник) кај нив се особено нагласени.

Не се доживуваат како нечесни или недоверливи. Не се религиозни и не се насочени кон религијата. Го вреднуваат духовниот развој, но сметаат дека тој не мора да биде поврзан со религиозноста, а уште помалку со следењето на верски правила, норми или обичаи.

Студентите по ликовни уметности имаа воглавно позитивно себедоживување и позитивен општ однос кон себе. Сметаат дека поседуваат и позитивни и негативни

особини, и доблести и мани, но се прифаќаат себе си како такви. Имаат високо себепочитување и нагласена самодоверба, особено во однос на академските способности, но и творењето и создавањето уметност воопшто. Во социјалните релации се несигурни и воздржани.

Најбитна во животот, за нив, е уметноста. Високо го вреднуваат естетското и убавото. Насоченоста кон и бавењето со уметност им го исполнува, дури осмислува живеењето. Не се доживуваат како воздржани и промислени и често се однесуваат или дејствуваат импулсивно. Сакаат добро да се забавуваат и да не се грижат многу за обврските или впечатокот кој го оставаат. Склони се кон разни облици на уживања: пушење, пиење аклохол, дури повремено земаат и психотропни супстанци. Важно им е да изградат блиска релација со партнер и со него да основаат семејство. Сакаат да им помагаат на другите луѓе, доколку се тие во невоља. Сметаат дека да се помогне на оној кому тоа му е потребно, е поважно од индивидуалните интереси. Во исто време, кога пишуваат за себе, далеку почесто користат лични и присвојни заменки во прво лице еднина (*јас, мене, мое, свој* и сл.), отколку заменките *ти, вие* или *ние*. Религиозноста не ја ценат и вреднуваат и не сакаат да живеат согласно верски норми и правила. Не им е важно да поседуваат моќ и да бидат влијателни. Не сакаат раководни функции во општеството. Не сакаат да бидат славни, медиумски познати и популарни.

# 4. Ограничувања на истражувањето и препораки за идни истражувања

Можноста за генерализација од примерокот на достапната популација и понатаму на предметната популација е органичена од неколку причини. Прво, во примерокот влегуваат само студенти од трета и четврта година (главниот аргумент во прилог е дека студентите од трета и четврта година се веќе изградени како уметници, односно научници- професионалци, што не може да се каже за студентите од прва година). Понатаму, во примерокот влегуваат само студенти од Факултетот по ликовни уметности од Скопје и само студенти од македонска етничка припадност. Истото се однесува и на студентите по природно-математички науки.

Главното ограничување на ова истражување се однесува на големината на примероците. Непотврдувањето на *Хипотеза 2* е одредено од грешката поврзана големината на примерокот. Во ова истражувања, двата примерока се состојат од по 70 испитаници, што се покажа како недоволно голем број за достигнување статистичка значајност. Поголемиот примерок би довел до посигурни заклучоци и во однос на останатите хипотези. Препорака за идни истражувања е да бидат спроведени врз поголем број на испитаници.

Во ова истражување се вклучени студенти по природно-математички науки и студенти по ликовни уметности. Некои од добиените резултати, согласно наоди од претходни истражувања, покажа дека ликовните уметници и научниците, покрај најдените разлики, поседуваат и бројни слични особини. Според тоа, препораката за идни истражувања би се однесувала на вклучување уште една или две групи испитаници (пр. студенти по технички или правни науки), како би се издвоиле и нагласните добиените разлики кај двете групи испитаници, а сличностите евентуално би се потврдиле. Ограничување на истражувањето е и тоа што е спроведено само врз студенти од трета и четврат година. Препорака за идно истражување е наместо (или освен) студенти, во истражувањето да се вклучат научници или уметници - професионалци и да се направи споредба помеѓу сликата за себе и вредностите кај едните и другите.

Резултатите од ова истражување (особено наодите од квалитативната анализа) покажа одредени тенденции поврзани со полот на испитаниците и насоката на која студираат кај секој од факултетите (пр. поголема насочененост кон социјалното или кон алтруизам и прометејски активизам кај ликовните уметници од женски пол или понагласени хедонизам и насоченост кон материјалното кај студентите на географија, од машки пол). Меѓутоа, во ова истражување, не се бараа разлики помеѓу половите, што би било препорака за идни истражувања. Освен тоа, би можеле да се направат и споредби помеѓу насоките на студирање, за секој од факултетите: на пример, дели постојат разлики или сличности во сликата за себе и вредностите помеѓу студентите на насоката сликарство и оние на вајарство или помеѓу студентите на насоката математика, со оние на билогија, хемија или географија? Исто така, во однос на наодите за попозитивна академска слика за себе кај ликовните уметници, интересно би било доколку во идно истражување се добијат и објективни податоци за академскиот успех, па тие се споредат со себедоживувањето за успешноста како студент.

## 5. Резиме

*Сликата за себе* претставува сложена психичка појава, составена од бројни себепретстави, знаења, верувања, ставови и односи за и кон себе, заедно со себевреднувањето и чувствата кои се поврзани со него. Има описно-репрезентативен и вредносно-евалуативен аспект. *Вредности* или *вредносни ориентации* се вид на верувања, во однос на тоа кои резултати или облици на дејствуање се посакувани или добри. Во суштина, станува збор за позитивни вреднувања и насоченост кон основните човекови вредности: здравје, љубов, интерперсонални релации, пари, моќ, убавина и уметност, знаења и наука, религија и слично. Вредносните ориентации често се опрерационализираат како животни стилови.

Во ова истражување, направена е споредба во однос на сликата за себе и вредносните ориентации кај студенти по природно-математички науки и ликовни уметности. Вклучени се вкупно 140 студенти, од трета и четврта студиска година, на возраст од 20 до 24 години. Испитаниците се поделени во две групи, согласно насоката на студирање: 70 студенти на Природно-математичкиот факултет од Скопје и 70 студенти на Факултетот за ликовни уметности од Скопје. За мерење на сликата за себе користени се два инструменти: *Прашалник за себеопис 3 (Self Description Questionnaire III- SDQ III)* и *техниката "Кој сум јас?".* Вредносните ориентации се мерени со *Скалата за претпочитани животни стилови.*

Врз добиените податоци е спроведена квантитативна и квалитативна анализа. За обработка на квантитативните податоци користен се компјутерските програми SPSS и Statistica. Поголем дел до поставените хипотези целосно или делумно се прифатија. Мал дел не се прифатија. Наодите покажаа дека студентите по ликовни уметности, споредено со студентите по природно-математички науки, имаат посложена слика за себе, а аспектите кои се однесуваат на сопствени психички особини, состојби, компоненти, функции и слично или на надворешни активности, дејствување и поведение, кај нив се понагласени. Ликовните уметници се доживуваат како луѓе насочени кон сопствениот внатрешен свет, особено кон сопствените емоционални состојби и доживувања, без

разлика дали се тие со позитивен или негативен предзнак. Известуваат за чести, силни и неретко конфликтни емоционални доживувања. Поседуваат поголема свесност за своите психички особини. Ги препознаваат и прифаќаат и сопствените слаби страни и недостатоци. Почесто ги пројавуваат своите чувства и емоции, но не во социјален контекст, туку првенствено преку делата кои ги создаваат или преку самиот творечки процес. Се доживуваат како мошне активни, со високо ниво на енергија. Кон социјалното не се многу насочени. Социјалните релации и улоги на кои се посветени, немаат нагласена позиција во нивната слика за себе и особено не ги вреднуваат. За споредба, за студентите по природно-математички науки, социјалните релации и улоги се од големо значење.

Аспектот од сликата за себе кај студентите по ликовни уметности, кој се однесува на социјалното, не е нагласен. Исклучок претставува професијата: студирањето и бавењето со уметност. Ликовните уметници се идентификуваат со професијата и она што го работат, а делот кој може да се нарече *Јас како уметник*, има централна позиција во нивната слика за себе. Имаат попозитивна академска слика за себе и попозитивен општ однос кон себе. Поседуваат поголема свесност за сопствените психички особини, вклучително негативни. Се прифаќаат онакви какви што се. Студирањето уметност за нив е од големо личносно значење и со професијата силно се идентификуваат. Посветени се на она што го работат и се доживуваат како успешни студенти. Академскиот успех го поврзуваат со целосната посветеност на она што го сакаат најмногу (уметноста), но и на сопствените способности и некои особини (истрајност, енергичност, мотив за себедокажување и себеостварување и слично). И студентите по природно-математички науки се доживуваат како успешни студенти, но кај ликовните уметници тоа е понагласено. Понегативниот општ однос кон себе кај студентите по природно-математички науки може да се поврзе со понегативната академска слика за себе, но и тоа што тие се понасочени кон сопствените слабости, недостатоци или кон она што им недостасува, а сопствените слаби страни или негативни особини не ги прифаќаат.

Студентите по ликовни уметности се склони кон хедонизам, односно разни облици на телесно и сетилно уживање. Насочени се кон духовното и спиритуалниот развој високо го вреднуваат, но не се религиозни или дел од некое религиско учење. Насочени се кон и високо ги вреднуваат естетското и уметноста. Студентите по природно-математички науки се повеќе насочени кон и посветени на социјалните улоги, функции и задачи кои ги имаат. Менталните репрезентации на *значајните други* и односите со нив, имаат нагласена позиција во нивната слика за себе. Важно им е мислењето кое другите го имаат за нив, а потребите на значајните други често ги ставаат пред сопствените. Емоционалните доживувања најчесто ги пројавуваат во социјален контекс, а најчест облик на себеизразување кај нив е вербалниот. Се доживуваат како емоционално постабилни и порелигиозни од ликовните уметници. Помеѓу двете групи испитаници не се најдени значајни разлики во однос на категоријата квалитативни вреднувања, чесност или доверба и индивидуалистичката вредносна ориентација.

## Литература


- Ahmed, W. and Bruinsma, M. (2006). A structural model of self-concept, autonomous motivation and academic performance in cross-cultural perspective. *Electronic Journal of Research in Educational Psychology,10,* 551-576

- Baltes, B.P., Glück, J., and Kunzmann, U. (2002). Wisdom:Its structure and function in regulating successful life span. In Snyder, R.C. and Lopez, J.S. (Eds.). *Handbook of Positive Psychology*(pp. 327-347). Oxford: Oxford University Press

- Baumeister, R.F. (1998). *The self.*InGilbert, D.T., Fiske, S.T. and Lindzey, G. (Eds.) *Handbook of social psychology*(*4th ed.)*(pp. 680-740). New York: McCraw-Hill

- Baumeister, R.F. *Self-concept, self-esteem and identity.*Преземено на 11 февруари 2011 одhttp://www.tandf.co.uk/journals/pp/selfandidentity.html

- Boeree, G. (2006). *Personality Theories.*Преземено на 4 октомври 2012 од http://www.ship.edu/%Eegboeree/persontents.html

- Brown, J. D. and Marshall, M. A. (2006). The three faces of self-esteem. In Kernis, M. (Ed.),*Self-esteem: Issues and answers (pp.* 4-9). New York: Psychology Press.

- Bruno, P. (2000). The artist and the self. *IWM Junior Visiting Fellows Conferences, 9,* 2-12

- Buhrmester, D.M., Blanton, H., and Swann, B.W. (2011). Implicit self-esteem: Nature, measurement, and a new way forward. *Journal of Personality and Social Psychology, 100,* 365-385

- Burleson, K., Leach, W.C. and Harrington, M.D. (2005). Upward social comparison and self-concept: Inspiration and inferiority among art students in an advanced programe. *British Journal of Social Psychology, 44*, 109-123

- Byrne, M.B. (1988). Self-Description Questionaire III: Testing for equivalent factorial validity across ability. *Educational and Psychological Meassurement, 48*, 397-406

- Byrne, M.B. (2010). Measuring adolescent self-concept: Factorial validity and equivalency of the Self-Description Questionaire III across gender. *Multivariate Behavioral Research, 23*, 361-375

- Vispoel, P.W. and Fast, E.E. (2000). Response biases and their relation to sex differences in multiple domains of self-concept. *Applied Measurement in Education*, *13*, 79-97

- Wilson, T.D. and Dunn, E. (2004). Self-knowledge: Its limits, value and potential for improvement. *Annual Review of Psychology, 55*, 493-518

- Gecas, V.M. and Schwalbe, M.L. (1983). Beyond the looking-glass self: Social structure and efficacy-based self-esteem. *Social Psychology Quarterly, 46*, 77-88

- Gelade, A.G. (2002). Creative style, personality and artistic endeavor. *Genetic, Social, and General Psychology Monographs,128*, 213-234

- Giddens, A. (1991). *Modernity and self-identity: Self and society in the late modern age*. Cambridge: Polity

- Greenwald, A.G. and Pratkins, A.R. (1984). The self. InWyer, R.S. and Srull, T.K. (Eds.).*Handbook of social cognition*(). Hillsdate, NJ: Erbaum

- Dollinger, S. J. (2007). Creativity and conservatism. *Personality and Individual Differences, 43*, 1025-103
- Epstein, S. (1973). The self-concept revisited: Or a theory of a theory. *American Psychologist,28*, 404-414
- Zimmerman, B. (2000). Self-efficacy: An essential motive to learn. *Contemporary Educational Psychology, 25,* 82-91
- Ivcevic, Z. and Mayer, J.D. (2007). Creative types and personality. *Imagination, Cognition and Personality, 26*, 65-86
- Ivcevic, Z. and Mayer, J.D. (2009). Maping dimensions of creativity in the life-space. *Creativity Research Journal, 21*, 152-165
- Јанаков, Б. (1991). *Самосвест и лексика. Покушај лексичког приступа себству. Развојно истраживање.* Необјавена докторска дисертација, Универзитет у Београду
- Јанаков, Б. (2003). *Современа психологија на личноста.* Скопје: ЦРСП
- Јанаков, Б. (2011). Личност: основи на персонологијата. (Работен материјал, 8.издание)
- Jung, G. K. (1984). *Odbrana dela K.G. Junga. Psihološke rasprave, treto izdanje*. Novi Sad: Matice srpske
- Koch, E. and Shepperd, J.A. (2004). Is self-complexity linked to better coping? A review of the literature. *Journal of Personlity, 72*, 727-760

- Krizan, Z., and Suls, J. (2003*). Self-esteem and personality: The (ir)relevance of implicitself-esteem.* Manuscript in preparation, University of Iowa

- Kuzmanovič, B. (1995). Uvodna razmatranja za istraživanje promenavrednosnih orientacija mladih u Srbiji. *Psihološka istrazivanja, 7,9-19*

- Lee, L.F. and Yeung, S.A. (2007). *Specififity of components of self-concept.* Sydney: University of Western Sydney

- Litster, M.K. (2007). *The self-concept of gifted and non-gifted students: A meta-analysis.*Unpublished master thesis,University of Victoria

- Locke, A.E. (2002). Setting goals for life and happiness. In Snyder, R.C. and lopez, J.S. (Eds.). *Handbook of Positive Psychology*(pp.299-312). Oxford: Oxford University Press

- Lukovič, S. i Čizmič, S. (2012). Povezanost preferencija životnih stilova i profesionalnih interesiranja petnaestogodišnjaka. *Primenjena Psihologija, 1,* 81-108

- Maggi, S. (2011). Italian version of the Self-Description Questionaire III. *International Journal of Testing, 1,* 245-148

- Marsh, W.H. (1990). The structure of academic self-concept: The Marsh/Shavelson model. *Journal of Educational Psychology, 82*, 623-636

- Marsh, W.H. (2005). Self-Description Questionaire III: The Construct Validity of Multi-dimensional self-concept ratings by late adolescents. *Journal of Educational Meassurement, 21*, 153-174

- Marsh, W.H. and Parker, P. (2006). *Juxtaposition of Multi-dimensional Self-concept and Personality Constructs in Educational Settings: Construct Validity in Relation to Academic Outcomes*. Sydney: SELF research Centre

- Marsh, W.H. and Yeung, S.A. (1998). Top-down, bottom-up, and horizontal models: The direction of causality in multidimensional, hierarchical self-concept models. *Journal of Personality and Social Psychology, 75*, 509-527

- Martindale, C. (1999). Art and artists. In Runco, A.M. and Pritzker, R.S. (Eds.) *Encyclopedia of creativity* (vol.1) (pp. 9-22). San Diego: Academic Press

- McAdams, P.D. and Pals, L.J. (2006). A new Big Five: Fundamental principles for an integrative science of personality. *American Psychologist, 61*, 204-217

- McAdams, P.D. (2008). Personal naratives and the life story. InJohn, P.O., Robins, W.R. and Pervin, A.L. (Eds.). *Handbook of personality: theory and research (3$^{th}$ed.)*(242-264). New York: The Guilford Press

- McCrae, R.R. and Costa, T.P. (2008). The five-factor theory of personality.InJohn, P.O., Robins, W.R. and Pervin, A.L.(Eds.). *Handbook of personality: theory and research(3$^{th}$ed.)*(159-181). New York: The Guilford Press

- Neff, R.O. and Vonk, R. (2009). Self-compassion versus global self-esteem: Two different ways of relating onself. *Journal of Personality, 77*, 23-50

- Nye, D.R. (2000). *Three psychologies: Perspectives from Freud, Skinner, and Rogers, 6$^{th}$ edition.* Ontario: Wadswort/Thomason Learning

- O'Connor, J. (2006*). Exploring the self-concept and identity of Sydney conservatorium students with and without absolute potch.* Unpublished master thesis, University of Sydney

- O'Mara, A.J. (2003). *Evaluating self-conceptinterventions from a multidimensional perspective: A meta-analysis*. Unpublished master thesis, University of Western Sydney

- Пендаровски, М. (2005). *Застапеност на некои аспекти на реална, идеална и нормативна слика за себе кај луѓе кои практикуваат вежби за телесен развој*– Необјавен магистерски труд, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

- Pesticelli, D. (1996). *An analysis of Carl Rogers' Theory of personality*. Преземено на 12 мај 2012 одhttp//www.oandc.ca/?cat=carl_rogersfpage=rogerian_therapy

- Petrovič, J. i Zotovič, M. (2009). *Adolescenti u Srbiji: U traganju za novim vrednostima*. Novi Sad: Univerzitet u Novom Sadu

- Popadič, D. (1995). Uzrasne I generacijske razlike u prefereniji životnih stilova. *Psihološka istraživanje, 7*, 71-88

- Prentice, D.A. (2000). *Values*. In Kazdin, E.A. (Ed.)*Encyclopedia of psychology, vol.10.*New York: Oxford Univerity Press

- Rafaeli-Mor, E., Gotlib, I.H., and Revelle, W. (1999). The meaning and measurement of self-complexity.*Personality and Individual Diferences 27,* 341-356

- Rafaeli-Mor, E. and Steinberg, J. (2002). Self-complexity and well-being: A review and research synthesis. *Personality and Social Psychology Review, 6*, 31-58

- Reber, S.A. and Reber, S.E. (Eds.).(2010). *Rečnik psihologije*. Beograd: Službeni glasnik

- Reynolds, F. (2003). Conversation about creativity and chronic illness I. *Creativity Research Journal, 15,* 393-407

- Robins, W.R., Tracy L.J. and Trzesniewski, H.K. (2008). Naturalizing the self. InJohn, P.O., Robins, W.R. and Pervin, A.L. (Eds.) *Handbook of personality: theory and research(3$^{th}$ed.)* (421-447). New York: The Guilford Press

- Robinson, D.M. and Sedikides, C. (2009). Traits and the self: Toward an integration. In Corr, J. P. and Matthew, G. (Eds.). *The Cambridge Handbook of Personality Psychology* (457-472). Cambridge: Cambridge University Press

- Roccas, S. and Sagiv, L. (2009). Values. In Lopez, J.S. (ED.). *Encyclopedia of Positive Psychology* (pp. 1002-1008). Oxford: Wiley-Blackwell

- Rogers, C.R. (1961). *On becoming a person: A therapist view of psychotherapy*. Boston: Houghton Mifflin

- Rosenberg, M., Schooler, C., Schoenbach, C., and Rosenberg, F. (1995). Global self-esteem and specific self-esteem: Different concepts, different outcomes. *American Sociological Review, 60,* 141-156

- Runco, M.A. (2004). Creativity. *Annual Review of Psychology, 55*, 57-87

- Ryan, R.M., LaGuardia, J.G. and Rawsthorne, L.J. (2005). Self-compexity and the authenticity of self-aspects: Effects on well being and resilience of stresfull events. *Nort American Journal of psychology, 7,* 431-416

- Simonton, D.K. (1999). Significant samples: the psychological study of eminent inviduals. *Psychologycal Methods, 4,* 425-451

- Smith, M. B. (1991). *Values,Self & Society: Toward a humanist social psychology.* New York: Transaction Piblishers

- Sternberg, J.R. (2006). The nature of creativity. *Creativity Research Journal, 18,* 87-98

- Suls, J., and Krizan, Z. (2005). On the relationships between explicit and imlicit global self-esteem and personality.In Marsh, H., Craven, R.G., and Mclnerney, D.M. (Eds.). *New Frontiers of Self Research(Vol. 2)* (pp. 75-94). Greenwich, CT: Information Age

- Schleicher, D. and McConell, A.R. (2005). The complexity of self-complexity: An associated sitems theory approach. *Social Cognition, 25,* 387-416

- Schnabel, K. (2004). *Implicit personality self-concept*: *Assessment and validation, Dissertation.* Berlin: Humbolt-Universität

- Schimmach, U. and Diener, E. (2003). Predictive validity of explicit and implicit self-esteem for subjective well-being. *Journal of Research in Personality, 37,* 100-106

- Schwanzer, A. (2002). *Entwicklung und validierung eines deutschsprachigen instruments zur erfassung des selbstconzepts junger ervachsener.* Berlin: Max-Planck-Institut fur Bildungsforschung

- Schwartz, H.S. (2012). Basic human values: An overview. *Online Readings in Psychology and Culture, 2,* art. 11

- Shavelson, R.J. and Bolus, R. (1981). Self-concept: The interplay of theory and method. *Journal of Educational Psychology, 74,* 3-17

- Sheldon, M.K. (1995). Creativity and self-determination I personality. *Creativity Research Journal*, *8*, 25-36

- Sheldon, M.K. (1999). Conformity. In Runco, A.M. and Pritzker, R.S. (Eds.) *Encyclopedia of creativity( vol. 1)* (pp. 341-346). San Diego: Academic Press

- Sheldon, M.K. (2009). Authenticity. In Lopez, J.S. (Ed.). *The encyclopedia of positive psychology (vol. 1*) (pp.75-78). Oxford: Wiley-Blackwell

- Sheldon, M.K. (2009). Actualizing tendency. In Lopez, J.S. (Ed.). *The encyclopedia of positive psychology (vol. 1*) (pp.7-9). Oxford: Wiley-Blackwell

- Такашманова-Соколовска, Т. (1998). *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата.* Скопје: Графохартија

- Todorovič, D., Zlatanovič, Lj., Stoiljkovič, S. i Todorovič, J. (2009). *Povezanost perfekcionizma za samopoštovanjem I depresivnošču kod studenata.* Niš: Filozofski fakultet, Godišnjak za psihologiju, 6, 173-184

- Faria. L. (1996). Marsh's Self-Description Questionaire III: Adaptation study with Portuguese college students. *Social Behavior and Personality: An International Journal, 24,* 343-352

- Feist, J.G. (1998). A meta-analysis of personality in scientific and artistic creativity. *Personality and Social Psychology Review,2,* 290-309

- Feist, J.G. (1999). Autonomy and independence. In Runco, A.M. and Pritzker, R.S. (Eds.) *Encyclopedia of creativity (vol.1)* (pp. 157-163). San Diego: Academic Press

- Hattie, J.A. (1992). *Self-concept.* Hillsdale, NJ: Erbaum
- Helson, r. (2006). Creativity, sex, and mathematics. *Journal of Personality, 35*, 214-233
- Hol, K.S. i Lindzi, G. (1983). *Teorije ličnosi*. Beograd: Nolit
- Campbell, D. J., Trapnell, D.P., Heine, J.S., Katz, M.I., Lavallee, F.L. and Lehman, R.D. (1996). Self-concept clarity: measurement, personality correlates, and cultural boundaries. *Journal of personality and social psychology, 70,* 141-156
- Cohen, M.L. and Ambrose, D. (1999). Adaptation and creativity. In Runco, A.M. and Pritzker, R.S. (Eds.) *Encyclopedia of creativity*(vol.1) (pp. 9-22). San Diego: Academic Press
- Cronk, G. (2008). Simbolic interactionism: A "Left meadian" interpretation. *Social Theory and Practice, 2,* 313-333
- Csikszentmihalyi, M. (1996). *Creativity: The work and lives of 91 eminent people.* New York: HarperCollins
- Charyton, C. and Snelbecker, G.E. (2007). General, artistic and scientific creativity attributes of engeneering and music students. *Creativity Research Journal, 19*, 213-225

# ДОДАТОК

## ПРАШАЛНИК НА СЕБЕОПИС

Прашалникот е **анонимен** и сите добиени информации ќе му бидат на располагање единствено на истражувачот

| | | |
|---|---|---|
| Шифра: | возраст: | датум: / / |
| Пол: М Ж (заокружи) | група/насока: | |
| Национална припадност: | | |

Ова е добра можност за вас да разгледате што мислите и како се чувствувате во однос на себе. **Ова не е тест**- нема точни и погрешни одговори и секој ќе одговори на различен начин. Целта на ова е истражување е да открие како луѓето се опишуваат себе си и кои свои особини ги сметаат за најважни.

Подолу е наведена серија од тврдења, за кои треба да одлучите во кој степен ве опишуваат (или не ве опишуваат). Во однос на секое тврдење, одлучете во кој степен се однесува или не се однесува на вас и заокружете еден од броевите од 1 до 8 од понудената скала. Одговорете на тврдењето како што се чувствувате сега, без разлика на тоа дали некогаш порано сте се чувствувале поинаку. Обидете се да одговорите на сите тврдења.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| воопшто НЕ се согласувам | НЕ се согласувам | воглавно НЕ се согласувам | Повеќе НЕ се согласувам, од што се согласувам | Повеќе се согласувам, од што не се согласувам | Воглавно се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Повеќето математички проблеми се интересни и предизвикувачки | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 2 | Моите родители НЕ се многу религиози луѓе | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 3 | Општо земено, многу се почитувам себе си | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 4 | Често кажувам мали лаги, за да одбегнам мали непријатности | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 5 | Добивам големо внимание од припадниците на спротивниот пол | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 6 | Кога се обидувам да напишам нешто, тешко се изразувам себе си | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 7 | Вообичаено сум прилично смирен/а и опуштен/а | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 8 | Додека растев, на нештата скоро никогаш НЕ гледав онака како што гледаа моите родители | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 9 | Со задоволство ги извршувам обврските по скоро сите академски предмети | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 10 | Никогаш не сум дошол/а до решение на некој проблем, кое не било веќе смислено | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 11 | Имам привлечно тело | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 12 | Имам неколку пријатели од ист пол на кои навистина можам да се потпрам | 1 2 3 4 5 6 7 8 |
| 13 | Јас сум добар атлет | 1 2 3 4 5 6 7 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| воопшто НЕ се согласувам | НЕ се согласувам | воглавно НЕ се согласувам | Повеќе НЕ се согласувам, од што се согласувам | Повеќе се согласувам, од што не се согласувам | Воглавно се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Сум се двоумел/а дали да изберам курсеви кои вклучуваат математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 15 | Јас сум религиозна личност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 16 | Општо земено, ми недостасува самодоверба | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 17 | Луѓето секогаш можат да сметаат на мене | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 18 | Тешко ми е да се сретнам со припадници на спротивниот пол кои ми се допаѓаат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 19 | Можам да пишувам мошне добро | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 20 | Често сум загрижен/а | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 21 | Би сакал/а да ги воспитувам моите деца на начин на кој моите родители ме воспитувале мене | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 22 | Сум учел/а голем број академски предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 23 | Добар/а сум во комбинирање идеи на начин на кој другите не се обиделе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 24 | Грд/а сум | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 25 | Не ми е проблем да разговарам со припадници на истиот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 26 | Трапав/а сум и некоординиран/а во повеќето спортови и физички активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 27 | Општо земено, на часовите по математика бев подобар отколку на останатите часови | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 28 | Религиозните верувања НЕ се дел од мојата животна филозофија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 29 | Општо земено, се прифаќам себе си | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 30 | Да се биде чесен НЕ ми е особено важно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 31 | Имам многу пријатели од спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 32 | Имам сиромашен речник | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 33 | Среќен/а сум поголемиот дел од времето | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 34 | Сеуште имам многу нерешени проблеми со моите родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 35 | Ми се допаѓаат повеќето од академските предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 36 | Би сакал/а да сум поимагинативен и пооригинален | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 37 | Имам добра телесна градба | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 38 | Не е сложувам баш најдобро со припадниците од мојот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 39 | Имам добра кондиција и сила за спорт и физички активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 40 | Математиката прави да се чувствувам непријатно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 41 | Религиозните верувања го прават мојот живот подобар и ме прават посреќен | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 42 | Општо земено, НЕ се почутувам многу | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 43 | Скоро секогаш ја кажувам вистината | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 44 | На моите пријатели им е попријатно во друштво на припадници на спротивниот пол, отколку на мене | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 45 | Јас сум страствен читач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 46 | Вознемирен/а сум во поголемиот дел од времето | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 47 | Моите родители вообичаено се несреќни и разочарани од она што го правам и сум го правел | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 48 | Имам проблеми со повеќето од академските предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 49 | Уживам да испробувам нови начини за решавање на проблемите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 50 | Има многу нешта во мојот изглед кои би сакал/а да ги променам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оопшто НЕ се огласувам | НЕ се согласувам | воглавно НЕ се согласувам | Повеќе НЕ се согласувам, од што се согласувам | Повеќе се согласувам, од што не се согласувам | Воглавно се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51 | Лесно се спријателувам со припадници на мојот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 52 | Практикувам спортски и физички активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 53 | Прилично сум добар/а во математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 54 | Моите религиозни верувања ја даваат патеката по која се движи мојот живот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 55 | Општо земено, имам висока самодоверба | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 56 | Понекогаш земам работи кои НЕ ми припаѓаат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 57 | Немам проблем да разговарам со припадници на спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 58 | Не се снаоѓам најдобро на тестови кои бараат високи вербални способности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 59 | Скоро никогаш не се чувствувам депресивно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 60 | Моите вредности се слични со тие на моите родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 61 | Добар сум во повеќето од академските предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 62 | Не сум многу добар/а во решавањето проблеми | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 63 | Мојата телесна тежина е нормална (не сум ниту премногу дебел, ниту премногу слаб) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 64 | Припадниците мојот пол ме сметаат за досаден | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 65 | Во спортските и физичките активности имам високо ниво на енергија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 66 | Тешко ми е да разберам било што засновано на математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 67 | Постојаниот спиритуален/религозен развој за мене е од големо значење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 68 | Општо земено, имам многу добра слика за себе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 69 | Никогаш не мамам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 70 | Прилично сум срамежлив/а со припадниците на спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 71 | Во споредба со повеќето луѓе, моите вербални вештини се прилично добри | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 72 | Често сум многу напнат/а и вознемирен/а | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 73 | Моите родители никогаш многу не ме почитувале | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 74 | Не сум особено заинтересиран за повеќето академски предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 75 | Имам висока интелектуална љубопитност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 76 | Не ми се допаѓа како изгледам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 77 | Често се дружам со припадници од мојот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 78 | Не сум многу добар во било која активност која бара физички способности и координација | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 79 | Отсекогаш добро ми одело на часовите по математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 80 | Ретко или никогаш не практикувам медитација или молитва | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 81 | Општо земено, ништо од она што го правам нема големо значење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 82 | Да се биде нечесен често е помалото од двете зла | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 83 | Лесно се спријателувам со припадници од спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 84 | Често имам потреба повеќе пати да прочитам некоја работа, пред да ја разберам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 85 | Не поминувам многу време грижејќи се за разни нешта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 86 | Кога бев помлад/а, моите родители кон мене се однесуваа праведно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 87 | Брзо ги сфаќам повеќето академски предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 88 | Не сум многу оригинален во моите идеи, мисли и акции | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 89 | Имам пријатно/симпатично лице | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оопшто НЕ се огласувам | НЕ се согласувам | воглавно НЕ се согласувам | Повеќе НЕ се согласувам, од што се согласувам | Повеќе се согласувам, од што не се согласувам | Воглавно се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | Нема многу луѓе од мојот пол на кои им се допаѓам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Сакам кога напорно се ангажирам во спортски и физички активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 2 | Никогаш НЕ се покажував добро на тестови кои вклучуваа математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 3 | Јас сум подобра личност, благодарение на моите религиозни верувања | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 4 | Општо земено, имам прилично позитивни емоции во однос на себе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 5 | Јас сум многу чесна личност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 6 | Често ми било непријатно во односите со спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 7 | Добро и лесно се изразувам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 8 | Често сум депримиран/а | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | Често ми било тешко да разговарам со родителите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 00 | Ги мразам повеќето академски предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 01 | Јас сум имагинативна личност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 02 | Би сакал/а да сум физички попривлечен | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 03 | Популарен/а сум помеѓу припадниците на мојот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 04 | Слаб/а сум во повеќето спортови и физички активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 05 | На училиште, пријателите секогаш од мене бараа да им помогнам околу задачите по математика | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 06 | Јас сум во суштина атеист, и НЕ верувам дека постои битие кое е повозвишено од човекот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 07 | Општо земено, имам многу лоша слика за себе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 08 | Не би ми било проблем да препишувам на тест, се додека сум сигурен дека нема да ме фатат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 09 | Не ми е проблем да ме привлекуваат припадници на спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 10 | На училиште, потешко научив да читам, во споредба со другите ученици | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 11 | Насочен сум кон тоа да бидам оптимист | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 12 | Родителите ме разбираат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 13 | Имам добри оценки по повеќето академски предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 14 | Не ме привлекува тоа да бидам пронаоѓач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 15 | Повеќето мои пријатели изгледаат подобро од мене | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 16 | Повеќето луѓе имаат повеќе пријатели од истиот пол, отколку јас | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 17 | Уживам во спортот и физичките ативности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 18 | Математиката никогаш особено НЕ ме привлекувала | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 19 | Верувам дека мојата душа, во одреден облик, ќе продолжи да постои и после смртта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 20 | Општо земено, имам прилично негативни чувства во однос на себе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 21 | Интегритетот е највисока од сите вредности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 22 | Никогаш не сум имал/а многу заедничко со припадниците од спротивниот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 23 | Лесно го разбирам тоа што го читам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 24 | Јас сум нервозна личност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 25 | Ги сакам своите родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 26 | Не би можел/а да постигнам висок академски успех, дури иако многу се потрудам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Воопшто НЕ се согласувам | НЕ се согласувам | воглавно НЕ се согласувам | Повеќе НЕ се согласувам, од што се согласувам | Повеќе се согласувам, од што не се согласувам | Воглавно се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 127 | Често наоѓам подобар начин за извршување на рутинските обврски | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 128 | Добро изгледам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 129 | Имам многу пријатели од мојот пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 130 | Јас сум човек кој повеќе сака да седи, отколку да изведува напорни активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 131 | Општо земено, правам многу работи кои се важни | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 132 | Не сум личност на која може да се потпрете | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 133 | Религиозните верувања НЕ се дел од личноста која сакам да бидам | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 134 | Никогаш НЕ сум украл нешто важно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 135 | Општо земено, НЕ се прифаќам онаков каков што сум | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 136 | Малкумина или можеби ниеден од моите пријатели НЕ е многу спиритуален или религиозен | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

# КОЈ/А СУМ ЈАС?

| | | |
|---|---|---|
| Шифра: | возраст: | датум: / / |
| Пол: М Ж (заокружи) | група/насока: | |
| Национална припадност: | | |

На листот кој се наоѓа пред вас напишете 20-тина ставки/реченици кои ќе бидат одговор на поставеното прашање: Кој/а сум јас? Замислете дека напишаното ќе го чита некој кој што не ве познава. Напишете го она за што сметате дека најдобро ве опишува, односно најмногу се однесува на вас.

Можете да ја искористите и задната страна на листот. Пожелно е да пишувате без да размислувате премногу. Пријатна работа!

## Скала за мерење на претпочитаните животни стилови

| | | |
|---|---|---|
| Шифра: | возраст: | датум: / / |
| Пол: М Ж (заокружи) | група/насока: | |
| Национална припадност: | | |

Подолу се опишани 11 животни стилови. Внимателно прочитај ги и за секој од нив одлучи во која мера ти е прифатлив како начин на живење. Откако ќе го причиташ опишаниот начин на живеење, твојот одговор означи го со знакот **X.**

| **НАЧИНИ НА ЖИВЕЕЊЕ** | **Воопшто не би сакал/а** | **Не би сакал/а** | **На можам да се одлучам** | **Би сакал/а** | **Многу би сакал/а** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да запознаам лице кое ќе го сакам и кое ќе ме сака, заедно со него да создадам семејство и целосно да му се посветам на семејството. Да ја најдам смислата на животот во семејството. | | | | | |
| 2. Да се занимавам со нешто што е корисно за луѓето. Да им помагам на луѓето кои се несреќни или загрозени, дури и по цена на лично одрекување. | | | | | |
| 3. Да се занимавам со истражување, да барам нови пронајдоци и изуми. Да стекнам што повеќе знаење. Постојано да осознавам нови нешта за светот, природата и човекот. | | | | | |
| 4. Да се занимавам со добро платена работа која ќе ми носи многу пари и потполна материјална сигурност. Да си обезбедам богат и убав живот. | | | | | |
| 5. да станам популарен, да бидам познат во спортот, музиката или забавата. Да се појавувам често на телевизија или во весници, да имам многу обожаватели. | | | | | |
| 6. Да бидам насочен кон и да уживам во естетското и убавото. Да се интересирам за уметноста и да создавам уметнички дела. Да ја најдам смислата на живеењето во и за уметноста. | | | | | |
| 7. Да се залагам упорно за создавање на подобри и поправични односи во својата средина и во општеството. Да се борам за долгорочните цели дури и кога наидувам на отпор од средината. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. Да го уредам животот така што нема да зависам од други и да не морам да се грижам за туѓи проблеми. Да се грижам пред се за себе и за својата благосостојба. | | | | | |
| 9. Да го проживеам животот што побезгрижно и повесело. Добро да се забавувам, што повеќе да уживам во задоволствата кои ги нуди животот. Заработените пари премногу да не ги штедам, туку да ги трошам на забава и разонода. | | | | | |
| 10. Да верувам во Господ и да живеам во склад со учењето за своајта вера. Да најдам мир и вистина во верата. Да бидам добар верник, да ги почитувам верските празници и обичаи. | | | | | |
| 11. Да заземам раководно место во општеството. Да имам голема моќ за да не морам јас да слушам други, туку другите да ме слушаат мене | | | | | |

Од опишаните 11 начини на живеење, одбери еден кој **НАЈМНОГУ** ти се допаѓа и неговиот број напиши го тука: _______,

а потоа одбери и еден кој **НАЈМАЛКУ** ти се допаѓа и неговиот број напиши го тука: _______